**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

На седницата претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се молат пратениците да влезат во салата, да продолжиме со работа.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристе Бислимовски, Трифун Костовски, Елеонора Петрова-Митевска, Емилија Костадинова, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Али Ахмети, Мендух Тачи, Аднан Ќахил, Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Спиро Мавровски, Ганка Самоилова-Цветановска, Љупчо Мешков, Илија Китановски, Абулади Весели и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седнцицата.

Продолжуваме по 20-та точка - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

За збор е пријавен господинот Ефтим Манев, бидејќи не е присутен тука, ве молам избришете го.

За збор се јави господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Денес пред нас имаме еден Предлог на закон за дополнување и изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Сакам да кажам дека овој закон постоеше уште во времето на комунизмот и беше еден закон многу соодветен и

добар закон и се исполни многу пати во текот на изминатите години, во годините на формирање на Република Македонија. До земање на една инвалидска пензија граѓаните на Република Македонија доаѓаа со предлог на матичниот лекар, тоа беше барање на тој лекар кога ќе увидеше дека во текот на лекувањето на пациентот нема успех во лечењето на својот пациент и се понудуваше на тој пациент да му каже дека ние не постигнавме да те излечиме до крај и вие како пациент треба да барате да одите во пензија, да се пензионирате, бидејќи еден од факторите за неуспехот на лекувањето е и работното место. Кога го говорам ова еден дел на граѓаните бараа самите да се пензионираат бидејќи тие размислуваа дека не се способни да работат, додека исто така имаше барања од самите претпријатија кои бараа работникот да се пензионира бидејќи тие мислеа дека тој ги има изгубено способностите за работа. Го велам ова бидејќи првата карика беше матичниот лекарт додека во последно време тоа беше матичниот лекар. Тој кога ги имаше сите консултации со лекарите од разни области или со експерти од разни области и кога тие констатираа дека неговото лекување е крај и не може да се излекува до крај, значи главен фактор беше работата каде што работи граѓанинот бидејќи на пензија не сум наишол да има некој пратеник или некој министер, или некој од администрацијата, или некој професор. Мнозинството барања беа од работниците кои работеле во тешки услови, во услови надвор од работното место, или подобро речено во тешки физички работни услови. Со тој закон се трудевме да го однесеме во комисии, комисии формирани од Здравствениот фонд кој ги комплетираше документите и даваше согласност. Првата комисија формирана од Комисијата за пензиски фонд. На таа комисија се одлучуваше да му се даде пензија или да не му се даде пензија. Ако му се дадеше пензијата таа беше трајна и доживотна. Доколку не му се дадеше пензија граѓанинот, работникот имаше право да се жали до владината комисија формирана од страна на Владата. Во повеќето случаи тие одлуки беа позитивни или негативни. Не велам дека немало пропусти или корупции во тие претходни комисии, но велам дека тие кои работат можат некогаш и да грешат, но пропустите беа од таа природа што не играа голема улога во стекнувањето на инвалидската пензија. Сега со новиот предлог на закон кој го поднесува министерот има една рестрикција на овие права бидејќи министерот во неговиот говор рече дека ќе се зголеми ефикасноста и објективноста на пензиите, значи ќе се спречи корупцијата, а за мене тоа не држи.

Го велам ова бидејќи измената е таква дека министерот формира неколку комисии за кои можам да кажам експерти на Манасиевски кои по давањето на првата комисија на инвалидска пензија тие се принудуваат по една година, а не повеќе од две години да се врати повторно на комисиите на Јован Манасиевски и неговите експерти за да констатираат дали оваа пензија е дадена во ред.

Би рекол дека пензиите кои ги дава првата комисија се дадени со согласност на експертите во Македонија. До сега бидејќи сегашната комисија која постои бараше секогаш за да се пензионира граѓанин документација од клиниките, односно од експертите кои работат во тие клиники. Јас би рекол дека на овој начин формирањето на надзорната комисија се врши еден прекршок и една рестрикција во однос на граѓаните на Република Македонија, бидејќи таа комисија не знам што ќе работи и какви експерти ќе бидат тие членови на таа комисија кои по една година ќе му кажат на граѓанинот, господине пациент вашата состојба видливо е подобрена и вие треба да се вратите на работа, или треба да направите дополнителни анализи и треба да одие кај разно разни други експерти. Би сакал да го прашам министерот во моментот што ќе се случи со тој грачанин на кој му се одзема пензијата по една година, а кој го има изгубено и работното место и е ориентиран на поинаква форма на живот.

Исто така мислам дека по пензионирањето, а целта е да се подобри состојбата на граѓаните на Република Македонија  дека како главни причинители е работното место. Ние претходно бидејќи сум и по професира лекар никогаш не сме ги пензионирале директно туку сме барале од комисиите да се промени работното место на пациентите. Секогаш комисиите носеле одлуки да се промени работното место, но во нивните претпријатија никогаш не е остварена таа одлука бидејќи немало каде да ги вработат и каде да ги преструктуираат на други работни места во соодветните организации. Сега се поставува прашањето, нема да се зголеми ниту ефикасноста, ниту објективноста, ниту ќе се спречи корупцијата, но според мое размислување сега ќе се зголеми корупцијата. Замислете кога ќе се врати по една година еден пензионер што ќе се случи со ова, комисијата ќе праша, кои сте вие од каде сте, како се викате и на крајот ќе му рече вашата здравствена состојба е видливо подобрена и вие треба да направите допонителни резултати во клиниката. Значи, повторно на други места да направите дополнителни анализи. Вака ќе ги принудиме граѓаните да молат во овие комисии, да ги молат овие експерти и на тој

начин ќе се зголеми и корупцијата и митото и граѓаните ќе бидат во незавидна состојба. Станува збор за граѓани, пациенти на кои им се одзема пензијата.

Исто така се плашам дека сега, и во Европа и во Германија и во Швајцарија пензионерите кои се пензионирале еднаш не им се одзема пензијата. Сега и во Македонија се зема во тие случаи, и во Германија и на Запад кога пензионерот ќе се стекнеше со пензија работејќи и на други работни места. Камо да имаме среќа работниците да работат на други работни места. Сега пензионерот пензиониран се плаши и ќе живее со еден голем страв што ќе се случи со неговата судбина по една година. Наместо ние еден пензионер кој сме го пензионирале и кој има дадено свој придонес, 30 години работел, да го пензионираме на достоен начин и да не се плаши дека ќе го загуби работното место, или ќе му се одземе пензијата и навистина да влијае на неговото здравје да се подобри, ние на овој начин негативно ќе влијаеме во однос на неговото здравје. Значи по една ипол година тој да живее во стрес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и пред да го соопштам заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Седите на своите места господа пратеници.

Почитувани пратеници, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеник, од кои 52 за, 3 воздржани, 7 против.

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 54 за, 2 воздржани и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 во новиот член 134-а став , член 3 став 7 и 8 и за додавање нов став 9 по ставот 8, член 7 и за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 13 по новиот член 191-а, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 52 пратеници гласале за, 3 пратеници гласале воздржано, 7 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 24 - Информација за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново.**

Информацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете г. Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Се јавив во својство на претставник или известител на Анкетната комисија односно Комисијата за заштита на човековите права и слободи, која што еден подолг период работеше на оваа проблематика, на оваа тожка која што денес е ставена на дневен ред. Најнапред, во име на Комисијата сакам да изразам една благодарност до вас како претседател на Собранието за брзото ставање на дневен ред на оваа точка, после доставувањето на материјалите на Анкетната комисија. Да го истакнам приоритетот на оваа точка односно на прашањето за решавањето на проблемите, на статутот, на положбата на внатрешно раселените лица во Република Македонија, особено што ова претставува и дел од Рамковниот договор,

како и едно многу битно прашање во контекст на претстојната децентрализација во Република Македонија.

Анкетната комисија после добивањето на претставките од страна на Здружението на внатрешно раселените лица од Арачиново “Зора” и од внатрешно раселените лица од Кумановско - Липковскиот регион, веднаш пристапи кон активности и формира работна група, со оглед на тежината на проблематиката и сложеноста на проблемите со кои што се соочуваат внатрешно раселените лица. Таа работна група доби задача да направи состаноци со релевантни субјекти, да ја согледа ситуацијата на терен односно во Арачиново и во Кумановско - Липковскиот регион. Истовремено преку средби и извештаи кои што беа доставени до Анкетната комисија и беа прифатени и тие извештаи ги добивте сите вие како пратеници во овој Парламент.

Првата активност која што ја имаше оваа работна група, која што работеше во име на Анкетната комисија, беше посетата на раселените лица во нивните времени престојувалишта и средба со ОБСЕ, со Меѓународниот црвен крст и со други меѓународни организации, кои што се поврзани со оваа проблематика, со цел да се добијат сите неопходни показатели и да се изготви еден вкупен наод за статусот на раселените лица.

При посетата на работната група на објектот, како што се сместени внатрешно раселените лица во Скопје “Здравко Цветковски” констатирани се следните состојби. Значи, констатирани се лоши услови на сместување, со оглед на тоа што 4 до 6 лица се сместени во една соба, неколку генерации се во една соба, со тоа што стари родители со своите деца, кои имаат малолетни деца, родители со своите полнолетни деца итн.

Понатаму, констатирани се екстремно лоши хигиенски и санитарни услови. Како факт би го истакнал податокот дека 60 лица на еден кат имаат пристап од 2 до 4 тоалети и бањи, кои што располагаат само со една машина за перење и без топла вода.

Потоа, утврдено е незадоволство во поглед на исхраната, во однос на нејзината едноличност и немањето на соодветен квалитет. Децата немаат услови за учење, со оглед на овие состојби.

При посетата на објектот “Цениќ” во Скопје, во најголема мера барањата и состојбите се слижни како и во објектот “Здравко Цветковски”, со тоа што таму има и протечување на кровови, влага и инсекти. Потоа, има отсуство на кујнски помагала,

фрижидери. Имате случај на бремена жена, во измината бременост, која е принудена да живее во училница, механички поделена со просторот во кој живее од останатиот дел од поширокото семејство. Има случај на дете заболемо од хроничен бронхитис, кое е сместено со родителите и други две деца во иста соба со други два кревети, со тоа што родителите спијат на под. Има случаи на разделени потесни семејства, сместување каде што имало место, без посебни настојувања да се спои семејството. Но, и обратно, случаи на луѓе кои не се познавале претходно или припадници на различни семејства кои се сместени во една соба. Во објектот "Кристал" во Куманово утврдена е голема пренатрупаност во собите, лоши санитарни услови и многу слични состојби како и во претходните два објекти кои што беа искажани.

Понатаму, работната група оствари посета на Арачиново, каде што оствари средба во просториите на општината Арачиново со градоначалникот на општина Арачиново, советници на советот на општината Арачиново и претседателот на месната заедница, претставници на меѓународни организации, кои што се на некој начин поврзани со проблемот на внатрешно раселените лица. Градоначалникот на Арачиново на оваа средба, господинот Решат Ферати заедно со неговите соработници даде кратка информација за селото и проблемите, со кои што се соочува селото по конфликтот во 2001 година, како и за сите населени места кои што спаѓаат во општината Арачиново. Работната група после оваа средба изврши теренска посета, која беше придружувана од претставници локалната власт и од полицијата. Притоа, утврдени се следните факти. Многу мал број на куќи на Македонци се реконструирани, иако повеќето се обележани и категоризирани од ИМЦ. Главното објаснување за тоа е дека повеќето Македонци од селото не се согласуваат да ги потпишат трипартните договори од причини кои што ги изнесе работната група во претходниот извештај и тоа, пред се, поради незадоволството од категоризацијата на објектите, заради незадоволството од предвидениот обем на реконструкција што се предвидува т.е. не се предвидува враќање во поранешната состојба, туку ограничена реконструкција. Заради нивно инсистирање да се добие обештетување од страна на државата или алтернативни привремени живеалишта, особено т.н. проект "Хиподром". Беше забележан и случај на куќа односно сопственик на куќа, која што не е опфатена воопшто од понудата за реконструкција и трипартитен договор, а што претставникот на ИМЦ кажа дека се можни и вакви пропусти. Имаше случаи на куќи кои што се реконструирани, но во кои нивните

домаќини сеуште не ги вратиле или ги посетуваат само повремено. Многу од оштетените куќи на раселените Македонци не се само оштетени, туку и ограбени и вандализирани по конфликтот. На некои од нив очигледно е дека целта не била само обично криминално ограбување со користење на отсуството на домаќините, туку при ограбувањето се настојувало максимално да се оштетат, а на некои од нив имало и заплашувачки графити, па дури и расистички закани. Претставниците на локалната власт ова го коментираа како лоша работа, но истовремено ни соопштија дека вакви расистички текстови имало и во обратна насока. Има случаи на обновени куќи или неоштетени куќи каде се отсутни домаќините Македонци, па кои постконфликтно се оштетуваат, ограбуваат, палат, случаи за кои впрочем имаше и најмногу медиумско покривање.

Работната група беше информирана од повеќе извори, особено од страна на претставниците на локалната власт, без никој сериозно тоа да го оспорува дека има случаи на реконструирање на куќите, самите домаќини на куќите да го земаат градежниот материјал што е податлив да се пренесува и го носат на други места за нивни потреби. Како од Здружението “Зора”, кое што е претставник на внатрешно раселените лица од Арачиново, така и од средбите остварени на лице место се добиваат информации за раселените Македонци од Арачиново кои доаѓаат и престојуваат во селото, некои и ефективно повеќе се во селото, отколку во привремените центри, а сеуште се водат во колективните центри. Има случаи на оние кои дење се во селото, а ноќе се враќаат во колективните центри, како и случаи на раселени семејства, во кои постарата генерација ефективно е вратена во селото, па дури и работат во селото, а помладите се во колективните центри или преселени на друго место.

Низ разговорите со раселените лица, кои сеуште живеат во колективните центри, постојано беше искажувана загриженоста за нивните животи, доколку се вратат во селото. Оваа загриженост беше покрепена со настаните кои се случија во Арачиново, особено настаните поврзани со безбедноста на полицајците, нападите на новинарите и одземањето на опремата, која до нашата посета на селото не беше пронајдена и вратена. Уништувањето на куќите и покуќнината на раселените лица, кражбите кои се случувале во континуитет, како и зачестените подметнувања на пожари, исклучиво во куќи на раселените Македонци, сите овие настани според раселените лица се порака за Македонците да не се враќаат во селото по симболична цена да ги продадат своите имоти. Продажбата на куќи и имоти на

раселените лица се врши се повеќе, а цените по кои се продаваат воопшто не соодветствуваат на нивната вредност. Дополнителна загриженост кај раселените лица предизвикува тоа што припадници на мешаните полициски патроли во селото се истите оние лица кои со оружје во рака директно учествуваа во конфликтите како припадници на ОНА, што директно влијае на намалувањето на нивната верба дека ќе имаат заштита и сигурност во селото. Куќите на поголемиот дел на раселените лица се наоѓаат во катастрофална состојба. Оние што се реновирани, сеуште не овозможуваат живеење во нив. Некои поради немање на инфраструктура, некои поради кражби, а други заради штетите кои ги претрпеле во постконфликтниот период. Исто така, има голем број на куќи кои воопшто не се реконструирани. Или се целосно уништени во конфликтот или се без покрив, прозорци, врати или се делумно уништени. Во секој случај во нив не може да се живее. Слична е и состојбата со движниот имот. Стока нема, или е убиена или е украдена. Уништени се помошните простории, со што е оневозможено одгледување на стока, како и чување на земјоделска механизација, а без овие предуслови во раселено место како што е Арачиново, каде што нема други можности за приход во семејството, освен земјоделството и сточарството, навистина не постојат никакви услови за егзистенција.

Членовите на работната група не успеаа да остварат средба со сите семејства, за кои постојат податоци дека ефективно се вратени и живеат во своите домови во селото, пред се, заради објективни причини. Сепак, беа остварени неколку посети и средби, поточно со 4 такви семејства. Од разговорите со нив се добија следните сознанија. Животот им е многу тежок, пред се, бидејќи повеќето Македонци се отсутни од селото и тоа влијае и на нивното секојдневно живеење. Главен проблем е школувањето на децата, бидејќи во селското училиште не можат да се оформат паралелки на македонски јазик заради отсуството на повеќето деца, па вратените раселени лица мора да ги праќаат децата во училиште во Скопје во населбата Автокоманда. Едно такво семејство тоа го истакна и како главна причина да размислува да го напушти селото, иако е веќе вратено во него.

Друг проблем се лошите економски услови. Ниеден од вратените не истакна некој посериозен проблем по својата безбедност, иако на неколку наврати се провлече поплаката од однесувањето на локалните деца од албанска националност, кои фрлаат камења по куќите на Македонците или дофрлаат непријатни, заканувачки зборови на улица, особено во вечерните часови. Оние

вратени Македонци, кои успеавме да ги посетиме и со нив да разговараме не сакаа многу да разговараат и да изнесуваат мислења за активностите на здружението “Зора” и низ разговорите се укажа на податокот дека наводно 90% од раселените Македонци, сепак, доаѓаат да се ги посетат имотите, но потоа се враќаат во колективните центри, како и срамежливата поплака за притисокот дека оние кои се целосно вратени ефективно живеат во селото, се сметаат за предавници. Се слушнаа и поплаки за реконструкцијата односно дека истата не оди таму каде што навистина треба да оди по приоритет, туку обратно. Се изнесе и инфорамција дека и според нивните сознанија веќе 5,6 куќи од селото во сопственост на Македонци, зборувам за тој период, се распродадени, меѓутоа, ние не можеме тоа да го провериме. Повеќето од вратените лица се луѓе од постарата генерација на семејствата, додека работната група беше информирана дека во селото се вратени само две семејства со деца на школска возраст. Овие лица живеат во тешки услови, поради немањето на инфраструктура, поради немањето на квалитетна вода за пиење, поради нецелосната реконструкција на оштетените куќи и заради тоа што заедно со нив не се вратени и не живеат нивните деца. Ова последново од причини што најголемиот дел од вратените Македонци, се постари лица.

При посетите постојано беше присутен и претставник од општината од албанската заедница, заради чие присуство се стекнуваше впечаток дека повратниците, поради страв од последици не покажуваат целосна отвореност и искреност во нивните искажувања. Во неформалните разговори со некои од овие лица, тие ги искажаа притисоците со кои се соочуваат од пукање од огнено оружје во близина на нивните домови, до директни вербални закани да го напуштат Арачиново. Особена загриженост за нивната безбедност се случуваат во ноќните часови кога можат да се движат во нивните домови.

После посетата на Арачиново работната група врз основа на задолжението од Анкетната комисија изврши посета и на населените места од Кумановско-Липковскиот регион и исто така достави извештај кој што беше усвоен од страна на Анкетната комисија.

Основна цел на посетата на Липковскиот регион беше да се добие увид на лице место за општата безбедносна состојба и состојбата со реконструкцијата на домовите како предуслови за остварувањето на основното право на внатрешно раселените лица да се вратат во своите домови. Посетата на Липковскиот регион, исто како и посетата на Арачиново беше реализирана без присуство на членовите,

затоа што имаше измени во текот на функционирањето на работната група, кои ги претставуваа политичките партии од албанскиот блок. Причините не можам да ги кажам, не знам, меѓутоа зборувам за факти.

Работната група за внатрешно раселените лица оствари средба со релевантни субјекти и институции по прашањето за внатрешно раселените лицаи се сретна на оваа тема и на оваа тема разговараше со градоначалникот на општина Куманово г. Слободан Ковачевски и градоначалникот на општина Липково г. Хусамедин Халили. Исто така, оствари средба и со градоначалникот на СВР Куманово, господинот Миле Андоновски, како и увид во работата на безбедносните сили на самото место во селата Матејче и во останатиот тој дел.

Во теренскиот дел постојано бевме во придружба и тука мора да искажеме една благодарност до Министерството за внатрешни работи што ни овозможи постојано присуство на претставници на Министерството за внатрешни работи во текот и на нашата посета во Арачиново и во текот на нашата посета на Кумановско Липковскиот регион. Истовремено, во реализацијата на ова посета учествуваа и претставници на самите внатрешно раселени лица од овој регион.

Од сите овие активности од страна на работната група беше утврдено следното. Полициската станица во село Матејче во тој период, сеуште не беше започната, ниту изградена. Во настаните во летото 2001 година исчезнало лицето Нестор Петровски, роден 1924 година, по потекло од Гостиварско, кој живеел сам и кој останал во селото, имајќи доверба во своите соселани и тоа лице до ден денешен не е пронајдено, ниту пак некаде се спомнува неговото исчезнување.

Заводот за заштита на културно-историските споменици повеќе пати се обидувал да ја реконструира и заштити црквата Свети Ѓорѓија во село Матејче која потекнува од 12-ти век, но без успех, дури и возилото на Заводот било уништено. Раселените лица не се задоволни од акцијата за собирање на оружје во Липковскиот регион. Националните обележја на Република Албанија се многу застапени, како и подигањето на споменици нападнати т.н. борци за човекови права и самото патување таму, според изјавите на некои од раселените лица, внесува чувство дека се патува во странска држава.

Новото преструктуирање на општинските организации и пренесувањето власт на истите, внатрешно раселените лица од овој регион велат дека ќе го свателе како гетоизирање на овие луѓе.

Раселените граѓани го ценат ангажирањето на ИМЦ и Владата на Република Македонија за изградба на куќите, кои што се со максимална површина од 74м2 да се реши проблемот на живот и престој во селата, меѓутоа, тие сметаат дека вредноста на нивниот е поголема, бидејќи им се уништени сите помошни простории жива стока, алат, механизација, предмети за домаќинство и дека со изградба на вакви објекти, таа штета само мининално ќе биде надоместена.

Понатаму, од нивна страна беше искажано дека ветувањето на министерот за одбрана господин Владо Бучковски дека ќе ги вработи лицата учесници во конфликтот 2001 година на страната на бранителите на Република Македонија, а од раселените лица досега не е реализирано.

Понатаму, работната група се сретна во разговорот со градоначалнкот на Куманово господинот Слободан Ковачевски, добивме оценка за сместувањето на внатрешно раселените лица во колективните центри во Куманово и беше искажан фактот дека не е на потребното  ниво, дека има недостаток од простор и други неопходни услови за подолготрајно сместување.

Исто така, беше искажана спремност Општина Куманово да помогне да се подобрат условите на внатрешно раселените лица. Беше начелно разговарано и за општините безбедносни услови  поврзани со внатрешно раселените лица за што подетално на крајот од посетата се разговараше со градоначалникот на кумановската полиција. Во просториите на Општина Липково работната група оствари средба со градоначалникот на Општина Липково Хусамедин Халили, кој што се осврна на последиците од конфликтот во 2001 година. Тој истакна дека на територијата на општината две години не функционирало ништо освен локалната власт. Изрази голема благодараност на меѓународниот фактор особено на ОБСЕ мисијата и мониторингот, па и на НАТО мисијата кои им биле во огромна помош. Според него во оваа општина од 5.000 куќи, 2.800  биле оштетени, а да не зборуваме за помошните објекти, механизацијата и со тоа уништувањето на еконмската моќ на семејствата. Речиси цела една година општината била без електрична енергија, речиси три години не функционирале 4.000 броеви на фиксни телефони. Релациите со централната власт, градоначалникот истакна за следното. Сакам да кажам дека освен господинот Бучковски пред да стане министер рече дека ќе се залага за изградба. Ние не сме имале никаква посета од владина делегација. Од Владата на Република Македонија, ние не сме добиле ништо, иако се зборува и

голема енергија се троши за тоа колку таа ќе се грижи и ќе се ангажира. Колку ќе инвестира за да се промени ситуацијата.

Од страна на министерот за локална самоуправа при конкурирањето за проектот КАРТ било ветено дека ќе има посебни проекти за кризните подрачја. Тоа беше пред три месеци. Ме поканија да ме прашат за проблемите и остана само на тоа. Тоа беа изјавите на господинот на Хусамедин Халили и во поглед на внатрешно раселените лица тој истакна дека ситуацијата е многу тешка, затоа што има над 1.500 раселени лица и тука не станува збор само за оние од неалбанско население, затоа што има и албанско население кое е надвор од општината.

Потоа работната група оствари теренска посета на селото Матејче и селото Отља, во придружба на командирот на Полициската станица во село Матејче. На патот се забележаа на определени места се обележуваат знамињата на Република Албанија и спомениците на погинатите борци од конфликтот во 2001 година, на кој подетално е напишано во самите извештаи. Работната група изврши обиколка на селото и на поголемиот дел од разрушените и обновените куќи. Карактеристично е што речиси сите куќи се разрушени, вандализирани, опожарени и ограбени со однесени цигли,камен и блокови и ќерамиди и така натаму, по воениот конфлик во 2001 година. На сите објекти Меѓународната организација  ИМЦ има поставено обележја за категоријата на оштетеност и соодветни бројки како на пример ИМЏ 3354 кое е опожарена или ИМЏ 3080 исто така опожарена, или ИМЏ 3407  која е срушена и ограбена и така натаму.

Работната група ги посети црквите Света Голема Богородица, Света Петка и Свети Спас. Црквата Света Голема Богородица е целосно уништена за време на конфликтот. На Црквата Света Петка кровот е уништен, имало камбанарија после конфликтот, сега ја нема, а најголемата црква во селото Свети Спас генерално е сочувана но исто така е оштетена надворешно ископана е голема дупка пред влезот и внатрешно вандализирани се, искршени се мермерните плочки, опожарени дрвените делови, ограбени се предмети и така натаму. Кровната конструкција и внатрешноста на придружниот верски објект во дворот на црквата  е целосно уништена. До црквата се наоѓаат  се наоѓаат православните гробишта кои целосно се оскрвнавени, речиси сите гробни плочи се искршени, недостасуваат делови од плочите и така натаму. Ова беше осудено од сите присутни таму. Џамијата во селото исто така, е значително оштетена како последица на дејствијата од

конфликтот во 2001 година, со тоа што минарето е целосно преполовено. Објектот на Полициската станица во селото е целосно во неупотреблива состојба.

На враќање од селото Матејче работната група на кратко се задржа во селото Опае, каде што беше констатирано дека процесот на продажба на куќите и иселувањето тече со забрзан интензитет и дека таму уште 20 куќи останале непродадени. Пред година ипол имало неуспешен обид за враќање на десетина семејства на внатрешно раселени лица во селото, а во моментот е вратено само едно семејство, постари лица без децата, а во селото како илустрација за време на конфликтот живееја 183 православни жители.

На крајот од посетата работната група оствари средба со началникот на СВР Куманово, кој што истакна дека нема некои посебни проблеми со безбедноста, меѓутоа констатираше дека сеуште не е отпочнат процес на враќање во село Матејче и дека се врши продажба на куќите во село Опае.

На прашањето за етничкиот состав на патролите началникот истакна дека во Полициската станица во село Матејче 90% се припадници на албанската етничка заедница.

Исто така, Полициската станица во село Матејче е лоцирана во дворот на објектот каде што е сместен Секторот за внатрешни работи во Куманово.

Покрај овие активности на работната група, работната група во просториите на Собранието на Република Македонија на 28.02.2003 година реализира средба со претставниците на следните меѓународни организации. На ОБСЕ, на Европската агенција за реконструкција ИМЦ, делегацијата на Европската Унија УНХЦР на која што се запозна со нивните активности, проценки и сугестии. Ова беше навистина една скратена верзија од сите оние извештаи, можеби малку временски ве задржав, меѓутоа, факт е дека на оваа проблематика се работеше повеќе од една година, извршени се навистна многу активности и во таа смисла сакам да им заблагодарам на сите оние кои што учествуваа во оваа работа, зборувам од страна на прввиот состав на Работната група, тука беше госпоѓата Теута Арифи и госпоѓата Каролина Ристова и после господинот Невзат Бејта кој што дојде на местото на госпоѓа Теута Арифи и на тој начин и господинот Сашо Дохчев со кој што беше остварена посетата на Кумановско-Липковскиот регион. Тоа е во име на работната група што можам да го кажам и како претставник и известител на Анкетната комисија, и се надевам дека ова е доволна причина Парламентот сериозно да постапи кон разлгедувањето на прашањето со внатрешно раселените лица. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

За збор се јави господинот Љубисав Иванов-Ѕинго, а потоа нека се подготви пратеникот Иван Анастасовски.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе,

Јас со големо внимание го читав извештајот на оваа работна група која што ја има формирано Анкетната комисија. Но, веднаш на почетокот да кажам и да искажам едно признание на Анкетната комисија која ја формира оваа работна група и на работата на Работната група и покрај тоа што е долг временскиот период на таа работа, а исто така и на напорите да ги прикаже колку толку, реално состојбите во овие два региона.

Морам да кажам уште на почетокот дека општ заклучок е дека како и во секоја војна така и во оваа војна  големи се страдањата на населението. Најмногу страдале и страдаат, затоа што бевме очевидци, жените, децата, старите луѓе. Мислам дека треба да ни биде поука на сите да не си играме со војни да не ги употребуваме војните за разни притисоци и разни закани, затоа што во војната не страдаат само еден народ, една нација, една етничка групација, туку во војната страдаат сите подеднакво и ги поднесуваат сите последици.

Морам да кажам уште на почетокот дека ова се трагични настани и моменти во историјата на македонската држава и дека мислам дека недоволно како општество, како држава, како друштво се ангажираме да ги намалиме болките кои ги претрпеа тие граѓани, а како што гледаме од извештајот се гледа дека тие се 175.000 луѓе, кои мораа да ги напуштат своите куќи, своите огништа, своите домаќинства и под страшни тензии, опасности, нервози и така натаму  некаде да се отселат за да ја спасат својата глава. Сведоци сме дека голем број од тие луѓе најголемиот број преку 93, 94, 95% се вратени во своите куќи. Останува еден дел и тоа барем како што се гледа од Извештајот на работната група воглавном се македонци, роми, и некои други националности кои сеуште живеат несреќно, кои живеат во исклучително тешки услови,во услови кои што не им ги обезбедуваат ниту минималните услови на живеење. Тука во извештајот е кажано во уводното излагање е кажано многу околу тие проблеми што ги кажа господинот Стојановски но

очигледно е дека најголемите трауми ги доживуваат децата. Тие се без детска радост, тие не ја гледаат својата перспектива и иднина. Тоа се деца кои се психички оптоварени, тоа се деца кои немаат свој мајчин дом, кои немаат своја куќа кои се сместени во некој колективен центар и утре не се знае нивната судбина. Тука исто така во најтешка положба се наоѓаат мајките. Таа како мајка неможе да го искаже своето мајчинство, не може да ја искаже својата љубов. Тие луѓе се изложени на многу болести, а немаат бесплатно лекување. Тие луѓе не се исхранети. Тие деца и тие луѓе немаат радост, немаат задоволство, се им е ускратено. Во условите во кои што живеат се надвор од сите норми и мислам дека отсуствуваат конкретни решенија на таквите луѓе. Веројатно проблемите се многу потешки отколку што работната група ги забележала и кај другите етникуми. Меѓутоа, овде очигледно она што ние го читаме и го гледаме дека практично имаме препуштени луѓе сами на себе и практично немаме конкретни решенија за нивната понатамошна судбина. Ние и после неколку години од конфликтот не сме обезбедиле услови безбедни за живеење на тие луѓе. Самиот факт дека тие луѓе живеат во колективни центри под исклучително тешки и мизерни услови и самиот факт што неможе да се вратат во своите домови се остава впечаток дека тие тоа неможат да го направат од причина што не се чувствуваат безбедни и од причина што нема каде да се вратат. Мораше да постои некое тело организирано на секој човек да го решава проблемот, на секој раселен човек во тие колективни центри. Оние кои што се поблиску до добивање на пензии, требаше тоа да се реши со пензија, пензионирање. Оние луѓе кои што можеа да добијат земјоделски пензии требаше тоа организирано да се разреши. Оние стари немоќни луѓе требаше да им се обезбеди социјална стална помош која што ќе им обезбедува нормални услови за живеење. Оние способни луѓе кои можат да работат, требаше да им се обезбеди во тие рурални места, во тие села нормално обавување на нивната земјоделска дејност, да им се обезбедеа трактори, приклучни уреди, во почетокот да им се обезбедеше семенски материјал, заштни средства, ѓубрива и така натаму. Да се разгледаше дека таа механизација ако ја имал е уништена по војната да им се даде и бесплатна таа механизација. Ако некој немал механизација, тогаш да му се даде таа механизација на кредит со долг рок на враќање и грејс период од повеќе години за да може да почне да развива таа дејност. Значи отсуствуват конкретни решенија. Јас молам во заклучокот да еден од заклучниците да стои да се обезбеди нормално економско живеење на овие луѓе во овој правец за кој што јас сега зборувам.

Ние зборуваме дека имаме релаксирани односи во општеството. Дека имаме меѓусебно почитување, дека имаме односи веќе наградени на соживот. Меѓутоа, кога ќе погледаме сега на теренот, ние немаме практична реализација во тој поглед.

И тие, на тие терени, не може да се тоа почувствува барем така, може да се стекне впечаток од Извештајот за оваа работа од Работната група, дека тој дел мора да го одработат оние кои практично ги нарушија тие односи, било од која страна. Па, исто така и својот дел да го одработи Меѓународната заедница, за да се создадат условите да можат луѓето да живеат заедно од различити етникуми.

Тоа, практично, во овој момент, иако се нешто подобрено состојбите, го немаме. Одсобено се гледа дека раселените лица не можат да се вратат таму, меѓу другото, поради безбедноста, а исто така и тие раселени лица, гледајќи дека нема перспектива во тој поглед, ги отуѓуваат своите имоти и ги продаваат по многу ниски цени. Практично тоа зборува дека ние, во тој поглед да ги повратиме луѓето каде што им се огништата, куќите, домовите, итн, ние нема да имаме резултати и успех.

Ова е едно комплексно прашање на кое што треба да положиме испит и како политички партии и како општество и како држава. Не како, како да отсуствуваат напорите и на едните и на другите и на третите. Некако како да не зафатила стихија. Некако како да се помируваме со состојбите на овие подрачја, а можеби и пошироко, затоа што работната група нема обработено други простори во кои што имавме исто така раселувања. Веројатно тоа Анкетната комисија нема да ја заврши својата работа само со овој Извештај. Веројатно ќе продолжи во тој поглед да работи и да предлага решение. Меѓутоа, факт е дека и ова Собрание недоволно се ангажираше во разрешувањето на овие и те како важни и значајни проблеми.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Андов имате збор, процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

За да нема г-дине претседателе недоразбирања понатаму, сакам да истакнам дека Комисијата, прашањето, проблемот на раселените лица го разгледуваше врз основа на претставки што ги добив. Такви претстапки беа поднесени од раселени лица од Липковскиот регион и од Арачиново. Други региони не беа опфатени во

работата на Комисијата и немаме таков извештај, бидејќи немаше претставки и сеуште нема преставки.

Второ, целата работа на Комисијата веше синхронизирана со надлежните државни органи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика. Заклучоците се ориентирани кон Владата.

Мислам дека е потребно претставници од Владата да присуствуваат на оваа расправа, за да можат да дадат и самитое придонес понатаму, а и да видат каква е ориентацијата на Собранието. Самото Собрание нема непосредни надлежности во решавањето на прашањето на раселените лица. Владата е таа, но овде немаме претставници од Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Андов, предлагач не е Владата. Тие се поканети. Јас тука, повеќе од тоа, ништо ноеможам да сторам. Јас не знам дали се тука или не се тука, тие секогаш се добредојдени, поканети се да бидат присутни тука.

Предлагачот се знае кој е и ние продолжуваме со расправа.

Продолжете г-дине Иван Анастасовски, а нека се подготви г-динот Слободан Чашуле.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван г-дине претседателе, колеги пратеници,

Јас, внимателно ја разгледав Информацијата што е денеска пред нас на дневен ред и сакав да учествувам во оваа расправа, бидејќи доаѓам од општина Куманово каде што директно се говори за внатрешно раселените лица кои се од тој регион, Кумоновско-Липковски регион.

На почетокот би сакал да кажам дека оваа Информација ја сфаќам како заложба на Работната група при Анкетната комисија, собраниска, што навистина има сработено нешто по однос на тоа што е пред нас во моментов на дневен ред, доставено до нас пратениците во Собранието. И ние, без разлика на нашите политички разлики да ја задолжиме Владата да таа, навистина, во наредниот период повеќе се ангажира околу подобрување на било какви услови или проблеми со кои што се соочуваат внатрешно раселените лица.

Меѓутоа, едно неможам да сфатам, од она што го слушнавме од претходниот дискутант, демагогии со сеење магла, не им се помага, верувајте на тие раселени

лица. Единствено треба да се дојде таму, да се биде присутрен со нив, навистина да се види во очи со какви проблеми тие се соочуваат. Јас верувам дека претходниот дискутант нема појдено таму и не знае во кои и какви колективи живеат внатрешно раселените лица. Паушално овде наброја неколку работи, врши одреден маркетинг што не држи.

Ова го кажувам сосема одговорно бидејќи секој ден, да не речам, кога имам слободно време, имам контакти со тие луѓе, со нивното Координативно тело, ги посетувам тие колективни центри, разговарам со тие луѓе. Така што држење маркетинг овде и сеење магла не води во насока на решавање на проблемите на тие луѓе.

Навистина, Владата треба да се притисне,, без разлика што сум јас дел од парламентарното мнозинство, и јас сакам да упатам некои критики до Владата што беше пропуштено во изминатиот период наназад, бидејќи знаеме добро, три години веќе раселените лица живеат во колективни центри во Куманово. Посебно ќе зборувам за Кумановско - Липковскиот регион, бидејќи информациите што јас ги апсолвирав се претежно од тој регион.

Три години луѓето како живеат со своите маки таму. Меѓутоа, кога ние дојдовме на власт во 2002 година, видовме дека условите во тоа време беа загрижувачки. Тоа што го кажа колегата Блаже Стојановски дека живеат и по девет и по 12 луѓе во една просторија, тоа е навистина така. Меѓутоа, тоа беше во првиот период од времето на нашето доаѓање на власт. По 12 луѓе и незнам колку луѓе се живееја во една минимална просторија во Колективниот центар “Куба”, што мислам дека во Информацијата не е наведен.

Оваа Влада, по однос на тоа прашање, успеа да отвори простор во интернатскиот дом во Техничкото училиште во Куманово да ги растовари, едноставно, семејствата на раселените лица, а според податокот што ми го дадоа раселените лица, во моментот, бројката е 410 раселени лица или 150 семејства, ако не се лажам. Така барем ме информира Координативното тело на раселените лица. Значи, оваа Владата направи напори, едноставно ги растовари луѓето, внатрешно раселените лица и дел од семејствата префрли во итнернатот во Техничкото училиште, со што, во тој дел, навистина отвори простор за подобри услови за живеење на тие луѓе.

Кога ќе се тргне по ред, по Информацијата, од деталниот Извештај, односно тоа што е посетено во објектот “Кристал” - Куманово, се спомнува едно име на

директорот на АД “Висока”, а тоа за граѓаните на општина Куманово, јас воопшто не сакам да го спомнам тоа име, граѓаните на општина Куманово многу добро знаат кое е тоа лице и какво е тоа лице, со кого тоа лице наназад шест години соработуваше и чија десна рака беше наназад тоа исто лице. И, во она што се Прелози за идни чекори, односно тоа што се констатации по однос на тоа што го има утврдено работната група, се вели дека дел од средствата што се наменети од Владата за внатрешно раселените лица, некој си ги троши за камери, за луксузни апартмани, за правење одредени игралишта и за ставање во свои џебови. Тоа е тој човек. Таму треба, по однос на тој чивек, да се бара вината и таму треба надлежните органи да тоа го испитаат зошто е тоа така направено. Лично и одговорно можам да кажам дека тоа е навистина така, меѓутоа одговорноста е во тој човек.

Потоа, се согласувам со она што колегата Блаже го истакна, во тезата дека и она што стои во однос на идните препораки, дека оваа Влада нема остварено контакти со внатрешно раселените лица. Еве, тука е г-динот министер без ресор, Владо Поповски, кој, ако не се лажам, на два наврати беше во посета на внатрешно раселените лица. Еднаш дојде заменикот министер за транспорт и врскизаедно со мене и пратеникот Иван Стоилковиќ, бевме во активна обиколка на сите тие колективни центри. Значи, тоа е по однос на тоа дека сепак тие луѓе не се толку заборавени.

Меѓутоа, ота што претставува моја критика по однос на посетата на г-динот Владо Поповски, министерот без ресор, е тоа што тие посети беа бирократски, односно во општината, кај нашиот градоначалник во општина Куманово и се остана само на тоа. Јас не присуствував, за жал, имав телефонски разговор со министерот, јас не присуствував на тие средби, бидејќи тоа што го кажав и по однос на претходниот дискутант, тоа го мислев во тој момент и за тие средби дека така не се решаваат тие проблеми на раселените лица.

Средбата што беше со пратеникот, колегата Иван Стоилковиќ и со заменик министерот за транспорт и врски, мислам дека беше многу поплодна, даде добри резултати. Така што, се согласувам со тоа дека навистина Владата, претставниците на Владата, на одредени сектори и колегите пратеници, посебно од Втората изборна единица требаа повеќе да одржуваат средби со внатрешно раселените лица. Јас тоа ќе го кажам како мој хендикеп, бидејќи доаѓам од изборната единица - два, немав посета на раселените од Арачиново.  Можеби е тоа моја кривица, така да се изразам, да бидам груб кон себе, меѓутоа и остантите колеги пратеници кои се од

опозицијата, а се од Изборната единица - два истото мислам дека го немаат сторено. Тоа не е добро. Ова е проблем на сите нас, без разлика кој на која политичка партија припаѓа и кој од која листа е избран во 2002 година. Значи, одговорноста е на сите нас да имаме контакти со тие луѓе да ги посетуваме и да едноставно, тоа што е во наша ингеренција, да им помогнеме на тие луѓе.

Тоа што ме замолија претставниците на Координативното тело на раселените лица е да тоа што ќе го ставиме како заклучоци,на хартија, ќе го предложиме до Владата, ќе ја задолжиме Владата, да не остане само на хартија. Тоа е директно упатено преку мене до нас колегите и до Владата, значи да не остане тоа на хартија, да тоа се реализира.

Во разговор со раселените лица имаше едно барање, не знам, најверојатно министерот без ресор со тоа е запознат, да тоа што се услови за живот на тие раселени лица, во делот на сместувањето, потоа исхраната, што е тука наведено и ред други работи, тие побараа да се направи еден центар односно да се адаптира еден простор каде што тие би можеле да имаат привремен пресотј. Ова го кажувам како нивен апел. Значи, тоа да се разгледува како варијанта, бидејќи така луѓето и ме замолија.

Потоа, низ цело ова време на проблемите на внатрешно раселените лица имаше и некои од медиумите кои даваа можеби погрешни информации за тоа што е, како е и каква е состојбата на тие внатрешни лица. Јас, навистина знам дека тие најтешко се чувствуваат и ним им е најпогодно, меѓутоа и во делот што се спомнуваше како вработување, трактори или незнам што и тука можам со сигурност да кажам дека Владата, преку Министерството за одбрана и МВР направи големи напори.

Јас не би сакал повеќе да должам. Значи, она што беше апел до мене од Координативното тело на внатрешно раселените лица, еве овде преку мојот инструмент, односно од говорницата во Собранието, го упатувам до Владата на Република Македонија односно до сите колеги пратеници и да не разговараме само декларативно за тоа и да не сееме магла, меѓутоа навистина да ја задолжиме Владата, Владата да се стегне по однос на тоа и да во наредниот период го направи тоа што навистина треба да го направи за тие луѓе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Слободан Даневски се јавувате за реплика или барате збор?

За реплика.

Повелете г-дине Даневски имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Моето укажување до почитуваниот пратеник ќе биде во насоката што во моментот ние ја имаме направено.

Луѓето сигурно имаат голема мака. Дали се работи за маркетинг, или ќе обвинуваме кој што направил во изминатиот период, општа констатација е дека луѓето не се чувствуваат безбедни да се вратат. Посебно, во колективните центри, на луѓето им е преку глава да, еве, посети. За нив воопшто не се битни посетите, дали некој ќе ги посети или нема да ги посети. Кај нив проблем е да се реши проблемот. Решавање на проблемот е да се вратат од таму од каде се дојдени, да им се надомести имотот, да можат да функционираат. Од типот - овие направиле ова, оние она, во моментот ние имаме актуелна Влада. Нема ние што да ја задолжуваме Владата.Владата е должна да го реши случајот со раселените лица. И, типот - удирање дека се прават напори, никакви напори не се направени. Апсолутно никакви напори не се направени. Луѓето таму размислуваат со друг јазик и со друг јазик и размислување ја гледаат ситуацијата.

Точно дека се прават контакти. Меѓутоа проблемот не се решава. Проблемот треба да се реши. Што сега ние, како Парламент ќе дискутираме. Што ќе ја задолжиме Владата. Владата требаше досега да изнајде начини и можности да ги реши овие работи. Владата е таа што треба да го реши проблемот. Знаеме дека сите меѓу себе не сакаме да кажеме дека безбедноста не е на тоа ниво каква што сакаме да ја кажеме во Парламентот. Луѓето се чувствуваат небезбедни. Затоа не се враќаат. Луѓето се чувствуваат небезбедни. Еве, разговарајте со било кој, ќе ви кажат - ние не се чувствуваме безбедно. Посебно зборуваме за Арачиново. Сите колеги кои ќе зборуваат и убедуваат дека не е така, не ја кажуваат вистината. Ја лажат јавноста. Луѓето, едноставно не  можат да се вратат. Им се опожарени куќи, уништен имот и сите сме сведоци, сите сме сведоци во Македонија дека пред целата македонска јавност и меѓународна јавност, луѓето кои се раселени не можат да се вратат. Тука е демагогијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута имате г-дине Анастасовски за контра реплика.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Колега Даневски не знам дали вие воопшто ги знаете луѓето таму и дали некогаш сте разговарале таму. Јас го реков истото. Да ја задолжиме Владата, сите заедно, без разлика на политичките разлики. Јас не реков да ја задолжиме Либаралната партија нешто да направи. Јасно и децидно кажав да ја задолжиме Владата да се ангажира што повеќе и во тој правец да им помогне на тие луѓе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Иванов сега вие имате три минути реплика.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГОВ:

Г-дине претседателе ,

Не сум тука а и не сум квалификувам да лечам нечии фрустрации и болни амбиции, ниту пак хендикепот на логиката кај поединци.

Јас тука се гнасам од квалификациите што беа пласирани како невистинити, неточни. Јас сум имал контакт со раселените лица, меѓутоа тука не зборував за тие контакти. Зборував за Извештајот што беше поднесен од Работната група.

И, ќе молам, ова е по втор пат овој колега да истапува на еден нецивилизиран и некултурен начин, да сепак води сметка за неговиот истап и да истапува во насока на разрешувањето на проблемите, а не за некакви квалификации што спаѓаат во дометот на привитимизам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Иванов.

Г-дине Анастасовски имате една минута.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Ќе  бидам по краток од една минута.

Г-дине Иванов и јас се гнасам од инпровизации.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле, а нека се подготви Каролина Ристова.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам г-дине претседателе, почитувани колеги.

Имаме измешани чувства.

Сакам да и се заблагодарам на Комисијата за темелно извршената работа и навистина сум задоволен од тоа што, еве, Анкетната Комисија на граѓанин му го враќа Собранието и врз основа на нивна петиција одиме на теренот и гледаме. Меѓутоа, страшно сум загрижен, претпоставувам чувствувате и вознемирен од сликата кога прочитав што ми се создаде во главата, од извештајот на Комисијата. Не од начинот како овие луѓе се злоупатат сега и не од недоволните палијативни мерки кои треба да ги решаваат последиците, туку од одсуството на заложба, не во Извештајот не во нашите глави, туку воопшто во државата, луѓето да ги вратиме дома. Како мислите да отидеме во Европа кога нашите граѓани не можат да отидат дома. Јас сакам да бидам конструктивен. Ја почитувам волјата на граѓаните на Република Македонија кој го избраа овој Парламент и соработуваме. Се разликуваме, ама соработуваме. Меѓутоа, не сакам да ја понесам на себе одговорноста, да создавам држава која не баре Кипар ќе влезе во Унијата, внатре поделена. Господа, незнам како хотел да му дадете на човек, тоа не е дома. Незнам во какви јанси, градинка, училиште да го пратите детето кое е бегалец во сопствената држава, тоа не е дома. Дома е дома.

Јас сакам нашата држава да ги исполни критериумите, кои од неа ќе направат Европска држава и така ќе влеземе во ЕУ.

Илјада пати досега ми е речено дека една од обврските која не е кодифицирана со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, но најверојатно ќе ни се појави сега како земја која аспирира да биде кандидат, како прашања, а во меѓувреме како политички дискурс ни се поставува, а тоа е кога ќе го имплементирате Рамковниот договор кој за мене, претпоставувам и за Вас, ако не за сите, за многумин е дел од Уставот на кој ние положивме заклетва дека ќе го штитиме и дека ќе го спроведуваме. Ако е така, господа, зарем не мислите дека

Рамковниот договор потемелно, подлабински, поевропски ќе го имплементираме ако прво се фатиме за неговиот дух, срцевината на нагодбата која на Македонија Ви донесе мир, а тоа е довербата. Не гледате ли луѓе дека ние со преправање на хотели, на бањи, на студентски домови на работнички и самички хотели решаваме прашање за домување, ама никако да се зафатиме за тоа како луѓево да ги вратиме дома и тие да имаат доверба да живњеат заедно со соседот, како соседот да го убедиме дека негова прва македонска, мислам како држава, албанска, македонска, па потоа Европска задача е да бдее, како што го правеле тоа наите стари уште во Отоманската империја, над безбедноста, животот, здравјето и имотот на своот сосед. Кај нас луѓе гледаме секој ден се повеќе и поеќе расте обратното, луѓето се плашат од соседите.

Во извештајот стои една реченица која ме инспирира, бидејќи не сум експерт за овие работи, да се јавам за збор, а тоа е дека се појавува расистички дискурс на двете страни. Луѓе, па зарем никого тоа не го загрижува. Не обвинува никого. За мене сите расисти се подеднакво кабаетлии и не им е место во едно цивилизирано општество и уште помалку во Европа. Но, што ќе направиме ние, покрај хотелите што ќе ги адаптираме за да можат тие луѓе пристојно да живеат, што ќе направиме расизмот од дискурсот во нашите села да го откорнеме. Како ќе ги убедиме Македонците, албанците, турците, србите, ромите, власите дека главна задача им е другиот, а не глаен непријател. Формално го имплементиравме Рамковноит договор до детали кок дури не се запишани во него, затоа што имаме широчина тоа да го направиме сите заедно.

Ценетиот претседател на Републиката рече, ние како поголема нација во оваа држава, како носител на оваа држава на рамноправните со нас заедници треба да им подадеме рака. И тој мисли дека со ова што ќе се случи во ова Собрание, ќе подадеме рака? Тоа е и негово право, но е кажано дека се подава рака. Меѓутоа, кога селаните од липковско, арачиновско и другиве села, ќе му подадат рака на својот сосед. Еве, тие како малцинство кое е таму мнозинство ќе му речат бујром Слободане дојди. Јас како што дедоми, прадедоми бдеел над твојот дедо и прадедо, јас ќе бидам над тебе. Ако тие тоа не можат да го направат, бидејќи оваа поделена јавност и оваа поделена политика ги сатанизирала до таму, ајде ние тоа да го направиме. Ајде г-до ДУИ дајте поведете го јас ќе застанам до Вас, процесот на градење на доверба. Јас ќе одам со сите албнци, со сите македонци од тој крај, заедно со Вас, да ги убедуваме дека сите заедно во овој Парламент се трудиме

минатото и тоа непосредното минато од пред две години никогаш повеќе да не се повтори, а нема да се повтори ако луѓето живеат дома без страв и слободи, ако знаат дека еден со друг ќе го преживеат и ова премрежје и ако знаат дека само така заеднички ќе изградат мултикултурна држава која ќе им служи на нив. Како сакате да продолжимем во имплементацијата на Рамковнот договор и да и се доближиме на ЕУ, ако ние градиме нови формални решенија против кои јас сум, уште веднаш да ви кажам, против, но тоа е друга тема и не сакам да го инспирирам претседателот да ме прекинува, ако немаме доверба. Како ќе ги убедиме луѓето дека тоа што ќе треба да се случи во овој  Парламент за неколку дена, еве не 26-ти дека е за доброто на сите, кога тие на постојното не можат да се вратат дома. Тоа не се прашања на некава си глупава реторика или промовирање,.Јас сум пратеник од Петтата изборна единица, таму македонците и албнците живеат сложно и во Долнени  и во Струшко и во Охридско и во Кичевско, иако сееме и таму по некој црв на недоразбирање. Таму немаше војна, немаше конфликт. Јас не го правам тоа да се промовирам себеси. Тие гласови мене не ме бираа. Не прифаќам исто така да ми се препише, бидејќи чувствувам дека ќе го имаме тоа за да ја приземиме работата и да ја одведеме во друг правец, дека ова се прави со незнам каква цел. Не господа. Секаде каде што со ценетите колеги пратеници и албанци од ДУИ сме настапувале во Европа, од НАТО преку ЕУ, во сите делегации сме биле едногласни во тоа дека веруваме дека рамковниот договор ќе успее, дека неговиот дух на доверба ние го градиме и на тие основи му нудиме и на Косово решение. Механизмите нека си ги изберат, ама духот на доверба треба да го земат од кај нас, духот на одговорност, духот на заедничка сопственост врз судбината на државата. Како сакаме да имаме заедничка сопственост кога вакви извештаи ни се појавуваат. Не е виновен извештајот. Виновен е и ја критикувам стварноста .Што дух на доверба ќе понудиме, ако сме го уништиле духот по кој македонците и албанците во оваа моја и ваша држава биле познати. Господа, можеме до бесвест да дебатираме за причините на нашите недоразбирања кои доведоа до конфликт. Но, востановено е со реформите и амандманите на Уставот дека тие промени се дел од него и тие задираат во кодификација дополнителна,  на човековите права. Според тоа може да се изведе, сосема позитивно гледано дека имавме конфликт во кој требаше да се доизведат човекови права. Дајте господа, победници во тоа меѓусебно убедување да ги убедиме селаните во вашите и нашите села да ги почитуваат чоивековите права да ги убедуваме и да ги запрашаме каде сме ние тука виновни што не успеавме и кај

едните и кај другите довербата да ја вратиме, луѓето да не се пребројуваат, да не си гледаат дали носи крст или нешто друго, дас не се потрошуваат во акцентот, да се насетат кој кому му припаѓа, па оттаму да видат дали да се плашат или не. Нам г-да не ни требаат хотељи, не ни требаат студентски одморалишта, не ни требаат привремени сместување, ни треба заеднички дом, а тој се гради во Арачиново, во Липково, во Скопје, во Кичево, во Струга, секаде каде што не има. според тоа Владата е должна што побрзо, тоа што и припаѓа како на Влада, да го направи. Ние, меѓутоа имаме историска и политичка одговорност да го работиме она што со ниеден закон, со ниеден пропис и со ниеден детал на било кој формален договор, дури Уставот и рамковниот договор не може да се кодифицира, а тоа е да престанеме да бидеме непријатели.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Чашуле.

Имаме тројца дискутанти за реплика.

Повелете г-дине Хусен Џеват Хусеини имате реплика три минути.

ХУСЕИН ЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Сите нас не загрижува судбината на оние кои не се во своите домови. Домот е дом, како што рече и претходниот дискутант и потполно се согласувам со него. Но, Извештајот беше земен како аксоматичен извештај и неверувам дека требаше току висок тон за ова, бидејќи за да биде ваков извештај требаше да има филсмки снимки, тонски снимки, фотографии итм.

Господине Чашуле, зголемувањето на оваа проблематика, дали не води кон нешто друго, за што и вие се борите и Европа се бори против тоа.

Понатаму, извештајот е една “мала работа” во која не е кажано дека има албанци кои не се во своите домови. Тие би биле многу среќни, Барем да беа во еден хотел во еден работнички дом со една единствена цел, државата да се грижи за нив. Но, за нив се грижат нивните блиски, нивните роднини, или можеби се на улица, можеби, сеуште се наоѓаат на Косово. Тогаш извештајот ќе беше целосен. Вие господа кои го изготвивте овој извештај.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле имате една минута реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не можам а да не се согласам, со почитуваниот колега.

Јас кога зборував за раселени лица, мислев и на раселените лица од било која нација која заедно со македонскиот народ, рамноправно живее во оваа држава. Мојата заложба за враќање на довербата и враќање на домовите е за сите, и за албанците и за македонците и за ромите, да не ги заборавиме нив, и за србите, еве ако веќе фрагментарно ги издвојуваме.

Јас се согласувам со тоа господине Хусеин дека навистина не е добро да пламне атмосферата. меѓутоа оваа слика ме вознемирува бидејќи се плашам дека на нејзиниот сон можеме, недај боже да изведеме нешто друго. Затоа апелирав и ме радува што го прифаќате апелот, да седнеме и да ја градиме довербата. Верувајте ми господине, сите ќе бидат најсреќни дома, иако дома ни од далеку нема да им биде толку удобно колку што може некој хотел да им биде. За сите, за македонците, за албанците, ромите, србите и сите оние што не ги спомав, да ми простат, кои во своите домови не се во овој момент.

(Со седницата продолжи да работи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

За реплика е пријавен г-динот Џезаир Шаќири.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Сакав да го потсетам Парламентот и г-динот Чашуле за еден сосема друг извештај, од овој што денеска го слушнавме.

Вистина е дека денес говориме за раселените во Македонија, но не говориме за некои лица и семејства кои се во потешка состојб, како бегалци, според извештајот на УНХЦР се накаде околу 124 семејства од село Танушевци Малина Маала, кои сеуште се наоѓаат на Косово а никој не се грижи за нив.

Сите се согласуваме да се договориме со добри зборови да одиме заедно да ги видиме проблемите на тие луѓе, да ги вратиме во своите домови.

Во овој едностран извештај што го имаме денес не се забележани проблемите на неколку албански семејства од Карадачијата во скопско. Покрената е една иницијатива, единственото што тие можеле да го направат е да известат институциите на оваа држава за да ги соопштат своите проблеми, го блокираат

патот од Танушевци до граница и одлучиле да спијат во планините. Така можеби некој од вас ќе размисли и ќе отиде да ги слушне нивните проблеми. Да не заборавиме, еве три години ниту еден дом не е изграден во село Танушевци. Значи за овие граѓани не е исполнет ниту еден услов, никој не отишол ни да ги праша за нивните проблеми. Би сакал денес да слушнам добри зборови, да говориме таму каде што боли забот и да им помогнеме на овие граѓани на Македонија, без да правиме разлики.

Сакам само да ве известам за еднострaниот извештај, за кој говориме денес, дека во тој извештај не се земени предвид и албанските граѓани од Карадачијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете г-дине Чашуле имате една минута реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Да појаснам една работа.

Јас не сум ниту дел од Анкетната комисија, ниту сум учествувал во градењето на извештајот. Јас читам тоа што е напишано, а овде во Парламентот се води расправа за да се надополни сликата. Секое вакво дополнување е добродојдено, ама сите одат во правец на тоа што пред малку ви говорев. Ние како опозиција не сме Влада за да обезбедиме законски амбиент и владеење на правото, луѓето да се вратат дома. Но, има во Владината коалиција една голема политичка партија, која еманира од таа средина, и ги застапува нивните интереси. И моето пледоаје беше до нив. Господа ајде преземете мерки, на вас паѓа одговорноста, да се изгради меѓусебната доверба за да можат луѓето да се вратат дома. Ништо повеќе, ништо помалу. За сиуте аномалии ќе се кажат овде, јас ги прифаќам, бидејќи верувам дека сите сме сериозни луѓе и зборуваме така како што се фактите на теренот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, има реплика г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател,

Навистина треба да се разгледа прашањето на сите раселени, но не во оваа форма која се гледа на сегментарен начин и само за оние делови на семејства,

македонци, како што гледаме, во овој правец не сакам да говорам за прашањата од тој аспект на одговорот на г-динот Чашуле.

Господине Чашуле вашиот говор од уметничка гледна точка е многу емотивен и не остава никој да биде смирен, но во основа, вие сте демагог. Каде се гледа вашата демагогија? Претходно во вашето барање ДУИ да биде на чело на една делегација каде ќе бидете и вие да одиме во Арачиново и Липково, а од друга страна зборувате за расисти и расизам со што алудирате и именувате сите тие албанци од Липково и Арачиново кај кои сакате да одите, од друга страна господине Чашуле последните денови вие и вашата партија сте носители на пан-карти на насоки на водење на албанци во правец на Албаија и на расистички навреди или националистички во однос на нив во овој правец. Јас би те замолил да разговараме за сите овие прашања на враќање на оние семејства кои се раселени, но би требало многу јасно, пред се, за враќање на довербата за подобрување на оваа состојба и оние семејства кои се раселени да имаат отштета, но и во однос на тие лица кои се убиени од нивните семејства да не им се дозволи да се гранатираат, бомбардираат нивните семејства, мислам дека вербата не е еднострана и не треба да биде само на страната на албанците и само тие да ја пружаат раката на помирување.

Вие како бивши на власт треба да признаете дел од вината, а потоа да разговараме за оние прашања кои вие едноставно ги поставувате на дневен ред.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Чашуле имате една минута.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Сакам да го гледам г-динот Џафери за да ме разбере. Земете го стенограмот и ќе видите. Јас сум против сите расисти, не реков кои, бидејќи сите подеднакво ми пречат, а демагог не сум , бидејќи реков оти во Извештајот стои дека е детектиран и кај едните и кај другите расистички, политички дискурс и се заложив за тоа заедно тој дискурс да го откорнеме, а кога ќе ме најдете мене со плакат или панкарт, како што велите, да ги промовирам работите за кои зборуваме, тогаш сето ова што ми го истоваривте, иако јас бев внимателен никого да не навредам оти со навреди само го побиваме тоа за кое се залагав, а тоа е довербата и ако навредував навистина ќе бев демагог, но господине Џафери вие имате право да мислите како што мислите,

ова е демократска држава, па според тоа не ви се противам, но уште еднаш ќе кажам  ние нема да мрднеме еден милиметар никаде , а најмалку кон Европа, ако не ги вратиме луѓето дома.

Ако ова го зборува Македонец тоа не значи дека мисли само на македонците. Јас овде не настапувам да одглумам, туку јас сум искрен, јас друго незнам освен да зборувам и да пишувам.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Бидејќи сакаше да ме види г-динот Чашуле и добро е што ме гледаше и го призна тоа што го рече, нека го земе стенограмот, барам процедурално стенограмот да се извади, без да се прекине работата на Парламентот и во моментот кога ќе го добиеме стенограмот ќе говориме за текстот на стенограмот.

Господине Чашуле уште еднаш ви велам дека не можете да се криете зад дефиницијата расизам и расист без јасно да дефинирате на што мислите вие. Друго е што вие мислите во вашите глави, а друго е тоа што го говорите.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Како ќе реплицирам на процедурална реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, токму затоа реагирам, господине Чашуле.

Колеги, ајде вака. Процедурално може само да се зборува за барањето на стенограмот, тоа ќе го добиете, нема никаков проблем, доколку тоа биде во текот на расправата на седницата, се разбира, ќе може и да се дискутира и понатаму.

(Реакција од г-динот Чашуле)

Господине Чашуле ништо ново не се кажа, може понатаму секој да се пријави за дискусија.

Дали има други реплики? (Нема)

Одиме понатаму со дискусии.

Кога почна да оди во реплика, јас го прекинав г-динот Џафери и тој прекина.

Процедурално г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од половина час.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, пауза од половина час.

Пауза од 11,45 до 12,15 часот.

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Ристова имате збор, а нека се подготви г-динот Исмет Рамадани.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Благодарам г-дине претседателе, почитувнаи колеги и колешки пратеници,

Како штокажа и раководителот на Работната група на Анкетната комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, јас бев дел од Работната група во поголем дел од активностите, пред се, тука мислам на посетите на колективните центри, на разговори со претставниците на Меѓународната заедница и во однос на посетата на Арачиново. Во голема мера, она што беше цитирано и кажано во делот од извештаите јас учествував во главнината на подготовките на Извештајоти на овие активнсоти и сосема логично се согласувам во голем дел од тие работи што беа изнесени.

Меѓутоа, би сакала сега на пленарната седница по оваа Информација да разјаснам некои поенти и да кажам свои впечатоци особено во делот на заклучоците. Да бидам искрена помалку ме фаќа нервоза колку ќе бидам успешна во тоа, бидејќи од сето она што го доживеав видов, луѓето со кои разговарав навистина морам да искажам дека се работи не само за една тажна работа, туку и многу комплексна и прашање кое ние како држава треба да го разрешиме, а со оглед на можностите, објективните и субјективните фактори да се биде најумен и да се задоволат сите аспекти.

Исто така би сакал да кажам некои непријатни работи кои многуминане сакаат да ги кажат во врска со целата ситуација односно случајот на внатрешно раселените лица.

Прво, би сакала да искажам едно мое уверување дека санирањето на конфликтната ситуација од 2001 година, она што значи пост-конфликтен период во Македонија и градење на она што сега е познатокако пост-рамковна Македонија не е можно без да се затворат два проблеми.

Едниот проблем е секако она што врви по правен, судски пат, а тоа е лоцирањето на индивидуалната одговорност за сите оние кои во воениот конфликт сториле злосторства против човештвото.

Вторито проблем е секако пробелмот со кој денеска се соочуваме и расправаме како Инфорамција, а тоа е проблемот на внатрешно раселените лица.

Доколку не ги разрешиме овие проблеми во Македонија уште долго време ќе се бавиме со еден синдром на диктенизирачка колективна меморија односно колективна меморија на постоење на жртви, на поразени, на победници, неостварена правда и правичност во низа случаи кои понатаму ќе ги труе меѓуетничките односи и воспоставувањето на меѓуедничката доверба.

Она што мислам дека во неколкуте дискусии се спомна, јас би сакала посебно да го истакнам како поента и уште еднаш да потсетам дека овде разговараме за Информација за внатрешно раселените лица од Арачиново и Липковскиот крај . Значи, ние не разговараме за целиот проблем на внатрешно раселените лица ниту зборуваме како во однос на другите внатрешно раселени лица не од Арачиновскиот и Липковскиот крај со колкав успех или неуспех , со какви проблеми се соочуваат , разрешницата на овој проблем во другите сегмени. Знажи, не станува збор за интегрална информација за целиот проблем на внатрешно раселените лица и затоа мислам дека не е оправдано да се истакнува како дел од дискусиите на некои колеги пратеници.

Ова треба практично да го констатираме, а тоа е последица на фактот дека Анкетната комисија, таква е процедурата, работи во однос на вакви ситуации само по однос на претставки. Неслучајно претседателот на Анкетната комисија тоа го истакна, но мислам дека некој намерно или ненамерно го заборава тоа дека Инфорамцијата и сета активност на работата на Анкетната комисија беа преземени токму по однос на конкретните претставки.

Некои од колегите од албанската етничка заедница истакнаа дека овде воопшто не се спомнуваат внатрешно раселените лица од албанската етничка заедница и токму тој факт во однос на претставките објаснува зошто тоа не е така затоа што ние од внатрешно раселените лица од албанската заедница не добивме конкретна претставка.

Ако внимателно и детално сте го читале Извештајот, јас на средбата со меѓународните организации и институции кои беа инволвирани во проблемот на внатрешно раселените лица го поставив ова конкретно прашање како прашање за размислување, бидејќи беше изнесен фактот дека во вкупната бројка на внатрешно раселени лица  ако се гледа статистички има многу повеќе припадници на внатрешно раселени лица од албанската етничка заедница отколку од македонската и српската и други  кои беа подносители на претставките и јас прашав за нивно размислување зошто е така. Јас логично и нормално би можело да се очекува ако во бројката на внатрешно раселените лица доминираат приапдниците на албанската етничка заедница зошто ни една групација или лица од тие внатрешно раселени лица не упатиле претставка до Анкетната комисија.

Нивното објаснување кое стои во дел од Извештајот беше дека проблемите со кои се соочуваат внатрешно раселените лица од албанската етничка заедница и останатите има разлика, а таа разлика е дека во најголем дел од внатрешно раселените лица од албанската етничка заедница се незадоволни или во некој вид антиципација или се заинтересирани за  реконструкцијата на нивните домови, меѓутоа, не патат од стравови и неизвесност за тоа дали воопшто ќе се вратат во своите домови. Значи, кај нив повеќе проблемот е околу брзината или бавноста во процесот на реконструкцијата, но не и неизвесноста дали ќе се вратат во своите домови, што не може да се каже за внатрешно раселените лица од другите етнички заедници. Тие го искажаа, а не јас , како констатација за специфичноста и можеби како објаснување зошто нема претставки од внатрешно раселените лица од албанската етничка заедница, тоа мора најотворено да го признаеме можеби е дел и од географијата на која се случи конфликотот, а тоа е дека најголем дел од внатрешно раселените лица сепак беа во подрачја каде доминантното население е од албанска етничка заедница и ако зборуваме отворено најверојатно тие го немаат тој страв на враќање во средината во која се мнозинство, за разлика од другите.

Значи, тоа е во однос на тоа зошто немаме претставки и зошто во Извештајот немаме спомнато за внатрешно раселените лица од албанската етничка заедница кои се мнозинство од луѓето кои имаат статус внатрешно раселено лице.

Она што јас го стекнав како впечаток во целата работа по претставките на внатрешно раселените лица и тука морам да кажам, а го кажав и на седница на Комисијата на една од првите седници, а тоа е тотално непознавање на тоа штоподразбира статусот внатрешно раселени лица, кои се правата на внатрешно раселените лица, кои се обврските на Владата и воопшто на државата, а верувајте тие непознавања не се технички детал, бидејќи создаваат голем број на проблеми во однос на очекувањата или задоволството и незадоволството во однос на тоа што се презема.

На пример многу од нив се чувствуваат навредени зошто ним им се обраќаме со терминот внатрешно раселено лице иако тие цело време викаат ние не сме внатрешно раселени лица, ние сме бегалци во сопствената држава.

Суштински гледано тоа е точно, меѓутоа треба да се гледа целиот контекст на проблемот, јас се обидувам на неколку наврати тоа да го објаснам директно на нив и тоа е еден од факторите на решавањето на проблемот е тоа што внатрешно раселените лица за разлика од бегалците не ја преминуваат територијата на државата во која се државјани и во која постојано живеат и затоа гледано од меѓународно правен аспект го имаат статусот не на бегалци, туку на внатрешно раселени лица. Значи, не станува збор за никаква навреда ниту за минимизирање на суштината или идентичноста на проблемите на внатрешно раселените лица со оние на бегалците.

Да биде иронијата поголема и тоа исто така беше истакнувано со внатрешно раселените лица кога правеа паралели во однос на третманот што тие го имаат во однос на третманот што го имале претходно на пример бегалците од Косово токму фактот на преминување или непреминување на границата на државата во сегашната ситуација во меѓународни рамки е тоа што не постои меѓународна инфра структура или посебна организација на пример на ООН која на државата која се соочува со овој проблем ќе и помага во санирање на последиците од случајот.

Кај нас имаше таква помош на билатерално ниво од Европската унија, меѓутоа, тоа не е на нивото кое се прави во однос на бегалците иако , како што реков, тоа беше една од причините голем дел од внатрешно раселените лица сметаат дека на некој начин се деградирани, дискриминирани, заборавени и т.н.

Проблемот во тој дел е многу поширок, јас лично како пратеник и на средбата на Интерпарламентарната унија го изнесов случајот на Македонското Собрание во однос на внатрешно раселените лица и апелирав токму на тоа дека во рамките на ООН треба и националните парламенти да го подржат процесот на меѓународно-правно регулирање и градење инфраструктура со тоа што на државите кои го имаат ваквиот проблем ќе им помага барем на исто ниво како на случајот со бегалците, бидејќи иронијата да биде поголема, државата нема сигурно од убавина внатрешно раселени лица, туку ги има или заради конфликт или заради поплава или заради земјотрес значи во ситуација кога државата е максимално исцрпена или под голем материјален и друг притисок и сето тоа треба да се земе во перспектива на разгледување на овој проблем и комплексноста на проблемот.

Исто така како прашање кое би сакала да го истакнам кое кај подносителите на претставките имаше големи недоразбирања е прашањето за улогата на Собранието на РМ, а особено на Анкетната комисија во однос на тоа што може да направи во однос на внатрешно раселените лица.

Мислам дека и претседателот на Комисијата и раководителот на Работната група во еден дел го потенцираа тоа, а тоа е , нормално со свои зборови, практично Анкетната комисија може да го подигне правниот профил на овој проблем, да ја изнесе целата комплексност и евентуално доколку утврди врз основа на своите наоѓања дека не се прави сето тоа што може да се нарпави, а доведува во висина на политичка одговорност евентуално на собранискиот пленум му предложи постоење на политичка одговорност кај одредени државни функционери.

Значи во тој дел внатрешно раселените лица мислам дека сега ќе ги разочараме , има малку не реални очекувања, но сепак мислам дека Комисијата ја одигра својата улога во однос на секоја активност , практично успеваше да го сврти вниманието на јавноста кон проблемот на внатрешно раселените лица, успеа да потикне уште поголеми активности од страна на Владата во однос на секој друг фактор кој може да придонесе за разрешување на овој проблем.

Сега би се осврнала на некои аспекти во однос на комплексноста на проблемот кои се содржани и во заклучоците. Формално имам поднесено посебни заклучоци од оние што ги поднесе Анкетната комисија не затоа што не се согласувам со главнината, туку затоа што мислам во однос на одредени заклучоци беше потребна не само стилска или некаква техничка интервенција, туку во

одредени сегменти некои суштински додавања за кои би сакала сега да кажам нешто.

Цело време во однос на претставката постоеше голема нервоза од подносителите за што побрзо да се заврши работата и собраниската Анкетна комисија утврди дека има повреда на правата на внатрешно раселените лица. Јас и тогаш и сега ќе го искажам моето мислење дека тоа воопшто не е спорно, бидејќи за да го имате статусот на внатрешно раселено лице секако тоа укажува дека имаат проблеми во однос на остварувањето на нивниот корупс на човекови права и секако дека Комисијата не може да заклучи поинаку од тоа. Во спротивно, ако нема никаква повреда, секако дека не би го имале статусот внатрешно раселено лице.

Меѓутоа, она на што јас инсистирав во првиот заклучок каде тоа се констатира, беше да се додаде дека станува збор за низа случаи во однос на повредата на човековите права на лицата кои имаат статус на внатрешно раселено лице. Мислам дека тоа треба да се додаде не заради она што беше покренато во претходните дискусии - методологијата со која работела Анкетната комисија, а која не дозволуваше ние по сите индивидуални случаи утврдуваме каква е состојбата, ние се трудевме да ја видиме комплексноста на сликата, главнината на проблемите, тенденцијата, индикациите и тн. и секако во однос, можеби тука е најголемата комплексност, не сите случаи на внатрешно раселени лица не само во целина кое претходно веќе го тргнав, туку во однос на оние кои се подносители на претставките, барем според мене, не е идентична ситуацијата. Кај некои сеуште постои неможност заради закани, заради страв, заради непостоење доверба, реализација, објективно кога би се ставиле во нивна ситуација да размислувате на идентичен начин. Меѓутоа, дел од проблемите не се резултат на ова што го кажав претходно, туку имаат проблеми заради објективни причини, дали се врзани со прашањето на реконструкцијата, колку тоа оди брзо или бавно, потоа субјективни причини во однос на реконструкцијата, несогласувања како треба да оди реконструкцијата од страна на внатрешно раселените лица, пред се неприфаќање на потпишување на трипартитните договори кое го кочи тој процес. Значи, не се работи за тоа, понатаму ресторирањето на нивните права е последица само затоа што постојат објективни причини и тука мора отворено да се каже, од аргументите, барем јас што ги слушав, беа повеќе не од аспект на повреда на човекови права, туку повеќе од изнесување на политички аргументи главно насочени кон погрешно разбирање или дури

отворено одбивање на она што значи пострамковна Македонија. Значи, ситуацијата е многу комплексна.

Конкретн, во однос на Владата и на државата, мислам дека е сосема јасно од заклучоците, во нивната целина дека, тука беше изнесено дека секогаш може да се прави подобро иако на сите ни е јасно дека Македонија не може проблемот на внатрешно раселените лица да го реши или да го решава со брзина, темпо, обем и начин како што би го решавала да речеме една Шведска, меѓутоа, дека секогаш може да има подобрувања и мислам дека е констатирано во Извештајот, но основното прашање е дали државата, дали Владата го прави сето тоа што во одреден контекст, во одреден временски момент може да го прави и што не е на висина, значи обратно кога не би правела што не е на висина на предизвикување на политичка одговорност кај Владата или кај одредени нејзини функционери.

Мислам дека од Извештајот и од заклучоците е сосема јасно дека Владата сето тоа што може да го прави го прави и затоа инсистирав да стои во вториот заклучок, особено, дека Владата треба да продолжи да ги спроведува активностите што ги спроведува. Оној кој мисли поинаку, ако мисли дека Владата не прави се што треба или прави минимално, тогаш мислам дека би било чесно да ги повика на политичка одговорност, што тоа не е случај во оваа ситуација.

Мислам дека нашата цел овде е да помагаме колку повеќе да може да се реши проблемот на внатрешно раселените лица, а не да ја оправдуваме Владата таму каде што има пропусти или пак обратно, по секоја цена да ја напаѓаме Владата и во однос на оние работи што Владата ги прави.

Она на што јас конкретно би сакала да повикам до Владата, а што сите го избегнуваат, а го избегнуваат токму заради улогата на жртва што ја имаат внатрешно раселените лица и ради страдањата што ги поминале, секој се плаши ако го каже тоа што јас сега планирам да го кажам, дека на некој начин ќе биде окарактеризиран како бесчувствителен или суров. Меѓутоа, јас мислам обратно би било ако не се каже, а тоа е дека и од самите подносители, меѓутоа и од разговорите што ги имавме многу често, неформално беше укажувано дека кај многу внатрешно, не многу, во низа случаеви има индикации дека се злоупотребува статусот на внатрешно раселено лице и дека всушност тој проблем, според мене и затоа сакам да го спомнам, не само што ја деформира сликата туку е во директна штета на другите внатрешно раселени лица што ги имаат реалните пробелми, тоа е исто така штета на останатите граѓани на Република Македонија.

Најискрено и најотворено ќе кажам дека многу често ме иритираше кога некој ќе каже - Владата, државата не правите ништо во однос на внатрешно раселените лица, особено во однос на материјалниот аспект, бидејќи мислам дека кај многу од тие лица кои така зборуваат се има претстава како да државата е нешто апсрактно и дека државата ги кине парите од некое дрво, а не од страна на останатите граѓани во Република Македонија. Мислам дека таквите коментари не само што не се во конструктивен прилог на решавање на проблемот, туку навистина не се фер кон останатите граѓани, дури и оние кои имаат исто толку, но од друг аспект, тешки проблеми (социјални, здравствени и др.) што го одвојуваат тој дел од својот денар, што можеби државата би им го посветила назад на нив и се одвојува за внатрешно раселените лица. Никој не се буни против тоа, но верувам дека секој би се побунил во однос на злоупотреба кај некои лица на статусот внатрешно раселено лице. Јас би ја поттикнала Владата алку похрабро да го испита овој проблем, односно овие индикации.

Во однос на Владата, мислам дека е добро што се спомнува во заклучоците и, секако, во соработка со локалната власт, можеби со поголемо внимание или поголем приоритет да се даде на прашањата на економско-социјалните проблеми, што сигурно постоеле и пред конфликтот. Меѓутоа сега, заради специфичноста на конфликтот, можеби, еве, на некој начин да се даде димензија на таа специфичност, да се даде на тие региони и приоритет од тоа што вообичаено би се дало, бидејќи социјалните и економските проблеми се прашање и проблем што го имаат сите граѓани на Република Македонија.

Јас бев таа која како член на Работната група инсистирав и мислам тоа малку создаде дискусија и забуни, да се апелира посебно до политичките партии за ангажирање во однос на разрешување на проблемот со внатрешно раселените лица. Тука не станува збор, не се спомнати само политичките партии, иако има посебен заклучок за тоа, туку се спомнуваат невладините организации. За некои тоа беше проблем, а и сега, во дискусиите се виде дека се зборува: Владата, Владата, Владата. Во решавањето, барем според моето убедување, во решавањето на сите аспекти и проблеми, на проблемите на внатрешно раселените лица, верувајте не може да се очекува да биде ангажирана само Владата. Се знае Владата во кој дел ќе биде ангажирана. Тоа е наведено и во заклучоците и во заклучоците и посебните извештаи на Анкетната комисија. Меѓутоа, мислам дека треба многу поголема ангажираност и од политичкиот фактор и од невладините организации, од проста

причина затоа што во одредени аспекти државата не може да продре. Во некои аспекти невладиниот сектор би бил многу поефективен. На пример, замислете, кому повеќе внатрешно раселените лица би му верувале во објаснувањето на тоа што подразбира статусот “внатрешно раселено лице”, дали на министерот Поповски или на претставник од Хелсиншкиот комитет, на пример? Некаде, невладиниот сектор има многу поголем пристап и доверба од страна на внатрешно раселените лица. Тие работи можат да придонесат во однос на реалните очекувања и конструктивниот пристап во решавањето на нивниот статус.

Политичките партии, на што јас инсистирав, навистина не е доволно исцрпена можноста да влијаат не само таму каде што тие имаат свои претставници во локалната власт, а тоа го имаме, јас на Анкетната комисија тоа го спомнав, меѓутоа и во целина таму да се делува меѓу своите приврзаници во делот на воспоставување на меѓуетничката доверба, бидејќи исто така е факт, иако повеќе индикативен, дека многу често проблемите се создаваат токму заради лицата кои се исполитизирани. Тука ни е тоа заеднички интерес.

Би сакала да искажам, кога сум веќе кај политичките партии да ја искажам својата разочараност од албанскиот политички фактор во Македонското Собрание, кој што мислам, оваа активност во Анкетната комисија и воопшто на Собранието не ја користи токму да го искаже своето залагање во однос на воспоставување меѓуетничка доверба, практично на едно симболично ниво да се види дека сите ние имаме заедничка грижа за внатрешно раселените лица без оглед на нивната етничка припадност. Многу ми е жал што во контекст на својата дискусија само се инсистираше на тоа да се каже зошто во Извештајот не се зборува за раселените лица од албанската етничка заедница и, точка? Иако тоа веќе го објаснив, меѓутоа мислам дека и во активностите на Комисијата и на Работната група требаше да има поголем профил. Сигурна сум и имам сознанија дека на теренот можеби многу повеќе се работи. Меѓутоа, во политиката е многу битно тоа да биде јавно видено, да се види тоа залагање и принципиелност во однос на решавањето на проблемите на внатрешно раселените лица.

Во однос на заклучоците, само да додадам дека имав една суштинска интервенција по однос на Заклучокот каде што се наведува дека Републичкиот судски совет треба да преземе одредени мерки ов однос на разните правни процедури и спорови што се поведени пред судовите на Република Македонија и да се почитува членот 50 од Уставот по однос на итноста и приоритетот. Се работи за

итност и приоритет на тие спорови кои тангираат повреда на човековите права. Мислам дека така како што беше формулиран, не е прифатлив од аспект на уставната организација на нашата држава, иако во суштината на тој аргумент или почитувањето во однос на итноста на процедурите е влезен во заклучокот 1.

Секако дека имам една интервенција во однос на тоа кому се треба да се достави. Комисијата, односно работната група имаше направено пропус во делот на доставувањето на заклучоците. На пример, не беа спомнати единиците на локалната самопурава, иако ние, уште кога бевме таму ветивме дека тие во цлеина ќа ги добијат. И, низа други институции, невладини организации, знчи сите оние кои се засегнати со решавањето на овој проблем. Се надевам дека врз основа на оваа информација, оваа дебата и заклучоците од Собранието на Република Македонија и со нивното доставување до сите овие институции и организации ќе се придонесе понатаму само конструктивно да се разрешува и, се разбира, што побрзо да се разреши проблемот на внатрешно расњелените лица. Секако, главниот правец во кој што треба тоа да биде е остварувањето на нивното основно право, а тоа е враќање во своите домови и ниако поинаку.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ако има некој реплиа, нека се пријави.

Господине Зуди Џелили имате реплика, имате три минути.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Проблемот на внатрешно раселените лица не е моноетнички проблем, туку е мултиетнички проблем. Оваа констатација и овој заклучок го имаат сите меѓународни фактори и внатрешни невладини организации и владини организации.

Иако бројот на раселените албанци е поголем, тој е 60%, бројот на раселените македонци е 32%, албанците не направиле претставки до Анкетната комисија. Тоа е вистина. Затоа и не е расправано или не е донесен некаков заклучок во однос на ова. Меѓутоа, не е вистина дека претставките не се направени затоа што албанците можат да се вратат во нивните места, куќи. Вистината е сосема поинаква.

Токму албанците, години со ред, 50 години со ред не биле третирани од страна на државата. Кај нив, сеуште постои недоверба и дека истите се согласиле со

нивната несреќна судбина дека штетите што ги претрпеле, ќе се обидат да ги надминат со помош на меѓународните организации, како што е Европската Агенција за реконструкција, Меѓународниот Црвен крст и тн. дека истите нивната лоша судбина ја делат со нивните роднини и се обидуваат да ја преживеат оваа тешка ситуација очекувајќи еден ден, со нивната пот и труд, да се вратат во нивните куќи.

Од друга страна, македонското население, научено години со ред, веќе 50 години да државата им ги реши проблемите, државата да им даде станови, државата да им даде кредити и да им ги изгради куќитер, и сега алармираат и прават врева и се создава убедување дека македонците се оштетени, а од друга страна процентите говорат сосема поинаку.

Затоа би ве замолил, кога говорите за раселените да говорите како за луѓе со потешкотии, а не како за луѓе оштетени само од една страна.

Потоа, македонската страна има и политички барања. Нив ги загрижува “Голема  Албаниј”, “етничка Албанија” нив ги загрижува албанското знаме, ги загрижува споменикот на Исмет Јашари, додека пак албанската страна овие политички прашања не ја загрижуваат многу, затоа што тие се определени да живеат во своите места и на своите огништа и да сожвеат со другите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Ристева, имате една минута.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Мислам дека бев многу јасна. Ги цитирав претставниците на Меѓународната заедница кога барав објаснување зошто, иако статистички и бројчано албанските раселени лица се во поголем број, а немаме претставки. Нивното објаснување беше дека воглавном, во главнината на случајот, значи не индивидуално секој случај до случај, кај внатрешно раселените лица од албанска националност проблемот е во чекањето на проблемите со реконструкцијата. Додека кај другите припадници на внатрешно раселените лица од другите етнички заедници пробемот е покомплексен, кој што вклучува и тоа што го кажавте политизација, меѓутоа пред се страв, трауми, случаи на закани, значи многу покомплицирани причини заради враќање во своите места на живеење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рамадани има уште 10 минути до пауза, дали можете за 10 минути да го кажете своето?

Повелте господине Рамадани имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

На самиот почеток сакам да кажам, има една народна поговорка, можеби албанска "Да беше војната добра ние во војната ќе ја засадевме во својот двор". Затоа, кога дискутираме за вакви теми, ние треба да го имаме предвид комплексноста на проблемот.

Јас како човек, априори би искажал една благодарност до Работната група на Анкетната комисија, со самиот факт што тие отишле таму, ги слушнале непосредно граѓаните и факторите од локалната самоуправа односно претседателите на општините во Арачиново и во Липково. И самиот факт што разговарале со луѓе, тамошни, компетентни и непосредно со нив што ги тангира овој проблем, зборува дека тие го детектирале проблемот и врз основа на тоа направиле еден Извештај. Навистина ми е драго што тие ги регистрирале проблемите така како што ги слушнале, но многу малку ги коментирале.

Инаку, што се однесува до заклучоците факт е дека и тие бараат, врз основа на заклучоците, Владата да изнајде можност да биде поекспедитивна, поконкретна, поагилна и повеќе да им помогне нив, за тие за кои ние денеска разговараме. Затоа, Работната група ја има направено својата работа, иако има мали разлики, една дисонанца меѓу нив, во однос на заклучоците на Анкетната комисија и работната група. Но сепак мислам дека е детектиран проблемот.

Што се однесува до комплексноста на проблемот, ние треба да имаме предвид дека луѓето кои ги доживеале сите тие трагедии, и тие се раселени навистина многу е тешко со нив да се разговара. Но, се тргнува од позиција на хуманитарна организација или пак од позиција на организации на Црвениот крст, е полесно со нив да се разговара, затоа што тогаш ќе се разбере каде и како ќе треба да им се помогне. Но, кога ќе се земе предвид задачата на пратеникот и задачата на претседателот на општината тогаш проблемот е многу покомплексен и се рефлектира како резултат на севкупната дневна политика. Доколку и ние создаваме тензии, меѓу етнички, социјални, во целата држава, се разбира дека тоа непосредно

или директно, прво што ќе го допре тоа е допирање на тие луѓе кои се внатрешно раселени. Кога говориме за внатрешно раселени треба да кажеме дека тие се од различни етникуми, значи тие се и Македонци и Албанци и останати и би било добро на таков начин да се разговара и да не се нагласува, особено, само случајот на македонските раселени лица. Значи зависи од тоа кои се тие луѓе во тие перманентни средини.

Јас како пратеник на пример сакам да Ви кажам дека ми има создадено еден голем проблем Друштвото "Зора", што се однесува до моето влијание да се вратат раселените лица во Арачиново.

Кога разговарав со граѓаните Македонци во мојот кабинет, или пак на разните средби со нив, секогаш извлекував зборови кои ги детектираше работната група. Тоа беа, да не се враќаат тие во своите домови затоа што има секогаш шанса да се направи една насаелба само за нив, да се сместат во едни поинакви услови, да не се враќаат во своите домови итн. Затоа често пати сте слушнале разни изјави на една граѓанка, Цвета Наумовска која е вратена и која за своите изјави имаше и последици.

Јас не велам дека не постојат проблеми во Арачиново и во Липково, од разна природа, на кои ние им даваме политичка конотација. Група индивидуи на кои им велиме народно,  ајдуци, или пак самоверниот речник криминалци, ние секогаш можеме да ги имаме и може да се случат грабежи кои нормално нема да биде прифатлива ни за Албанците ни за Македонците. Но ние треба да прифатиме една вистина дека во Арачиново ситуацијата навистина е подобрена, што се однесува до она што значи стабилност или пак безбедност. Но, и натаму треба да се работи со оние кои треба да се убедат и да се потпишат дека треба да се направи реконструкција на нивните куќи итн.

Ние треба да прифатиме една вистина, кај албанците постои еден поинаков менталитет. Јас самиот се вратив со моите сограѓани. Се она што го видовме во Арачиново навистина беше за плачење. Но, јас бев првиот што се собрав и со другите што се вративме, знаеме дека војната ништо ново нема да донесе. И кога ќе се споредиме себе си со оној кој изгубил син, брат итн, и кога ќе се споредам јас со него дека мојата куќа е само опожарена, тогаш јас велам нека остане мојата куќа, нека воопшто и не се изгради, бидејќи кога го видам мојот сосед што го изгубил мојот најблизок, тогаш тоа навистина не може да се спореди. Тоа се ситуации кои ние треба да ги споредуваме.

Меѓународниот фактор одигра своја улога и мислам дека одигра и повеќе од Владата. Тоа е мое мислење. Тие секогаш беа со нив, секогаш ги посетуваа овие населени места, секогаш мислеа и ги помагаа со разни фондови, но сепак сето тоа не е доволно. Потребно е да се биде многу повеќе присутен таму, не само Владата туку и ние од Парламентот. Јас самиот себе се критикувам, бидејќи не сум ги искористил сите форми и начини да бидам поблиску со граѓаните и да направиме нешто повеќе во тој правец.

Исто така треба да имаме предвид, доколку одиме само врз основа на претставките кои се дадени од страна на граѓаните, треба да разбереме дека е многу тешко да бидеме реални за нашите интервенции односно во нашата помош. Јас претходно, еве ќе бидам јавен, еден старец од Љуботен ми се јави, зошто, вели, се кажува дека нема претставки или пак жалби од  Албанците кога јас испратив една претставка до претседателот на Парламентот, не сегашниот претседател, туку претходниот претседател и со месеци никој не ми даде одговор. Вели јас сум оштетен со куќа итн, и немам добиено одговор. Имам такви доста примери.

Ние треба да направиме се, сепак да разговараме за создавање што побрзо добри услови за тие граѓани и не треба да правиме делби, доколку се Македонци тогаш сите максимални работи да им ги овозможиме за да се вратат, додека на албанецот доколку му се постави еден капиџик, еден прозорец, мислам дека сме ја завршиле својата работа. Вакви третирања доколку продолжат, доколку вака ги вреднуваме ситуациите, навистина ние грешиме.

Јас ги молам граѓаните Македонци во Арачиново да разберат дека македонските граѓани во Арачиново не биле нападнати од албанските граѓаните во Арачиново. Ниту еден не бил нападнат во текот на војната. Што сакам да кажам со тоа. Тоа е еден голем елемент за да се искористи еден факт дека тие треба да се вратат во своите места. Гранатирањата што се направени од дистанца, а се уништени куќи, 500 од Албанските, а 50 од Македонските, а над 1100 се оштетени, тоа е резултат на една политика, на едно гранатирање кое беше како канонада, од луѓе кои мислеле дека на таков начин ќе ги решат тие проблеми. Мојот придонес беше, имено беше најавена програмата за разговори што резултираше со регионот, но тоа не сакаше некој да го слушне. И тие кои не сакаа да го слушнат тоа за да се реши проблемот на еден мирен начин, сепак не беа албански функционери, туку функционери релевантни, кои даваа команди за да се гранатира. Кога ќе го разберат тоа граѓаните, кој го направи тоа, тогаш чудно е што одат и плачат токму кај оние кои

им испратиле гранати врз нивните куќи и токму тие плачења се најголеми кај тие луѓе. Значи треба да се имаат предвид овие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

Повелете господине Бејта имате збор.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме точка на дневен ред која е многу чувствителна тема за нашите граѓани, без оглед на која заедница и припаѓаат, Албанци, Македонци или други кои ја доживеаја војната или кризата 2001 година.

Овде, од редовите на пратениците, било од позиција или од опозиција слушнавме мислења. Посебно ќе застанам на мислењето на пратениците од позицијата кои своите мислења ги дадоа во интерес на сите граѓани кои живеат во нашата држава, додека пратениците од опозицијата сеуште не се во состојба да се соочат со реалноста и да ги запознаат своите граѓани и да им го кажат тоа на вистински начин.

Јас ќе продолжам таму каде што застана пратеникот Исмет Рамадани, за да разјасниме некои работи. Тоа важи како за пратениците што тука присутни, така и за граѓаните, а најмногу да ги разјасниме работите за нашите граѓани кои во нашата земја го доживеаја тоа што го доживеаја, за да не се измамиме во прв ред себе си, да не ја измамиме јавноста, да не ги излажеме граѓаните кои страдале.

Јас сум член на Комисијата за заштита на правата и граѓаните на човекот, предложен од ДУИ, кое нешто го спомна и еден пратеник од опозицијата дека во Анкетната комисија немало претставник од редовите на пратениците на албанскиот блок. Јас со најголемо задоволство би учествувал и во анкетната група за да ја видам реалната состојба на граѓаните кои претрпеа штети. Меѓутоа, да ја кажам вистината. Овде е и претседателот на Комисијата за заштита на правата и слободите на човекот. Мене како член на работната група ме информираа дека треба да се оди во Липковскиот регион и во Арачиново еден час пред да се тргне натаму. Јас не можам за еден час да донесам одлуки и да им се придружам, меѓутоа како и да е овде сме за да ги изнесеме нашите аргументи и за да ги расчистиме

дилемите. Проблеми нема само во Липковскиот регион, во Арачиново, туку проблеми има и во други населени места опфатени со кризата како што е Селце, Дреновец, Битола и други места каде граѓаните на разни начини претрпеле штети. Едно нешто треба да ни биде јасно, дека кризата се случи во периодот на владеење на минатата Влада на заедничката коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Раселени или отстранети од нивните населени места од нивните живеалишта имало кај двете заедници, од двете националности. Имало раселени и Албанци, раселени се и Македонци и припадници на другите заедници. Меѓутоа поранешната Влада не ги третирала подеднакво граѓаните од својата држава, туку ги има двоено врз национални основи. Поинаку Владата ги третирала граѓаните од македонска националност, поинаку ги третирала граѓаните од албанската заедница. Исто така имало и граѓаните од другите заедници.

Почитувани колеги,

Едно нешто треба да имаме предвид. Ако мајката како мајка воопшто родителите прават дискриминација на своите деца тогаш нивните деца ќе се налутат со мајката или со нивните родители. Исто така и граѓаните Албанци кои што не се третирани како што треба од страна на минатата Влада, поранешната Влада, тие имаат душевно право за да се налутат затоа што не биле третирани како што треба. Тие се граѓани. Вооружени конфликти во историјата на човештвото не се случиле за прв пат во Македонија. Историјата на човештвото, откако се појавил човекот е полна со војни, а војните знаеме дека се случуваат поради неправди. Ние имаме аргументирани докази, живи докази. Граѓаните на албандката националност се раселени и ја преминаа и границата, отидоа во Косово. Не требаше така да ги третираме граѓаните на албанската заедница, туку и на нив привремено требаше да им се најде засолниште во нивната држава, затоа што тие се граѓани на Република Македонија.

Имаат право, значи нашите граѓани албанци што се лутат зошто не се третирани така како што се третирани граѓаните македонци. Тие беа третирани поинаку и се сместија во неколку центри со услови такви какви што ги има државата. Ќе беше добро да имаа многу подобри услови. Меѓутоа, ние знаеме каква што ни е состојбата во државата. Државата наша е таму каде што е, во една тешка социјално економска состојба, и ние тука треба да употребиме поголема мудрост за да ја извадиме нашата држава од оваа тешка социјално-економска состојба. Граѓаните на економскиот блок кои што се сместени во овие населби имаат и свои планови. Јас

ова со болка го кажувам затоа што тие живееле во села, сега се засолнети во урбани делови. Во Македонија немаме малку примери во било кој дел на Македонија, имаме многу практични примери дека многу граѓани на разните заедници било македонци или албанци кои што се раселени од разни причини. Основните причини ги знаете, се економските. Јас само ќе земам еден пример кој што и јас добро го знам, јас го знам добро тој дел, јас сум од Река, планинскиот дел на Река. Раселени се сите граѓани поради економските услови. Ако се случеше во воена криза, тогаш ќе се обидевме да придобиеме од таа криза за личните индивидуални интереси. Ќе ги продадеа своите имоти и целиот имот во Река е непродаден. Се е тоа законски регулирано, меѓутоа нема кој да ги купи. Додека сега, треба да се соочиме со вистината дека им се нудат услови за да се вратат. Така им се понудени услови и на албанците, меѓутоа, албанците се како народ кој што пател многу, тие се помагаат меѓу себе на разни начини. И, не прават многу врева за многу работи. Затоа што се обидуваат со свои сили, со своите пријатели, со свои другари да ги надминат и се подразбира ќе беше многу човечно да имаат помош и од Владата и помош која што ќе им ја дадеше меѓународниот фактор. Меѓутоа, тие се вратија во своите места и се обидуваат да се вратат. Меѓутоа, не прифаќаат, логиката не прифаќа да се каже дека и за мене тоа е и навредливо за децата албанци да се користи во политички речник, да се каже дека албанските деца фрлаат камења на куќите на припадниците на македонската заедница.

Самиот сум педагог и родител. Детето како го третираш, како го учиш така се однесува. Третирај го добро детето не знае да прави разлика меѓу националности. Детето е ангел. Ако го третираш добро детете се однесува прекрасно, меѓутоа и неговиот родител ако не го третира добро своето дете тој не се однесува добро кон своето дете не е човечно да се спомнуваат албанските деца во кризните региони како Липково, Арачиново и другите места дека правеле пресија.

Треба да ја кажеме вистината дека никој не им прави пресија. Не децата, туку албанците никогаш не правеле притисок на припадниците на македонската заедница. Друго е што сакаат да се вратат во своите населени места и да се соочат со аргументи. Зошто сме ние тука? Ние сме претставници на нашиот народ кој не избрал за да донесуваме закони и да ги штитиме интересите на нашите граѓани воопшто. Меѓутоа, со аргументирани аргументи.

Понатаму, да спомнеш симболи, секоја националност има свои симболи. Многу работи кои не се регулирани со закон ќе се регулираат, меѓутоа, симболите се

употребуваат од душевен аспект. Народ кој го сака својот симбол не можеш да му дадеш симбол на друг народ со сила, нема можност. Секој народ си има свои симболични бои кон кои има почит и чувствува душевно задоволство во својата душа.

Ќе дадам уште еден пример, во текот на владеењето на минатата Влада се случи нешто многу нечовечно. Поранешната Влада организираше палење на куќите на албанците во Битола. Тука треба да дејствува државата, Владата, да се заштити богатството и имотот на секој граѓанин, без оглед на која заедница припаѓа.

Реков дека поранешната Влада не се ангажирала и не ги третирала, како што треба, граѓаните албанци. Оваа Влада сега треба да работи за да ги третира сите граѓани во државата на рамноправен начин без оглед на која заедница припаѓа, на која националност, дали е албанец или македонец или е од друга заедница. Тие ја имаат истата болка, а која ја имаат реалната болка за враќање во живеалиштето каде што живеел и каде што сакал да живее. Меѓутоа, тој сака да го продаде имотот, тоа нека го прави, меѓутоа, нека не прави политички маркетинг.

Друго, што треба да се нагласи, што се расправало и се дискутира и во Комисијата. Граѓаните на македонската националност основале свое друштво Зора. И јас сум сведок кој што учествувал во Комисијата, и имам и други колеги, членови на Комисијата за заштита на правата и слободите на човекот. И ако грешам, слободно може да ме поправат, да ме исправат. Членовите на друштвото Зора учествувале колку што знам на две седници на Комисијата за заштита на правата и слободите на човекот, и јас колку што сум забележал тие не се соочуваат со болката која што ја имаат, за да се вратат во нивните живеалишта, со помошта која би им ја правела Владата и меѓународниот фактор и со помошта која сами си ја дале сами на себе си. Меѓутоа, тие се занимаваат со политика. Не домашна политика, туку се занимаваат со меѓународна политика, дури и се мешаат и во внатрешните работи на Косово. Тука го имам и материјалот на друштвото Зора. Ќе се обидам да го преведам, со што тие се занимаваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знаете што, внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново. Друштвото Зора не е на дневен ред. Ве молам, не би рекол дека е поврзано.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Од тоа е произлезена Информацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А, имета во Информацијата и такво нешто. Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Да го разјаснам ова што го кажа претседателот на Парламентот.

Од Информацијата на друштвото Зора е формирана информацијата за која што ние расправаме денес. Затоа претседателе, ќе ми дозволите да кажам два три збора, во интерес на сите граѓани.

Во 1993 година се пуштени некои листови. кои, преку тие памфлети е направена пресија, да тогаш македонците се раселат, што не е вистина. Потоа се мешаат во институциите. Променето е името на Основното училиште во Арачиново. Тоа е работа на институција. И не треба да се прави политика од тоа. Ако почнеме да основаме друштва од раселените албанци, тогаш немаше да има доволно хартија за да се напише нивното страдање. Меѓутоа, да ги оставиме тие работи, тоа ми беше целта. Да ги оставиме нив и да работиме сите заедно за сите граѓани, на рамноправен начин за да тие се вратат во нивните живеалишта. Без да се прави дискриминација.

Како пратеник и без да се прави политика. Како Влада треба да се направи и да се дејствува во практика, и да видат граѓаните во практика дека им се помага на рамноправен начин на граѓаните кои имаат иста болка, ист проблем.

Во оваа насока треба да говориме, додека ако сакаме да говориме поинаку, тогаш правиме грешка. Затоа што само ќе ја подигнеме тензијата кај граѓаните и притоа незнаејќи ја вистината и ќе направиме конфликт и судири кои што не се во интерес на граѓаните, а најмалку се во интерес на тие кои што се во оваа состојба, во која што се. Треба да ги мобилизираме сите сили, заедно без оглед на кого припаѓаме, на позиција или на опозиција, да им помогнеме на овие граѓани кои што се во оваа состојба. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бејта. Јас се извинувам, ова од друштвото Зора беше како дополнителен материјал, јас тоа не сум го приметил.

Господине Трендафилов, имате реплика или збор.

Господине Караџоски, реплика или збор.

Реплика, повелете 3 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас би сакал да му реплицирам на господинот Бејта, нешто што кажа апсолутно невистина. Тој во својот говор кажа дека поранешната Влада

организираше палење на куќите во Битола. Тоа е ноторна лага. Апсолутно не е точно. Ниту Владата организирала, ниту палењето на куќите беше последица на некаква одлука на Влада.

Само да го потсетам господинот Бејта, бидејќи во тоа време тој беше на другата страна, дека палењето на куќите на албанците во Битола, беше последица токму на дејствијата што ги правеше и Бејта и неговата компанија.

Према тоа, да потсетам дека тоа следеше после загинување на осум бранители кои што беа од Битола, во Вејце, за кои што сите добро знаеме, не траба да го повторуваме овде. Значи тоа беше еден спонтан револт, кој што се случи во Република Македонија за жал. И токму тоа господине Бејта, начинот на кој што вие и вашата дружина бараше права, за кој што денеска разговараме, на тој начин на кој што ги баравте правата, дека се раѓа и еден друг бирач. И каде се можше да не одведе таквото, нели барање на права на оној начин на кој што вие ги баравте. Тоа е едната работа.

И втората, цело време зборувате господине Бејта, се изразувате овде, граѓаните на македонската националност во својот речник. Не постои македонска националност во Република Македонија господине Бејта, постои македонски народ. А за националност можеме да зборуваме во други прилики, и која е таа националност и кој ја таа сочинува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Бејта, 1 минута контра реплика.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Жалам што господин Караџоски, жалам што не знаете да правите разлика меѓу граѓаните и вооружениот конфлик, значи војната. Војната е војна. Јас реков и во мојот говор. Меѓутоа, каква вина имаат граѓаните кога во еден дел се прави војна и да се оди по куќите на граѓаните албанци, да и се палат и да се плашат. Мајките албанки, децата албанци и општо граѓаните. Тоа што го кажав јас имам аргументи, дека тоа се случило во периодот на вашето владеење и сте биле во заедничка коалиција со Демократска партија на албанците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате 3 минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседтеле,

Јас би сакал да му реплицирам на господинот Бејта, значи тој и овој пат настапи во неговиот виден стил.

Имено, јас во делот на неговата дискусија, само би го извлекол едниот дел, а тоа е дека тој тука јавно призна пред македонската јавност, а тоа мислам дека го слушнаа и сите пратеници од Социјалдемократскиот сојуз кои не обвинуваа дека војната во 2001 година ја направи ВМРО-ДПМНЕ. Господинот Бејта многу јасно кажа албанците не биле третирани како што треба и затоа парафризирано направија војна. И тие војни не биле ништо чудно во историјата. Еве и сега ќе направеле војна.

Само да го потсетам господинот Бејта. Дали тој го преспал времето пред 2001, па се разбудил, од историјата од пред сто години, сто години спиел веројатно, бидејќи кога они ја направија војната, агресијата во Република Македонија, албанци од албанската националност имаше министри, имаше потпретседател на Влада, имаше амбасадори, имаше директори на јавни, државни претпријатија, градоначалници, началници на подрачни единици. Значи во системот беа влезени во многу, многу голем процент. Можеби не е тој процент, онолку колку што е процентот на застапеноста на албанците во Република Македонија. Меѓутоа, тој процес беше интензивен и најмалку во една цивилизирана и една демократска држава, со војна се решаваат работите како што ги реши ОНА или сега трансформирана во политичката партија ДУИ.

Затоа пратениците од СДСМ кои што стално не окривуваат сега јавно им се кажа кој е тој виновникот и кој е тој што ја направи војната. Иако после сето тоа и самите албанци се загрижени поради сето ова што се случува после војната, особено од економската криза, која што се проценува на повеќе од 2 милијарди евра, но со сите последици финансиски од таа војна. Па прашајте ги граѓаните албанци како се чувствуваа пред 2001 година економски, како се чувствуваат сега. Одете на пазарите, разговарајте со нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Бејта, 1 минута.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодрам.

Не само албанците, туку сите други народи не прифаќаат дискриминација. А што е во однос на учеството на албанците во највисоките државни органи, било во Владата или во Парламентот, вистина е дека биле, но не работеле за интерес на

граѓаните. Доколку работеа во интерес на сите граѓани, Македонија ќе беше поинаква држава. Додека сега да не заборавиме пред нас го имаме Охридскиот договор. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Ристова, вие имате, реплика. 3 минути реплика. Повелете.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам господине претседател,

Јас имам реплика во два аспекти на излагањето на колегата Бејта.

Првиот дел е во однос на неговата дискусија за поинаквиот третман за раселените лица од албанската етничка припадност. Јас би сакала да истакнам дека иако го разбирам настојувањето на колегата да ја изрази комоплексноста на проблемот со раселените лица, сепак ние збориме како што и кажав во моето излагање за конкретни преставки. Спомнувањето на овој проблем, во својата компексност можат, еве ДУИ или колегата Бејта да го иницираат преку поднесување на друга Информација. Сега замолувам да се држиме за конкретните претставки од многу битна причина да не се сведе дискусијата по Информацијата, по конкретните претставки за тоа, јас на тебе, ти на мене, кој повеќе страдал и како страдал, бидејќи се изместува самата дискусија.

Значи, има механизам како да се разгледа од страна на ова Собрание, другите аспекти, другите проблеми, на други категории на внатрешно раселените лица. А како што кажав до Комисијата ние тоа го немавме.

Втората моја реакција, иако јас се согласувам дека во однос на внатрешно раселените лица кои што имаат поднесено претставки, слушнавме и во текот на работата многу и нереални барања, и неконструктивни барања, меѓутоа, останува фактот дека овој проблем е дел од Рамковниот договор, и дека и политичките партии, вклучително и ДУИ треба да настојуваа, можеби многу повеќе, во овие средини каде што раселените лица се од македонска, српска или друга припадност, да покажуваат исто толку енергичност и ентузијазам во решавањето на проблемот, на исто ниво како што тоа го прават во однос на другите аспекти на Рамковниот договор, а да не го релативизираат со покренување на други прашања, по конкретна точка на расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот г-динот Беќири.

НАЗМИ БЕЌИРИ:

Благодарам г-диен претседател, почитувани пратеници, од Владата не гледам ниту еден претставник, ве поздравувам сите,

Мојот краток говор ќе го почнам со еден поздрав кон раселените и истовремено изразувам болка за тие кои не се во своите домови, истовремено им посакувам да имаат добро здравје и што побрзо враќање во нивните домови.

Анкетната комисија, што произлезе од Парламентот, природно дека се оснива за да ги увиди проблемите на тие луѓе кои се раселени и да донесеме заклучоци за да се подобрат нивните услови и што побрзо да се вратат во нивните домови. Оваа Комисија е составена од три члена, каде едниот од нив е албанец. Сега имаме информации што дојдоа од оваа Комисија и сигурно дека оваа Информација ја причитаа сите кои се овде. Немаме што да говориме за неа, бидејќи во неа, во Информацијата за раселените албанци не станува збор воопшто. Јас не сакам ниту да критикувам, ниту да обвинувам некого зошто не ја направил оваа работа како што треба. Имало можност да се заинтересираат за раселените албанци, бидејќи нивниот број не е мал. Овде имаме податоци од Меѓународниот Црвен крст, од ОБСЕ и од други, дека поголем број од раселените лица се албанци. Има објавувања во разни списанија и весници. Во еден напис од 7 јули се наведува дека албанци раселени од своите домови има околу 2500 лица.

Во оваа Информација за раселените се наведуваат некои населени места каде обично има само македонци раселени лица, додека не се спомнуваат другите раселени лица, како што е случајот со Танушевци, Брест, Злокуќани. Сеуште не се вратени, ниту еден дом не е обновен во Злокуќани. Значи и овие места сме ги постиле. Иако овде се рече дека не сме имале посети и заинтересираност за овие луѓе кои се раселени од своите домови . Во Злокуќани бев јас лично со ОБСЕ и Конкордија  и немаше ниту една реновирана куќа или подобрена состојба од 2001 година. Потоа во една населба ниту можеме ниту да отидеме, да се пробиеме бидејќи војската која беше тука на меѓународниците ни рекоа дека тој дел е миниран и не смееме да одиме таму. Јас овие информации сум ги донел, посети сме имале и кај раселените кои се надвор од земјава и на Косово, во Витина каде што сме ги посетиле не сите, бидејќи се многу но еден број од овие раселени сме ги посетиле. Потоа побаравме и од хуманитарните здруженија да ги помогнат овие луѓе , да им

излезат во пресрет бидејќи само со хомунитарна помош живеат овие луѓе кои се надвор од државава.

Една ваква молба поставив и до г-динот Дон Ѓурѓели за да се згрижи за тие луѓе кои се таму и ова е врз основа на своите можности што ги има и тој може да се грижи за овие луѓе. Сега јас не сакам да повторам ниту еден збор од тоа што се рече претходно но реков дека раселените албанци живеат само од помош и се сместени тамо каде што им е имаат отворено вратата своите пријатели и живеат во многу тешки услови за живот, во мизерни услови можам да кажам.

Овде врз основа на оваа Информација се алудира дека во овие делови како што е Матејче и Опаје и некои други населени места дека нема безбедност , иако и во оваа Информација тоа што се вели од ОБСЕ и другите меѓународни органи кои имаат дадено свои размислувања во оваа насока се вели дека има безбедност , па тие луѓе се добродојдени во тие огништа.  Но како што изгледа ние сами импровизираме несигурност бидејќи по оваа работа на оваа Анкетна комисија јас сега вината си ја ставам и на самиот себе , на членовите кои биле во оваа Комисија, бидејќи овие членови требало да бараат да се псотави и проблемот на овие граѓани без оглед дека тие немаат организирано едно друштво, како што е Друштвото “Зора”.

Но и покрај тоа во еден дел  од нив имаме од сите страни, бидејќи до колку не би се жалеле овие луѓе како ќе знаеше Меѓународниот црвен крст за нивниот број, или другите меѓународни здружени кои ги држат овие луѓе. Значи претставки има во насока на нивната безбедност бидејќи еден голем број на овие лица немаат ниту лични документи , документи за патување и затоа тие не се виновни и ние треба да им ги исполниме овие барања и условите за да тие се вратат. Преставки има  и во насока на тоа што се вика несигурност од разните пунктови, полициски каде што се малтретираат граѓаните и без потреба се малтретираат , не легитимираат. Значи оваа несигурност која се јавува од една страна на психолошкиот афект , додека од друга страна е ова една фактичка состојба  и нормално ние треба да работиме да ги подобриме условите за живот но би ве замолил оваа Информација да се исполни со дополнителни информации  бидејќи тоа што го рече г-ѓата , добро е сега албанците посебно да излезат со една поинаква информација. Мене ова не ми се допаѓа бидејќи се прави една поделба, што не е добро.

Сега значи посебно ќе говориме за раселените албанци, а посебно за другите раселени. Мислам дека ова не е добро и треба да се пролонгира рокот за

донесување на овие одлуки што се овде, што се добри, пикрај првата, што не ми се допаѓа. Таму се вели нема безбедност за овие лица бидејќи сите извештаи на меѓународните организации се дека имаат безбеност. Другите заклучоци се добри и автоматски се подразбира дека овие одлуки се само за граѓаните на другите заедници а не и за албанците.

До колку одиме со вакви поделби, тоа значи дека самите ја импровизираме несигурноста. Сигурно дека последиците ќе ги сносиме заедно.

Јас не сакам да должам, толку сакав да кажам, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Андов, а птоа нека се подготви ..

(пратеникот Марија Којзеклиска интервенира)

Што е г-ѓо Којзеклиска?

(пратеникот Којзеклиска изјавува дека бара збор за реплика)

Па, јавувајте се на време, а не кога ќе почнам..

(пратеникот Којзеклиска реагира дека веднаш по завршувањето на говорот се јавила за реплика)

Повелете  г-ѓо Којзеклиска имате реплика три минути.

Ќе се јавите за време на зборење, можеби.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Многу почитуван претседателе,

Благодарам што ми кажавте кога треба да се јавам за реплика.

Кратко ќе реплицирам на делот на излагањето на колегата. Мислам дека се создава ситуација во која Што колегите од албанската заедница своите насоки и размислувања по повод Информацијата за внатрешно раселените лица исклучиво ја концентрираат на припадниците на албанската заедница, иако декларативно, секогаш на почетокот почнуваат со - колку жално, колку е трагично тие луѓе што немаат дом каде да се вратат. Колегата дури пожела и добро здравје на тие луѓе. Меѓутоа, фактичката состојба е следна.

Во таа работна група, согласно Информацијата што ја имаме, има и член на ДУИ, тоа е г-ѓа Теута Арифи. Значи, до колку сакале албанците кои се раселени лица за кои колегите кажуваат дека биле во многу голем број, дека биле сместени во фамилии, дека живееле мошне мизерно, мислам дека сепак треба да комуницираат

со членот на Работната група што ја формира постојаната Анкетна комисија и г-ѓата Теута Арифи да им образложи зошто таа не била присутна на посетите што ги организирале.

На крајот, сметам дека оваа Информација, за разлика од онаа теза што сакаат да ја наметнат колегите од албанската заедница дека не се однесува на македонци, само на македонци. Не можам да разберам што ги спречувало луѓето кои се раселени лица од албанската заедница да не учествуваат во сите оние активности што се превземени од страна на постојната Анкетна комисија. Не сакам изместување на тезите и исклучиво концентрирање на раселените лица од албанската заедница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Асани имате реплика, или барате збор?

Не можете да реплицирате на реплика.

Повелете г-дине Андов а потоа нека се подготви г-динот Трендафилов.

СТОЈА АНДОВ:

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Денеска имаме на разгледување Информацијата за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново со предлог на заклучоци.

Оваа Информација имамвме обврска да ја дадеме за тоа што прviot ден кога разговаравме за оваа проблематика по претставките што ги добивме Комисијата заклучи дека ќе треба да се изработи информација и да се достави до Собранието на Република Македонија  и ние си ја организиравме работата и ја доставивме оваа Информација.  Морам да кажам од почетокот се мислевме и во Комисијата да не доставувањето на оваа Информација , иако има сосема јасна функција Информацијата , сосема јасна намера да не предизвика една општа лавина на спомнување на сите проблеми и конфликтни точки , сите амунизитети итн. и фактички да се изгуби Информацијата и она што таа го предлага овде, што дава увид и предлог заклучоци , туку пак да правиме попис се што не е решено , колку е привидно тоа оти сме си простиле едни на други со амнестии и незнам со ова со она, туку дека секој си има свој тевтер и од него си зема кога колку му треба за да

плесне на оној другиот тоа што намера да му плесне , и мислам дека тој ствар што го имавме еве делумно се покажа точен и затоа јас многу жалам сега , зато ашто може да се случи да се измести целата оваа намера и работа која ја сработивме.

Сакам да ви казам дека ние добивме претставка од конкаретни луѓе потписани со свое име и презиме лично и со адреси и тие претставки ги зедовме во обработка. Направивме работна група за да ја испита целата состојба, да контактира со странските мисии овде, со невладините организации, со другите институции во државата кои исто така имаат своја функција и овластување во областа на заштита на правата на човекот. Таа работна група не ги достави сите тие извештаи врз основа на кои што е направена ова Информација, кратка информација со заклучоците.

Оваа работа ја работевме година ипол. Ако се земе, уште работиме на тоа. Сакам само да ви кажам дека не можат, додека сите прашања на нарушување на човековите права, по основ на категоријата раселени лица да се опфатат во една информација или во една претставка, ниту може на конкретната категорија што имаат свои претставки сите аспекти на заштита на човековите права да се опфатат само во оедна институција како што е Комисијата, нашата, Анкетната комисија за заштита на човековите права. Таа е востановена со Уставот. Таа е единствено тело во оваа област, за оваа намена во Македонија што е востановена со Уставот.

Затоа, сакам да ви спомнам дека Работната група ги запозна сите напори и на Народниот правобранител и на министерствата и на невладините организации, но таа мораше својата работа да ја заврши и таа, својата работа ја заврши. Видете, нашата Комисија во Собранието, за заштита на човековите права има овластување да постапува по претставки и по некои пошироки појави што ќе се испостават и кога ќе се добие, што бараат некои системски дотерувања итн, што е во Уставот сосемо добро дефинирано, но не треба да се задржува не ни е намера да се задржуваме и да ги поучуваме другите институции, да им пресудуваме дали добро работат или не областа на човековите права, како што се невладините организации, Народниот правобранител итн. Затоа, ниту во Информацијата, ниту во извештаите, ниту во заклучоците нема свртување кон тоа што тие да работат и што тие треба да сработат. Тие имаат своја функција во нашиот систем на заштита на човековите права и нека си ја тераат таа работа. А, ние, како Комисија ќе мораме нашата работа да ја извршиме.

Сега, сигурон има и ми беше мене речено, кога формиравме Работна група дека г-ѓата Арифи рекла дека има и албанци раселени од своите домови. И, колку што знам и во Работната група и е речено, а и јас им реков на членовите на Работната група, и реков и нејзе дека е добро, ако е така, да дојдат претставки, да го комплетираме досието и да можеме во целост да го разгледаме прашањето на раселените лица во Република Македонија . Видете, раселените лица, како што кажува самиот термин, тие фактички се лишени од својот дом. Тоа е една голема несреќа на тие луѓе и ние, во Комисијата, не ги гледаме по тоа дали се македонци по род, дали се од албанската етничка заедница, дали се роми. Меѓу овие кои се потпишани има и срби. Не се само македонци. Има и срби.

Според тоа никогаш не сме сакале во оваа активност од година ипол да го гледаме прашањето само заради тоа што сме македонци па не доболело, па ние, еве покренавме цела една посапка од година ипол испитување итн. Ние од имињата и презимињата и каде живеат гледаме дека грото се македонци. Но, за нас е многу важно што тие се граѓани на Македонија. Се едно што се македонци, не мора да носат одговорност само затоа што се македонци и последици да носат, се лишени од можноста да го користат својот дом својот имот, слободно да се движат до домот и назад итн. Тоа е факт.

Сега зошто не го разгледаме и проблемот на раселените албанци? Ве молам, нека дојдат претставки, затоа се политичките партии и здруженија кои постојат итн, да ги артикулираат тие нивни проблеми, проблемите на граѓаните кои се лишени од дом, да можат да си постават барања и да се разгледа целиот нивен случај. Еднакво ќе постапиме и за албанците, за турците, ромите, и било кои. Еве имавме други претставки од здруженија на роми, за претерано насилство на органи од полицијата спрема двајца граѓани од ромско етничко потекло. Сосема јасно и непристрасно Комисијата да ја истера целата работа на чистина и донесе свои заклучоци по кои, колку што јас знам, постапи полицијата, ги зема на одговорност луѓето итн. Според тоа нас апсолутно не ни било да не мотивира тоа да го расправаме проблемот на раселените само заради тоа што се македонци. Едноставно луѓето се нашле во една несреќна ситуација, нивните права се нарушени и ние како орган, како тело на собранието, задолжени со Уставот, моравме оваа работа вака да ја истераме. Сега, ако во црвениот крст има податоци, ако има податоци во ОБСЕ за раселените албанци, тогаш сосема природно би било тие луѓе прво да дадат претставка до оваа Комисија. Ако дадат претставка ние тоа ќе го разгледаме. Сакам да ви кажам дека

може да се упати писмо до претседателот на Собранието, и претставка но ако тоа не дојде до Комисијата ние не можеме да отвориме постапка. Сега еден од моите колеги зборуваше овде за еден постар човек албанец од Љуботен. Можно е тоа да го испратил писмото или претставката до претседателот на Собранието не сегашниот претседател Јордановски туку претходниот, меѓутоа до нас не дошло, претставка до нас не е упатено. Зошто, јас незнам и не можам за тоа да зборувам. Меѓутоа, ние вака ќе се најдеме во една многу незгодна ситуација да можеме да ги користиме институциите, за клучи прашања што се од интерес за заштита на правата на граѓаните. Утре ќе се случи овде да дојде претставка од граѓанин наш на Македонија, албанци, за некои права да речеме во користењето на земјиштето или водна заедница итн. И сега, заради тоа што се тие албанци ние да сседнеме и да кажеме, ајде сег да седнеме и да видиме и кои македонци има кои се засегнати во таа работа, ние така само ќе си ги блокираме институциите. Ние сега сме упатени не да се додворуваме на македонците и на албанците кај нас, туку сме упатени на една задача, ако имаме едно конкретна досие, ако имаме отворена постапка во рамките на прописите кои постојат, Устав, Деловник, закони во Македонија што важат итн. Таа постапка секогаш надлежниот орган треба да ја истера. Ако тоа не го правиме, ако ги врзуваме сите работи една со друга и ги условуваме, ние фактички ќе ја блокираме работата на сите институции и ќе ја блокираме работата на сите активности во Собранието. Ниеден проблем, раселени лица, киднапирани исчезнати лица, не може да се јави само кај една заедница, кај македонците да речам, или само кај албанската етичка заедница итн. Но така како што се јавува ќе се разгледа едниот па ќе се разгледа другиот итн., без намера тоа а се политизира и сочувствата и страдањата на луѓето во поедини прашања , од оваа говорница да се покажуваат своите емоции, колку на тие луѓе сме приврзани затоа што сме македонци или албанци. Не е така. Ние сме приврзани кон било кој граѓанин ако може да ја завршиме работата, да го ослободиме делумно од неговата мака во која западна каде се ограничени остварувањата на неговите човечки права. Сега ако почнеме да си префрламе дека 2001 година, едни биле на оваа страна, други биле на онаа страна итн., тоа нема крај, тоа е друга тема. Тоа нема да не доведе во можност некое прашање да решиме. Едноставно, ќе го решаваме тоа кој колку бил во право таа година, и кој што работел и ќе почнеме да си ги средуваме пота. Тоа е друго прашање. Ако сакаме тоа да го расправаме на друг начин тоа може да се расправа. Овде кога ќе земеме пршање како што е човекови права на раселени лица со јасн

апретставка, морам да ви кажам без оглед кои чувства ги кажуваат тие лица, и што кажуваат, ним основно им е дали оваа држава со своите институции може и знае да ги решава нивните проблеми во кои се нашле, а ништо нема да му олесни со тоа кој на која страна бил итн., Треба сите ние да се надминеме и да кажеме, добро тогаш бевме вака поделени, така поделени, но решивме да не продолжи тој конфликт. Донесовме амандмани на Уставот, носиме закони, донесовме закон за амнестија, донесовме многу закони за имплементација на амандманите, тоа Што треба уште ќе се донесува, ќе се договара, ќе се конфронтираме, Парламент е тоа, тоа е наша работа, тоа е наша задача, но, пред конкретните прашања има да си ги отвориме очите и да ги решиме правилно да ги согледаме и правилно да ги решиме.

Сакам да ви кажам дека цело време, од почетокот на оваа активност на комисијата, еве тука се членовите на Комисијата, најмногу гледав и инсистирав да не се политизира цела оваа работа, на никого да не му дадеме шанса од тоа да прави свои политички поени, туку ако можеме на луѓето кои се нашле во неволја да им помогнеме полесно да си ги решат прашањата. Заради тоа, и кога сум прекинувал седници на Комисијата, тоа било само заради тоа што расправата земала друг правец, почнале навреди, почнале политизации инт.

Сега, за заклучоците што се овде дадени од Комисијата, тие од точка до запирка, запирка што се вели се усогласени меѓу сите членови на Комисијата., сите членови на Комисијата, без оглед дали се албанци, македонци итн., било од која партија. Ваквиот тек на заклучоци е комплетно усогласен меѓу членовите таму на седница на Комисијата. Затоа јас сега воопшто не разбирам што треба да направиме со овие заклучоци. Дали сега некои нови впечатоци имаме заради тоа што тоа се снима и се пренесува, дали на нов начин ние сега мислиме да им помогнеме на луѓето, или тие луѓе ќе бидат дека целата нивна мака што они се надевале година ипол дека некој став по тоа нивно прашање ќе се заземе од страна на Собранието, фактички и овој пат ќе го искористиме ние да си кажеме колку едни ги сакаат едните, други други сакаат итн., а несреќата е многу голема на тие луѓе.

Јас предлагам сега да се концентрираме, да видиме, дали некоја материјална неточност во текстот на заклужоците има. Ако нема таква, а тоа би требало да дојде со амандман и со образложение дека е тоа така, ние да ја усвоиме информацијата и да ги усвоиме заклучоците. Со овие заклучоци фактички се создава и обврска на Собранието. И други луѓе од друга етничка заедница ако имаат слична несреќа да можат со право да се обратат на оваа Комисија, Комисијата и нивните прашања ќе

ги доведе овде пред Собранието и тиеј ќе добијат своја сватисвакција. Ако ние овој обид го спречиме сега како ќе се надеваат други дека има смисла на една институција како што е Комисијата да дадеш претставка кога ќе знаеш дека ќе најдат зошто да се разликуваат во Собранието и зошто таа работа да ја оневозможат. Тоа не е добро. Тоа не ни дава можност на сигурност на институциите, не ја зголемува нејзината ефикасност и го подгрева сомневањето дека целите треба да се постигнуваат надвор од институциите, а тоа е страшна работа. Ништо немаат луѓето од тоа што некој многу ги сака своите. Еве ние многу ги сакаме македонците, а вие албанците многу ги сакате, ама општа сиромаштија е, луѓе. Ние како водачи треба малку поинаку да се поставиме, бидејќи тие ни дале мандат ние овде во Собранието да ја водиме оваа институција, да работиме овде, и да ја завршуваме работата.

Предлагам да се прифати оваа информација и да се прифатат заклучоцитеј што ги предложивме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сакам само едно мало дополнување.

Ние, нема да гласаме за информација. Ние ќе гласаме за заклучоците.

Јас го прифаќам апелот, имаме доста дискутанти, кој мисли може да се откаже или барем да ги рационализираме расправите на еден краток период од пет минути.

Реплика има г-ѓа Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Јас само во делот на заклучоците.

Јас лично бев во специфична ситуација што во голем дел учествував во работата на работната група на анкетната комисија, меѓутоа потоа престанав да бидам член и неучествував, во формулација на конечните заклучоци. Како што знаете јас поднесов нова верзија на заклучоци кои што во суштина не го менува интегритетот на заклучоците што беа предложени од Анкетната комисија, туку прават во голем дел промени во смисла на стилски подобрувања, поголема прецизност, а само на една до две места кои што ги истакнав ги идентификував во моето излагање. Правам интервенција со додавање на некои аспекти кои што ги има во извештаите. Меѓутоа не се изразени во заклучоците и затоа јас пред се од номотистички причини не во форма на амндмани туку во форма на интегрални

заклучоци ги предложив. И сега да предлагам нормално како што е во процедурата да се гласа и за истите, но сакам да појаснам дека во суштина интегритетот на основните заклучоци на Комисијата не се доведувал во прашање, туку сепак мораат заради додавките и подобрувањата да се стават и заклучоци што јас ги предлагам на гласање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Андов. Една минута.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи тоа колку се во суштина исти заклучоците треба да утврди Комисијата ќе мораме да одиме на седница на Комисијата ќе отвориме нова постапка на усогласување, ќе се искомплицираат тие работи, затоа ја молам пратеничката Ристова да си ги повлече заклучоците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние имаме два заклучоци дали се блиско сличност, важно се два и по два ќе се изјаснуваме. Ако не се постигне некаков компромис.

Али тоа, до крај на расправата има време.

Повелете г-дине Аднан Јашари, имате три минути. Повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседател.

Јас сакам да реплицирам накратко на г-динот Андов. Меѓутоа, ако сака да ме ислуша.

Потполно би се согласил со г-динот Андов кога вели дека за да се иницира постапка во Парламентот или во Парламентарните комисии, треба да постои иницијатива или барање од определени лица, во овој случај, барањето за да се разгледа позицијата на раселените е разгледано од една страна. Меѓутоа, г-дине Андов, ако се гледа внимателно, значи извештајот како информација за раселените лица од Липковскиот и Арачиновскиот регион е формулација која што за мене е многу воопштена и преполовена и во ниедно место не ја исклучувам можноста за да не се дискутира и да се разговара и за раселените албанци. Во оваа насока јас

мислам дека грешката е токму кај вас, затоа што сте именувале, ако забележувате, именувањето на овој извештај е информација повторувам за раселените лица од Липковскиот регион и од Арачиново.

Благодарам.

ЛУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Андов, само уклучете се.

СТОЈАН АНДОВ:

Г-дине претседателе,

Сакам да му објаснам на пратеникот извештаите на работната група се материјали и релевантни овде да се добие една поширока слика, но тоа се материјали кои завршуваат во Комисијата , елементи се на Комисијата. Тие не се усвојуваат овде во Собранието. Во Собранието се усвојуваат само заклучоците. А, информацијата е направена како форма без која не може да се дојде на дневен ред. Тоа деловничка форма, ништо друго.

Според тоа, ние не усвојуваме извештаи на работната група овде. Не.

Друго впечатокот дали има проблеми и со решените албанци. Не можеме да ловиме впечатоци ве молам. Мора да дојде претставка и нека не се сопнуваат луѓето од ДУИ, нека ги аномират граѓаните, нека им помогнат да направат таква претставка, да ја донесат ќе ја расправаме и таа. Еднакво добро како и ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Андов.

Повелете г-дине Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина, забелешката на г-динот Андов е сосема на место, затоа што како што самиот кажа повеќе од една година тие преку работната група, како Комисија која е надлежна за заштита на човековите права во земјава работеле макотрпно и се појавија пред Собранието со конкретни заклучоци и навистина и претпоставката верувам на членовите на Анкетната комисија дека постои можност во Собранието расправата да добие сосем друг тек, и да не се расправа по прашања врзан за конкретен проблем се покажа како стварност. Јас го почитувам барањето на г-динот Андов да се обидеме да се надминеме себе си, и да се фокусираме на заклучоците, за жал јас денеска нема да успеам да се надминам себе си, затоа што покрај

заклучоците ние сме сведоци и на одреден извештај кој во голема мерка она што се вели според една стара поговорка дека “најголема измама на ѓаволот е да го убеди светот дека тој не постои”, и во тој дух беше и реакцијата на Парламентарното Владино мнозинство овде и во Собранието.

Имено, да се обидам да се разладнат работите до таа мера, а да се занемарува на пример фактот дека ако во одредени или во точно наведените региони, не можат да се вратат поранешни припадници на резервниот состав од МВР и АРМ кои носеа униформа особено во 2001 година, некои од нив се и денеска службени лица. Ако тие и понатаму се предмет на нападни на разни облици на провокација, тогаш е сосема реална состојбата и стравот кој постои кој постои кај обичните граѓани. Јас не можам да сватам како може две години Владата да биде рамнодушна и да биде индиферентна кон луѓето кои се дел од институциите на државата и луѓето кои своевремено некој од нив како Што реков и сега се службени лица во Република Македонија да не преземе ништо во насока да ја стабилизира состојбата, а истовремено сме сведоци дека поранешни милитанти и криминалци се униформите на Министерството за внатрешни работи.

Во она што може и во извештајот да се види, конкретно во препораките кои доаѓаат од ОБСЕ, не можам да сватам како може да се повикува оној што не може да се врати во својот дом, да размислува оптимистички.

Веќе во следниот ред да се констатира дека сепак православните гробишта во Матејче и црквите се целосно уништени. Ако вашите довчерашни соседи не им даваа мир на мртвите, тогаш што можат да очекуваат живите. За жал гокористиме терминот внатрешно раселени лица кој се користи од чистоформален карактер, но тие се сепак бегалци во сопствената земја и после две години. Јас незнам како може било кој да се осмели особено претставниците од меѓународните институции кои се бават, пред се, со хуманитарна дејност или се претпоставува дека нивната улога би била таква и да им се кажува на луѓето дека по Втората светска војна исто беше тешко во Европа да се погледнат луѓето меѓу себе и да почнат да живеат нормално, но би било добро некој да ги потсети оние што даваат такви совети дека по Втората светска војна во Европа имаше Нинбершки процес, па така луѓето малку почнаа да мислат дека сепак правдата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов вие навистина рековте дека не можете сами себе да се надминете, јас ќе ви помогнам да се надминете сами себе и затоа ве молам

дискутирајте по заклучоците, ве молам Нинбершки процеси и други работи оставете ги.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ако некогаш имам потреба од ваша помош бидете сигурен дека јас тоа јасно ќе го кажам, во овој случај мене не ми е потребна ваша помош.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас можам да констатирам дека можеби ви е потребна помош оти сами рековте дека не можете да се надминете, а го прифативте апелот на г-динот Андов да се надминеме.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски вие на еден од дискутантите се обидовте да го спречите да не го чита овој Извештај, но сепак му дозволивте, јас зборувам за она што следи на заклучоците. Дозволете ми да завршам.

Обидот е да се релативизира целиот проблем во кој се наоѓаат лицата наведени во овие два региони и во голема мера да се амнестира Владата за тоа што во последните две години многу малку има направено во таа насока. Напротив, расправата овде на Собранието продолжува дека Комисијата се бавела со проблемите на граѓани на Република Македонија, претпоставувамод погрешна национална припадност, па се до обидот на почитуваната колешка Ристова која во текот на минатата недела достави нови заклучоци кои од нејзина гледна точка треба да дадат дополнителен квалитет на заклучоците кои на крајот ова Собрание ќе треба да ги избере или нема да ги избере.

Но, токму обидот на владиното мнозинство да се релативизираат нештата, за жал, и она што го посочи г-динот Андов ми дава за право да мислам дека сепак Владата е свесна за својата немоќ, Владата е свесна за реалноста во Република Македонија, особено во таканаречените поранешни кризни региони. Мислам дека не е потребна некоја поголема храброст, но би било добро барем некој од владиното мнозинство да биде релативнокоректен и да каже дека навистина таму не постојат услови за враќање на македонските граѓани од макеоднско етничко потекло и особено она што во Извештајот ме вчудоневидува како може да бидат апсолутно ранодушни пред се МВР и Министерството за одбрана ако нивни поранешни или

сегашни припадници на нивните единици не можат тие и нивните семејства да се вратат во своите домови.

Впрочем, да потсетам како заврши братот на еден припадник од МВР кој се обиде да се врати во својата куќа во село Арачиново.

Сакам да кажам дека обидите на дефокусирање на вниманието од она што е предмет на Извештајот на Работната група при Анкетната комисија за заштита на човековите права, според досегашниот тек на дискусијата и обидите квалитетно да се подобрат заклучоците, мислам дека реалноста тоа ќе го покажат уште неколку точки кои ни следуваат во скора иднина дека, за жал, во овој момент оваа актуелна Влада не располага со капацитет да пронајде , пред се, морална одговорност да профункционираат институциите на системот онака како што се должни да реагираат во вакви или слични случаи како би можеле државјани, граѓани на Република Македонија, да ги остварат своите права.

Исто така во оваа Влада нема ни политички капацитет да им каже на луѓето дека, за жал, државните институции не се моќни да излезат и да го решат квалитетно нивниот проблем. Ако таа алтернатива ниту во едниот ниту во другиот случај Владата не сака да ја употреби , тогаш не ми е јасно што чекаме тие луѓе да исчезнат сами по себе или по некаква инерција или систем на ентропија да ги уништи и тие да исчезнат од материјалите во Собранието и воопшто да не се наоѓаат понатаму на дневен ред.

За жал, фактот дека тие сеуште не можат да се вратат во своите домови и фактот дека еден дел од средствата кои , претпоставувам се обезбедени во рамките на Донаторската конференција се делумно насочени во обновување на семејни куќи во региони кои воопшто не беа опфатени со војната во 2001 година и бидејки е тука присутен минситерот за внатрешни работи, многу негови началници можеби му испратиле во рамките на редовното известување дописи дека не е чудно и не е необичен фактот дека многумина сами си ги имаат запалено куќите . Можете да проверите југозападно од Велес колку и какви куќи се направени и ако ги споредите со фотографиите какви беа пред тоа дали воопшто можете да речете дека тоа беа семејни куќи или стануваше збор за племни, колиби кои треба да служат само како привремено засолниште во случај на временски непогоди додека сте во планина, нива или шума, ќе видите дека тоа нема никаква врска со реалноста и со проблемот кој се однесува на Македонците кои се надвор од Арачиново, Матејче, Липковскиот и Тетовскиот регион. Значи,овој проблем можеме да го рашириме и на некое друго

ниво затоа што дел од владиното мнозинство упорно се обидуваше да не убеди дека овој Извештај и овие заклучоци биле тенденциозни или не ја отсликувале реалноста во земјата, во најмала рака дека нема правична застапеност значи требало најмалку 20% од овие што ја дале претставката до Анкетната комисија да бидат од вистинската етничка заедница во Република Македонија.

Како ќе се произнесе ова Собрание, во крајна линија, со оглед на целосната општествена, политичка ситуација во Република Македонија, нема да биде многу битно затоа што многу работи веќе не се битни што би се донеле или нема да се донесат во Собранието на Република Македонија, но мислам дека и оние најзакоравените кои  негуваат доза на партиски оптимизам во некое подобро утре кое би се случило за едно 170 години од моментот во кој сме сега, мислам дека ќе разберат дека навистина оваа Влада со овие политички партии ниту има намера, ниту има капацитет ниту има доблест да се обиде адекватно да го реши овој случај, барем да има минимум доблест да каже дека не можат да го решат овој проблем и верувам дека ќе бидеме сведоци на други заклучоци кои ќе треба што е можно повеќе максимално да не одалечат од она што беше суштина и содржина на обидот на работната група формирана од Анкетната комисија да го долови преку својот Извештај и своите заклучоци пред Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВКСИ:

Благодарам.

Госпоѓо Ивановска имате реплика од три минути.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Мој почитуван колега Трендафилов, навистина ја расипафте атмосферата и намерата Анкетната комисија што ја водеше толку време за да на еден коректен начин расправа за состојбата со раселените лица, и навистина  не гоизбегнавте предизвикот, навистина зголемвуање на тензиите и ако и некои други пратеници особено од албанската етничка заедница, и да кажам за заклучоците на госпоѓата Каролина Ристова, тие ги збогатуваат заклучоците на Комисијата , особено во делот на злоупотребата на помошта на статусот на внатрешно раселено лице. Ако добро ги прочитавте , ќе видите дека  заклучоците не се  разликуваат многу од заклучоците на Комисијата и тоа точка по точка , особено точка два каде што госпоѓата Каролина

Ристова упатува на преиспитување на можни злоупотреби на статусот раселено лице. И навистина жалам што наметнувате таква атмосфера на Комисијата за човекови права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Немам намера да ви се извинам, што ви ја расипав почитувна колешке, розовата стварност во која живеете, знаете тоа како се викаше се однесува како Нојот ја пика главата во песок. Но, сакам да ви упатам само едно прашање. Дали мислите дека дискусиите во Собраниево треба да се одвиваат како ќе каже Владата на Република Македонија, или дискусиите во Парламентов треба да се однесуваат според основното начело на демократијата, во која вие не мора да се согласувате со мене, но исто така не можете да барате од мене да молчам, макар што се согласувам во една коснтатација со вас , се е очајно во земјава , но одејќи според Семијол Бекет, ние сепак нема да молчиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Вејсели, а потоа нека се подготви г. Караџоски.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги и колешки, претставници на Владата,

Јас денес размислував, дека овде ќе се расправа навистина за Информацијата која е дадена за оваа седница и на пратениците, но сигурно како што рекоа неколку пратеници не можеме да се надминеме себеси, туку не можам да седам , а да не реагирам доколку сеуште во нивниот речник изразуваат зборови, терористи, криминалци и т.н. Речените зборови, кажаните зборови кои произлегуваат од страна на македонската опозиција не не води во прогрес, не не води во еден напредок , туку не води во насока да овој Парламент и понатаму и многу долго време да се занимава со извештаи на разни комисии кои ќе функционираат во рамките на Парламентот. Јас овде протестирам остро, и сум во

заштита на тие што ме избрале и за кои сум овде пред вас, да им се спротивставам на сите настојвуања кои сакаат да го оцрнат, или да ги оцрнат припадниците на мојот народ. Ова нема да го дозволам и на ова ќе му се спротивставам остро. И ако се продолжи на овој начин да се говори понатаму, јас не дека нема да се надминат себеси, туку ние ќе имаме проблеми со самите себе си.

Денес пред нас имаме еден Извештај во кој се говори за внатрешно раселените лица на Република Македонија, посебно на Липковскиот и делот на Арачиново, во која Информација првенствено сакам да гоискажам моето размислување и моето жалење за сите раселени лица, кои денес не се наоѓаат во своите куќи, во своите домови, не само во Липково и Арачиново, туку секаде во Македонија, во местата каде што ги зафати кризата, бидејки поголемо богатство да бидеш во својот дом - нема. Но, за ова немаме потребни факти и Комисијата која работеше не ни дава многу факти и аргументи и елементи дека навистина одлучува за сите граѓани на рамноправен начин. Овде ќе увидиме една поделба на граѓаните на Република Македонија.

Доколку продолжиме вака да говориме во овој Парламент, верувајте ми доколку ги задоволиме апетитите на еден дел на населението, ќе ги иритираме другите граѓани кои не се спомнати во овој Извештај, а ја имаат истата судбина со Македонците од Липково и Арачиново. Не мислете дека раселени во Република Македонија, има само Македонци од Арачиново и ЛИпково, има и многу Албанци кои не можеле да се вратат во своите домови уште од памтивек.

Доколку оваа Информација беше поопширно и во целост да ги вклучеше сите граѓани без да ги двојат на етнички, конфесионални и други основи, денеска ќе беше подобро и поправилно да се дебатира и да расправаме и навистина да имавме заклучоци кои ќе беа прифатливи за сите пратеници без оглед на која политичка провинијенција припаѓаат и на кој етникум.

Денеска гледам реакции од место дека не станува збор за конкретни барања на еден дел од граѓаните кои се раселени од своите домови, но би било добро денеска да расправавме за сите раселени заедно инаку, ако задоволиме еден дел од граѓаните, верувајте ми ќе викажам целосно дека Ќе го иритираме другиот дел на раселените лица. Ако денеска се согласиме со оваа Информација што сте ја предложиле вие госпоѓо Каролина повелете после на говорница ако денеска се согласам со оваа Информација што сте ја предложиле, тогаш ќе направам поголема

злоупотреба, ќе го иритирам мојот народ кој има свои проблеми како што ги имаат граѓаните раселени од Арачиново и Липково.

Повторно со жалење ќе нагласам дека се согласувам со овие граѓани и жалам , тие треба да се вратат во своите домови, но не можам да се согласам со тие кои бараат станови и бараки во центарот на Скопје за да го надоместат имото кој гоимале во Арачиново, Липково, Опае, Ваксинце и на други места.

Оваа Влада нема можност токму од својот Буџет кој го полнат сите граѓани, да градиме куќи во Скопје, Куманово, бидејќи некому не му се живее на село. Јас ви гарантирам и сите што припаѓаме на албанскиот дел во овој Парламент ве уверуваме дека сите кои сакаат да се вратат во своите родникраишта нема пречки за нив, не е пречка да се вратат, бидејки секој сака да живее , заврши времето на конфликтите во Република Македонија, со потпишувањето на Охридскиот договор. Самиот Договор вели дека заедно треба да ја изградиме оваа држава во која треба да ја вратиме взаемната доверба на граѓаните на Република Македонија и со вакви информации ако мислите дека ја враќате довербата меѓу граѓаните на Република Македонија, ви велам дека грешите.

Јас слушав од многу граѓани, дури и од Извештајот јасно се гледа, да ја земеме Општина Арачиново. Како можеле да се вратат 30-40 семејства во своите домови, да кажат дека “немаме проблеми, пречки од нашите сограѓани албанци во Општина Арачиново”. Но, тие другите, кои не се враќаат, не верувајте им и не мислете дека сакаат да се вратат во Арачиново. Тие бараат Владата да им даде станови, стандардни станови во Градот Скопје. Сакаат да земат се од страна на Владата. Владата е принудена да им помогне на своите граѓани, но во моментите кога немаат егзистенција, кога се соочуваат со многу проблеми, но без национални поделби.

Доколку продолжиме на овој начин, ние, повторно ќе нагласам да не ме разберете лошо, јас жалам за сите раселени лица, за сите тие кои се во хотелски комплекси, во студентски домови и тн. Еве да размислуваме, имаме многу граѓани на Република Македонија кои се албанци, кои немаат ниту хотелски комплекси, кои не се сместени ниту во студентски домови, туку живеат кај своите роднини и живеат таму каде што можат да живеат денеска за денеска и немаат каде да ги згрижат своите деца. Сега, доколку говориме само во однос на ова, верувајте ми, како ќе говориме и за другите. Ние треба овој Парламент треба да ја има улогата и функцијата на разгледување само на информациите. Кога го имаме предвид фактот

дека токму во оваа Информација се говори за раселените од Арачиново и Липково, тогаш зошто овде не се земени и раселените албанци кои се во Арачиново. А јас ви велам дека во Арачиново имаме доста албанци кои не се вратени во своите домови поради разрушување на нивните домови од бомбардирањата и гранатирањата на нивните домови. Сега ние ќе се занимаваме само со еден дел на граѓаните, додека другите ќе ги оставиме на улица, тие да се занимаваат со самите себе и сеуште да живеат, солидирајќи се со другите граѓани и помагајќи им нив. Но, се си има свои граници. Еден ден и тие други граѓани кои се солидарни со овие албанци, кои не можат да се вратат во своите домови и тие ќе го сопрат својот извор на финансирање, па ќе треба уште еднаш да се занимаваме со прашањето на еден извештај што треба да дојде и треба да се оснива уште еднаш комисијата да ги разгледа овие прашања.

Затоа би било попатно оваа комисија која се оснива токму од Парламентот да се занимаваше и со прашањата на сите раселени граѓани на Република Македонија и тогаш ќе бевме погорди да говориме заедно за проблемите на сите граѓани, а не да говориме на селективен начин за еден дел на граѓаните, додека другиот дел да го запоставиме и понатаму да се занимава сам за себе си и тој значи граѓанин да се почувствува дека Парламентот на Републикава не сака да се занимава со неговото прашање. На крајот на краштата јас би нагласил и би сакал овде да им одговорам на неколку колеги кои се јавија за збор и кои рекоа и фрлајќи камења врз нивните сограѓани, или албанските граѓани во Република Македонија. Дали не беа тие ком ги гарантираа куќите за кои ние денес разговараме, дали не беа тие кои ги бомбардираа. Токму претставниците на Партијата на ПДП во тоа време, во времето на конфликтот беа тие кои секојдневно ги бараа од државните институции, од претседателот на државата и до Владата на Република Македонија и баравме поддршка од вакви акции, бидејќи се оштетуваат цивилните граѓани на Република Македонија. Секоја институција беше глува на нашите барања. Дури сакам да одам и подалеку. Тогаш имаше можност да не се случат овие работи. Ако ги послушаа апелите на нашата партија за да се спречи ова, што почна во Република Македонија, а тоа беше комисијата или предлогот, или иницијативата што ја зеде господинот Фровик за спречувањето на конфликтот во Република Македонија, но тогаш навистина Владата беше глува за да ги слушне нашите барања и на САД, Европската Унија и Партијата за демократски просперитет и размислуваше дека само гранатирањата ќе ги срушат албанците. Воопшто не се

виновни цивилите, било македонци или албанци. Но денес ние треба да бидеме во функција на тоа да ги решиме проблемите на овие граѓани, но не само на овие граѓани туку треба да ги решиме проблемите на сите граѓани кои се раселени, без оглед на нивната национална, верска и друга припадност.

Ви благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Коце Трајановски, дали сте пријавени за реплика? (Не).

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам госпоѓо потпрерседател.

Како се развива дебатата, јас на почетокот мислев дека во однос на прашањето зошто се гледа само оваа група на раселени лица, зошто не и сите, мислам јас и повеќето членови и претседателот на комисијата го расчистивме прашањето во однос на тоа дека информацијата е врзана за конкретни преставки и мислев дека на почетокот аргументите и забелешките од тој аспект беа заради неразбирањето на овој факт. Меѓутоа како оди дебатата, јас имам се повеќе впечаток дека откако се разви ова прашање, а сепак се инсистира на таквите забелешки, се работи за нешто друго, а тоа е соочување со сопствената одговорност на сите политички партии од албанската етничка заедница во однос на прашањето со раселените лица по конкретните претставки.

Јас во нивните дискусии очекував да по однос на овој извештај се зборува во однос на јакнење на мерките за доверба, во однос на меѓуетничката соработка,што може политичкиот фактор да направи, што може да се направи за да се отстрани стравот во однос на закани, дали е тоа точно или неточно, за свои сознанија, потоа во однос на тоа што треба да се направи за да се разбијат предрасудите во однос на целата работа. Значи, наместо да се релативизира прашањето, требаше конкретно да се зборува за конкретната Информација. Вака, за жал, мислам дека  само се јакнат стереотипите, предрасудите и клишеата, како сакате наречете ги, дека албанскиот политички фактор се интересира само во однос на делот на Рамковниот договор што се однесува на албанската етничка заедница, а не во целина. Тоа е многу жално.

Дали тоа значи дека јас, како пратеник во обратната ситуација би требала да зборувам дека во одредени сегменти македонците не се правично застапени, па јас не сакам да зборувам ако тоа не е така и околу случајот, процедурално и правно е многу јасна работата. Мислам дека албанскиот политички фактор треба да демонстрира дека е загрижен и работи на теренот и воопшто политички проблемот да се реши во однос на овие конкретни претставки.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Ивановска имате реплика од три минути, повелете.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитуван колега Вејсели, јас ја разбирам вашата желба за политички маркетинг и додворување на гласачите што ве избрале. Меѓутоа, на ваква политичка тема мислам дека е крајно некоректно на такви прашања да се профитира.

Вие кажавте дека Извештајот се однесува само на дел од раселените лица. А, прочитајте ми каде во Извештајот стои дека се однесува само за разелените лица македонци? Извештајот се однесува са претставките од Арачиново и од Липковскиот крај. Меѓутоа во заклучоците никаде не се спомнува за кои раселени лица се однесува. Едноставно статусот “раселено лице” се однесува и на македонците и на албанците во сите точки од заклучоците.

Особено ќе ве потсетам на точката 4 кој што ве потсети Каролина Ристова, се апелира политичките партии да вложат посебни напори за подобрување на меѓуетничката доверба и надминување на траумите на воениот конфликт во Арачиново, населените места во Липковскиот регион и останатите региони кои претрпеа последици од воениот конфликт во 2001 година. Каде тука гледате на посебен дел од раселените лица. Мислам дека е крајно некоретkно, заради македонската јавност да заведувате забуни и поттикнувате меѓуетничка нетрпеливост. Мислам дека граѓаните во Република Македонија и македонците и албанците се доволно свесни и зрели да ги сфатат вашите мотиви за евтин политички маркетинг.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелеге господине Вејсели, една минута.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Се радувам што денеска е толку активно, меѓутоа проблемите се на друго место.

Комисијата веќе година дена како работи и веќе го имате Извештајот пред вас и тука не се нагласува дека одела во некоја албанска средина и разговарала со граѓани албанци. Овде се нагласува само дека разговарала со македонци и срби од Липково и Опае и со македонци од Арачиново и ќе ве молам, кажете ми во Извештајот каде се говори за еден раселен албанец. Само за еден раселен албанец.

Друго прашање се заклучоците. Меѓутоа како ќе се чувствувате вие пред телевизиските екрани, доколку сте албанец и гледате како албанец се говори само за македонците, воопшто не соодејствува реалноста со тоа што навистина се случило во Република Македонија. Вие овде не презимате мерки за да се врати довербата. Јас како партија и во име на мојата политичка партија говорам дека ние сме за соработка, за да бидат меѓуетничките односи подобри отколку било каде, за една релаксација на односите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, имате збор.

Ако некој имал илузија дека ова нема да биде дневно политички да се искористи, тогаш згрешил многу и Анкетната комисија згрешила.

Се извинувам господине Караџоски, госпоѓа Лилјана Поповска бидејќи ја извади картичката, беше пријавена за реплика, ве молам прво госпоѓа Поповска за реплика па потоа вие.

Повелете госпоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарма господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, јас морам да реплицирам на еден дел од дискусијата на господинот Вејсели.

Сметам дека не е во ред да се изнесуваат ставови што звучат како подбив со маката на луѓето. Беше спомнато дека дел од раселените бараат станови во Скопје за да не живеат на село. Сметам дека тоа е навистина непримерна квалификација и дека е сосема неточна. Гревота е да се тврди такво нешто.

Имено, првото барање на пример од арачиновци, уште веднаш по воениот конфликт беше да живеат во друга селска населба поради стравот од враќање дома од последиците при враќање дома. Имав можност да се запознам со условите во кои беа сместени веднаш по воениот конфликт и да разговарам со нив. Затоа, тоа го тврдам како очевидец. Така што, со тоа би заклучила, мислам дека не смееме од нивната несреќа да правиме маркетинг.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Вејсели, имате една минута.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Да не настојувате вие да правите маркетинг, дека ние не играме со судбината на граѓаните. Јас изразив жалење, два-три пати од говорницата, дека жалам за сите раселени лица без оглед на нивната национална припадност. И како Влада и како Парламент треба да работиме да ја решиме судбината на овие лица да се вратат во своите домови.

За госпоѓа Лилјана, никој не може да го принуди членот на Здружението “Зора” да се врати во Арачиново. Јас ви ветувам дека тој има гаранции не само од Министерството за внатрешни работи, бидејќи знаете дека безбедносната состојба можеме да кажеме дека не апсолутно добра, туку е во добра безбедносна состојба и нивните сограѓани албанци им обезбедуваат да се вратат во своите домови. Ако тие имаат други барања, немојте да браните едно здружение што има други настојувања или има политичко настојување. И вие настојувате да згрижите едно здружение што утре сака да биде политичко друштв.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Хисни Шакири.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Дозволете ми и јас да земам учество во оваа расправа.

Најнапред, на почетокот на својата дискусија морам да искажам една пофалба до Анкетната комисија, што е навистина можеби прв пат во рамките на Собранието, за една ваква чувствителна тема, особено за проблемите со раселените лица, прв пат во Собранието, преку Анкетната комисија и ние како пратеници да дадеме свој придонес во смисла на тоа што можеме како Собрание да помогнеме на тие луѓе, да им помогнеме да се вратат дома, односно да го почувствуваат оној живот што го граделе со години.

Анкетната комисија, за секоја пофалба, ги направи сите работи што, според Деловникот ги имаше. Мора да признам дека ме радуваше, од самиот почеток, прво составот на Анкетната комисија, што ветуваше, значи самата таа Комисија беше претставена со пратеници од сите политички партии, вклучувајќи го албанскиот блок и мислам дека таквиот состав навистина ветуваше дека ние денеска овде ќе имаме извештај што го очекувавме толку време, можеби скоро година дена. Значи, го очекувавме со нетрпение за да видиме една објективна ситуација, објективна состојба, со еден макотрпен труд што го направија членовите на Анкетната комисија и, сметајќи дека од тој Извештај ќе извадиме поука, сметајќи дека во тој Извештај ќе ги согледаме сите оние проблеми што се прикажани онака како што се прикажани.

Тука мораме да направиме разграничување. Навистина, Анкетната комисија, тргнувајќи од Деловникот, деловничките одредби, овој Извештај или информација ја крсти така како што ја крсти, информација, само за да имаме можност да ја ставиме на дневен ред како точка за да можеме да расправаме. Меѓутоа, основната работа е тоа што Комисијата го предлага во вид на заклучок и наша основна работа, како пратеници, преку усвојувањето на тие заклучоци е да го дадеме својот придонес кон враќањето на она зашто една година се потроши како труд во самата Комисија, а тоа е она што граѓаните во Република Македонија, особено раселените лица го очекуваат од нас.

За да не зборуваме во ветер, за да не зборуваме во празно, Анкетната комисија се потруди, покрај огромните преписки, преписки, како сакате наречете ги, што ги имаше во текот на работата на Анкетната комисија од внатрешно раселените лица, значи покрај тоа, огромен број се потрудија, значи Анектната комисија да ни достават и Извештај од Работната група што беше формирана во рамките на Анкетната комисија. Морам да признам, доста сликовито го опишува тоа што таа го правела во Липковскиот регион и во Арачиново. Тука е прикажан тајмингот, времето на посетата, со кого е се направена посета таму, па дури и цитирани изјави и тн., што сето придонесува кон една пообјективна состојба за да можеме како пратеници, навистина, да се произнесеме во смисла на сето тоа што го имаме овде.

И, мора, почитувани колеги, да кажам една констатација. Навистина е жално, жално е за Република Македонија  што после три години откако тој воен конфликт е завршен, да ние сеуште расправаме за внатрешно раселени лица. Тоа е, навистина, трагично. Трагична е и самата причина поради која што се создадоа раселени лица во Македонија. Но, тоа е, да кажеме било па поминало. Да гледаме напред.

Во овие три години изминати, можеме да обвинуваме секого. И оваа Влада и претходната Влада и ние самите, како пратеници, да се обвинуваме зошто е состојбата сеуште таква каква што е, зошто сеуште имаме раселени лица, зошто сеуште имаме лица сместени во прифатните центри, зошто овој или оној не се вратил и ние можеме не до бескрај да обвинуваме или оваа или онаа не знам која друга власт, меѓутоа главниот проблем од сето тоа произлегува, почитувани колеги, основниот проблем поради кој што сето тоа е настанато. Тоа е прашањето на довербата, односно недовербата. Сеуште, таму, во тие кризни региони, зборувам конкретно за Арачиново и Липковскиот крај, не постои доверба. Не постои доверба помеѓу граѓаните на Република Македонија кои таму живеат, без разлика дали се од македонско или албанско потекло, значи во таа заедница сеуште не постои доверба што ќе даде сигурност раселените лица да се вратат.

Тука сега можеме да дискутираме деа многу материјални причини можеме да изнесеме, да кажеме дека македонците не се враќаат заради безбедносната сигурност или заради тоа што не ги потпишуваат трипартитните договори. Од друга страна, овде слушаме забелешки дека имало бегалци односно раселени лица од албанската етничка заедница, која што, сега слушнав, како главен мотив, главна

причина поради која што не се враќале во родните краишта било тоа што немале каде да се вратат.

Нивните куќи биле разрушени како последица од бомбардирањето итн, итн. Меѓутоа, почитувани колеги се заборава, повторно ќе го кажам она основното. Ако е проблемот само од материјална природа, што ќе рече нема куќа или куќата е срушена, нема каде да се врати, тој проблем во сите овие три години досега можеше да биде надминат, или ако не за догледно време, со мерките на меѓународната заедница, на Владата, ќе биде надминат. Тука проблемот кај албанската заедница е многу полесен, затоа што не ја гледам прижината поради која Албанците не би се вратиле во Арачиново, освен ако немаат каде, срушени им се куќите итн. Меѓутоа, многу е подраматична посериозна работата со Македонците затоа што покрај тоа што им се разурнати куќите, покрај тоа што се уништени нивните огништа, до ден денес на нив не им се гарантира безбедност. Тоа е она основното. Тоа е она основното кое покажува сомнеж и што ниеден Македонец не го мотивира да се врати во својот роден крај, а сите вие добро знаете што значи да се напушти роден крај и сите вие добро знаете што значи да се живее надвор од својот роден крај без можност да се врати. Дека е тоа така, ќе се потрудам тоа да го кажам низ одредени примери.

Почитувани колеги, ние до ден денес расправаме и во сите наши дискусии кога зборуваме и за влада и избор на влада па и за една информација што ја имавме за политичко безбедносната состојба, цело време констатираме дека безбедносната состојба во Република Македонија, според Владата е стабилан, меѓутоа сеуште не е доволна, барем во оние кризни региони која би гарантирала конечен мир. Сите вие сте свесни дека до скоро во кризните региони маки мачевме да воспоставиме институции на системот, мака мачевме како таму да пратиме полиција, како таму да имаме одржуважи на јавниот ред и мир, па праќавме полиција во разни етнички состав, па таа прво шеташе без оружје, па потоа со пиштол итн, се како би се изградила доверба меѓу граѓаните кои таму живеат. Тоа е факт. Во такви услови не можете вие колеги да очекувате дека некој сега ќе се стрча веднаш да се врати во својот роден крај. Тоа е едната работа.

Второ, три години откако е завршен воениот конфликт и денес сеуште во кризните региони, кога морам така да ги крстам, постојат криминогени групи. Сеуште таму има поединци кои на своја рака прават што сакаат, носат разни униформи, се повикуваат на разни идеали, палат куќи, прават немири и со тоа внесуваат страв. И

тоа почитувани колеги мораме отворено да разговараме. Не го плашат албанскиот граѓанин со тоа. Го плашат Македонскиот. Пукањето на свадби, како што го стававме во наводници, не се предмет албанските граѓани, туку се предмет македонските, затоа што Албанците правеа свадби во тие делови каде што се пукаше. Исто така, после воениот конфликт не се палени албански куќи. Читам во извештајот една се запалила ама таа била несреќен случај, се запалила од шпоретот за дрва, една во многуте. Меѓутоа, се палат, почитувани колеги куќите на македонските граѓани. Не би сакал да зборувам низ бројки, сите ги читате, ако сакате и јас ќе ги прочитам. Значи 12 куќи сопственост на македонци. Последните палења се во септември 2003 година, значи две години после воениот конфликт. Што сакам со тоа да кажам почитувани колеги.

Сакам да кажам, особено тоа го адресирам до пратениците на ДУИ, бидејќи имавме прилики да поразговараме а и овде тоа го слушаме, дека војната завршила и треба да гледаме напред. И јас сум за тоа. Меѓутоа војната заврши, ако може да се каже војна, тоа е условно земено. Значи воениот конфликт е завршен 2001 година. Денес сме 2004 година. Последното палење на куќи во Арачиново е во 2003 година, што значи нема никаква врска со воениот конфликт. Не верувам дека на оние на кои им се палат куќите се некакви криминалци, или можеби постојат некакви нерасчистени економски, криминални и што ти јас знам причини. Не, почитувани колеги. Се палат исклучиво само заради тоа што имаат една единствена вина, а тоа е што тие граѓани се Македонци, според некого, не велам според сите, според некој Албанец дека не му е местото таму да живее, или индиректно му се кажува одиси од овде не му е тука местото, барај си решение некаде надвор.

Ако бегаме од вистината, почитувани колеги, а ве слушам овде и сите некако бегате од вистината, не можеме да избегаме дека етничкиот пристап кон сите овие проблеми е доминантен. Проблемот со етничките сфаќања кои ги имаме е далеку, сеуште е далеку. Јас би сакал да не е, но сеуште е далеку тој пристап за кој можеме да зборуваме дека е некаков заеднички живот. Мака мачиме и ние, и Владата и ние како пратеници и Меѓународната заедница е некаков спој да изградиме доверба, но тешко оди.

Како може претставник на локална власт во Арачиново да изјави, не е проблемот куќите што се палат. Значи, да не се лоцира кој е тој виновник или МВР до ден денес да не ги најде сторителите, туку да се каже тоа Македонците сами си го

праваат затоа што сакале да живеат во Скопје. Значи, многу е лесно да се обвини жртвата.

Исто така, слушајќи ве Вас почитувани колеги, се обраќам како на албанска етничка заедница, па јас навистина не знам дали да плачам или да се смеам кога ве слушам. Постојано се жртви. Сега слушам, од сета дискусија што ја слушав, па вие сте најголемите жртви и од страна на раселените лица и си го поставувам прашањето заради што вие сте жртви. Кој ве вас натера, зборувам како албанци, што беше мотивот албанскиот дел од овие краишта до денес е раселено лице.

Во Извештајот овде читам, еве ќе ви го прочитам, на 8.06.2001 година, господине Шаќири, насилно протерани од униформирани и наоружени лица, беа сите Македонци од Арачиново. Не ги гледам тука Албанците да биле протерани, сигурно не од УЧК. Разбирам дека со воениот конфлик која како безбедносни сили кое секое право го има нели, дека последица на тоа и се отселил албанскиот дел, меѓутоа треба ли да потсетам дека имаше една акција предводена од Илија Филиповски, министер без ресор, потпретседател задолжен за бегалците. Нели се сеќавате истата 2001 година масовно една поголема група на Албанци ако не и сите беа вратени во Арачиново. И тогаш ама и сега се поставува прашањето зошто на тој начин се пријде. Ако е состојбата таму така безбедна за сите граѓани вклучително и Македонци и Албанци, зошто Македонците не беа вратени во Арачиново и зошто и до ден денеска не се вратени. Тоа прашање треба да си го поставиме. Како за албанскиот дел во тој период значи во 2001 година кога се врати организирано, не беше проблем безбедноста туку беше проблем само дали има каде да се врати, да не му е случајно куќата бомбардирана. А за Македонскиот претставува проблем и до ден денес. Е, токму тука е проблемот. Зошто? Треба ли да го читам Извештајот кога јас сметам дека е објективен каде што се кажува, значи, едно е со палењето куќи, второ е со одредени убиства, трето е со крадењето жива стока, четврто е со разни разни се други притисоци овде наведени во поплаките кои што ги имаме во прилог на овој Извештај. И тука пак се враќам на ова прво што го кажав. Нема доверба почитувани колеги или пак не само што нема доверба се поставува прашањто има ли желба кај Арачиновци, Македонците да се вратат. А јас ви тврдам дека нема желба. Не ги сакаат Албанците, Македонците во Арачиново.

Почитуван колега Шаќири, не ги сакаат, не ги сакаат ни во Липковско. Ние ќе го отвориме можеби ако зборуваме отворено која е смислата сега пак на целиот

тој воен конфликт? Која е смислата? Да се испотепаме, да си врзиме по некој шамар, да си ги турнеме куќите и пак да се вратиме назад. Тоа не може да створи заеднички живот. Заеднички живот се ствара само со доверба и надградување на односите.

Или вака: вие постојано зборувате дека она што се случи 2001 воениот конфликт за никого не е оправдано средство, па вклучително и за вас. Меѓутоа, тоа беше еден начин како да се дојде до оние права за кој што вие сметавте дека сте обесправени. Е, сега се најде тој начин. Меѓутоа се дојде до некое сопствено право а да се одземе туѓо право тоа не е решение. Тоа води во бескрај. Значи, заради таквите последици кои што се случија денеска ние имаме обесправени, и затоа оваа Анкетна комисија, нели носи наслов Анкетна комисија за повредата на правата на човекот и граѓанинот. Тука се тие обесправени. Тука им се одземени нивнит права затоа што кога тој нема право да живее во сопствениот дом многу други права ги нема. Кога ги читаме пак во какви услови живеат, тоа ли е право на човечки живот во 21-от век. За тоа ли Македонија и со такви ли состојби, со такви ли услови, со таква ли состојба ќе влезе во Европска унија. А кого ние лажеме? И не треба секогаш да го обвиниме другиот. Треба и вие ама и ние да си ставиме прст на чело и да си кажеме сакаме ли ние да живееме заедно вака како што сме, сакаме ли Арачиново да биде мултиетничко, сакаме ли Липковскиот крај да биде мулти етнички или сакаме чисти територии. Таа дилема ќе биде надмината, кога таа дилема нема да постои кај никого, не само кај пратениците туку и кај граѓаните на Република Македонија, верувајте дека нема да се крева прашина и за територијалната поделба. Токму тоа е што ја прави недовербата. Кога вие 3-4 години не можете да го исполните она што е обврска од Рамковниот договор, Анексот Ц, каде што вели раселините лица треба да бидат вратени, а бараме се друго освен само тоа да не го исполниме. И најдуваме разни начини. Не велам јас за вас директно, зборувам за тие кои што тоа го нарушуваат. Треба ли да ве потсетам, почитувани пратеници дека Република Македонија има проблем со тие кризни делови, како држава. Треба ли да ве потсетам дека министерот за внатрешни работи не можеше да влезе во Вејце, со своја делегација која требаше да положи цвеќе за загинатите борци. Зошто, затоа што таму некој локален моќник или некој локален граѓанин не го пуштил. Ве молам, институција, МВР, Влада која на сите треба да ни обезбеди мир која на сите треба да ни обезбеди услови еднакво да живееме.

Треба ли да ве потсетам почитувани колеги дека доверба не се гради со тоа што овде ќе излеземе на говорница и ќе се декларираме дека сме ние за унитарна држава, дека ние сакаме да живееме заедно, а од друга страна нешто друго ни се случува. Дали вие не сметате, еве ве прашувам како пратеници, од албанскиот блок, дека за да се изгради доверба меѓу Албанци и Македонци, не треба во селата Вејце, Матејче, да не ги редам сите, на секој чекор да гледате бисти на албански борци, а од друга страна срушени православни гробишта. Или, можеме и вака да го поставиме прашањето, не се гради доверба со срушени цркви и со срушени џамии. Меѓутоа, во овој момент одговорноста е повеќе кај албанскиот дел отколку кај македонскиот, затоа што, сепак, таму има жители, во тие места што се 100% Албанци, тука таму има по некој Македонец, а грото е раселено. Вие сте тие што треба да го направите тоа, Вие сте тие што треба да ги повикате и да им дадете гаранција, не само Владата, не само пратениците и Парламентот, Вие, зборувам вие што живеете таму и што имате влијание. Ако се градеше тоа, ќе беше нешто изградено односно ќе беше изградена довербата. Меѓутоа, ние сме сведоци, во континуитет дека таа волја отсуствува, дека дури во искрените намери, или можеби во искрените дискусии што овде ги зборувате, не ја препознаваме вистината. секогаш се плашиме дека зад тоа стои нешто друго, секогаш ни се служува некој си Бреза, па некој си Чакала, па некој си не знам кој каде со узурпација, на сопствени овластувања, не занимава година дена. Во такви услови нема градење на доверба.

Би сакал почитувани колеги да кажам и нешто друго. Почнав така и Ќе продолжам во тој стил. Имено, кога го слушнав составот на Анкетната комисија, мене ми ветуваше нешто. Кога го слушнав пак составот на работната група, застапуван од господинот Блаже Стојаноски, од Каролина Ристова, Теута Арифи, после се оние персонални промени, исто така ми даваше надеж дека тука се претставниците на двата македонски блока, најголеми во Република Македонија, од друга страна на ДУИ, кои заеднички ќе излезат на терен, ќе ја видат состојбата и реално ќе ја прикажат, а не сега да се препираме зошто нема за Албанците, зошто за овие вака, зошто за оние така. Мене ми е криво што е така. Навистина очекував дека еден од претставниците на ДУИ независно е дали е тоа господинот Бејта или некој друг, ќе појдеше заедно со овие претставници во тие кризни региони. Така се гради доверба г. Бејта. Вие кажавате оправдување дека не ве информирале за време од еден час или пред еден час сте разбрале за тоа. Секогаш имате оправдување. Тоа било еднаш, но внимавајте, немало само една посета. Значи ако

еднаш сте биле информирани пред еден час, сигурно дека по втор пат не се повторила истата грешка. Јас ќе ви кажам, ако сте искрени, кажете, не вие, туку воопшто дека недостасувала желба или можеби постоел страв, затоа што ако сте настапиле таму како тројка, работна група како што била дефинирана, сигурно дека можело многу пообјективно и порелевантни факти ќе донесевте и немаше сега да кажувате како што сега кажувате, за ова не е кажано, за Албанците не е спомнато итн.

Друга работа, сите бараме да се вратат раселените лица. Дали сте го читале извештајот каде што вели, еве јас ќе ги потсетам колегите од работната група. Значи, работната група беше таму и таму, придружувана од полицијата, од началникот на полицијата, со толк полициски возила, прво началникот на тоа место и посетија тоа што посетија, ама во одредни региони, а за другите, во тоа село, сега нема поименично да ги кажувам. Во одредени региони не стасале поради временски услови, што било многу ладно, таму врнело многу дожд итн. Дефинитивно, тоа зборува дека сеуште дури и на работната група не и се гарантира безбедност. Јас така го читам извештајот. Како било на лице место, ќе кажете вие што сте биле. Но, тоа е факт.

Самиот податок што еве 2004 година прв пат оди една работна група од Собранието, исто така потврдува дека требало да помине извесен период за да се создадат некакви услови, да може некаква делегација да појде. Ако е состојбата безбедна, ако таму не постои никаква опасност, за никого, ајде да појдеме како пратнеци, но без полиција. Малку ќе се замислиме.

Значи, тоа е кога зборуваме за она што Анкетната комисија, односно Работната група го сработи.

Затоа почитувани колеги, кон оваа работа навистина треба да се пријде сериозно. Еве јас се надевам дека после мене е пријавен господинот Шаќири и дека ќе пријде со еден сериозен пристап и дека навистина не треба тука да се делиме кој од каде е, и кој што е, и на која етничка заедница припаѓа, него дека навистина, доколку сакаме, доколку сме искрени, дека сакаме заеднички живот во оваа држава и ако јас лично не верувам во тоа. Мислам доколку сме искрени, треба тоа и да го покажеме на теренот на дело. Не да се тепаме во некакви политички преговори, дај да донесеме некои општини за да ова стане албанско, или дај да одземеме за да не биде македонско. Тоа не ствара доверба. Ние треба да градиме ако сме за соживот, во сите места каде што има, нели, мешан етнички состав, да остани таков. А по

природен пат, да се развива така, како што се развива. Не со принудни мерки, закани, палења на куќи, пукање, претење и така натаму, да иселуваме некого, за да нешто биде етничко чисто. Така не одиме напред. Така крај нема. Денески можеби е некој победник, а утре и тој ќе биде можеби и поразен. Се има свој почеток и крај.

И затоа ако сакаме, навистина, на сите овие луѓе кои сеуште за жал во 21-от век во Република Македонија која претендира да влезе во Европска Унија се раселени, кои живеат во мизерни услови, треба заеднички, со сериозен пристап да помогнеме заедно, нормално со Владата и со меѓународните фактори и тоа да го направиме што поскоро. Само така можеме да ја решиме судбината. Инаку, со демагогии, со држење говори и така натаму, декларирање дека сме сите за едно, а работиме сосема друго, нема иднина. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Чекам за реплики. Тука завршуваме. Последна за реплика е Каролина Ристова. Повелете господине Рафис Алити. Имате реплика 3 минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина ја ценам дискусијата на колегата Караџоски, кој што направи апел кога расправаме вакви теми како денес, да има помалку политика, повеќе искреност и сериозност во  пристапот кон третирање на овие проблеми.

Дека се повредуваат правата на човекот во Република Македонија се согласувам со него дека се повредуваат правата на сите граѓани, меѓутоа, да се каже дека македонците се обесправени во оваа прилика, а другите заедници не се обесправени, мислам дека тоа не е во ред.

Дали господинот Караџоски си поставил прашање или некој пратеник овде зошто албанците не се пожалиле до институциите или до оваа Анкетна комисија која ја дала оваа Информација до Собранието. Треба и господин Караџоски да си постави прашање, такво прашање и сигурно ќе го најде одговорот зошто е тоа така. Немаат доставено претставки, искрено, затоа што албанците не веруваат дека сериозно некој ќе се занимава со нивните проблеми, и тоа е тоа зошто не се пожалиле и не доставиле претставки.

Додека што се однесува на тоа за конфликтот од 2001 година, мислам дека ќе беше добро опозицијата да побара, да на дневен ред се стави таква точка, и да расправаме околу тоа зошто дојде до конфликтот во 2001 година. Сигурно тие што се занимавале со политика и пред 90-тите, меѓутоа и по 90-тите имаат многу јасна

слика за тоа зошто дојде до конфликтот. Така како што ни е нас јасно кои што сме овде присутни во ова Собрание.

Што се однесува на безбедноста, што ја спомена, нека се направи анализа зошто во кризната зона во Тетово се вратија сите тие кои што едно време беа, си отидоа од своите огништа и зошто токму во Арачиново не се вратија. Мислам дека во текот на говорите на колегите, и овде се дојде до одговор. Меѓутоа, господине Караџоски, добро да се заинтересирате дека имате избегани од Прилеп и Велес, кои што се албанци и не се вратиле. Исто така, имаме и од Битола кои до ден денес, албанци, значи, кои што ден денесе не се вратиле. И зошто никогаш не помисли да ги одбрани и интересите на граѓаните албанци и да ги гледа токму како граѓани на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Караџоски, 1 минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Рафис Алити, прво во Прилеп албанци нема, така да нема ни што да бега од Прилеп од албанска популација. Тука да бидеме начисто. Има додуше 32 полицајци, со Рамковниот договор, ако може да ги рачунаме, и тоа тука се, не се избегани.

По однос на тоа дали верувате, односно дали албанците верувале, односно не поднесле претставки, затоа што не верувале дека некој ќе му излезе во пресрет. Па вие сте господине Алити, ДУИ на власт кој треба да му излезе во пресрет. Јас од ВМРО-ДПМНЕ, ние опозицијата. Вие сте во власт, Вие ги имате сите инструменти во свои раце. Јас незнам на кого не ја гледа довербата. Да не ја гледа случајно кон вас. Ако е така, тогаш имате сериозен проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хусеини, имате 3 минути реплика.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Тоа што го слушнавме почитуван колега може да бидете за предложен за нобелова награда за мир. Обвинувате за демагогија и самите зборувате и се јавувате со една таква слика. Вие треба да знаете дека постојат сериозни залагања на оваа Влада да овие луѓе се вратат во своите огништа. Но, зошто процесот се сопира и многу од нив се вратени. Што виделе лошо од албанците тие кои што живеат во Арачиново. Што има лошо кај албанците? Што се случува таму? Јас сакам да размислувате и понатака, јас размислувам и поинаку. Може и да грешам. Може

некој кој се плаши за делото што го има направено, или можеби не го направил, а да размислува дека некој не го сака е време кога некој може да му се реваншира и нема сила која ќе го принуди. Народот вели за стравот нема лек. Тука и Владата нема лек. Можеби  некој да не сака да има инает да се врати, дека несака да се врати, неможе да ја издржи рамноправноста во тоа село со албанците, не сака да биде рамноправен, сака да биде доминантен како што бил и претходно.

Можеби некој господине може да има совест, да го гризе совеста да се соочи со самиот себе, а можеби некој прави уцени за разни материјални добра. Се е можно. Зошто ова не го гледаме од овој аспект. Навистина говорото што го имавте, се согласувам, немам ништо против, вашиот говор беше за Нобелова награда. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, 1 минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да немаме грешка во преводот, обично се случуваат грешки, слушам дека јас сум бил за Нобелова награда, па сега мојот говор, јас би ве прашал, ако сум јас за Нобелова награда зошто сте тогаш вие?

Она што велите што виделе македонците лошо од албанците, па јас би ве прашал вас што албанците виделе лошо од македонците? Да ви кажам едно, албанците не можат да побараат, нема простор толку многу да побараат колку македонците можат да им дадат. Еве сведоци сме со последната Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, 3 минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Ви благодарам, имаше право некој кога рече во еден дел од дискусијата дека подобро ќе беше и поголем придонесе ќе дадоа пратениците кои живеат и дејствуваат и работат во тие делови каде е кризаста и за што се говори затоа што се прават грешки, било намерни или како што ги прави господинот Караџоски.

Треба да разбереме едно дека таму каде не се признава реалноста, не се прифаќа реалноста, тука се раѓаат проблеми од оваа природа, затоа тешко ги решаваме. Треба да разбереме дека во Арачиново во 1996 година кога таа стана општина моите сограѓани македонците не излегоа на избори и никогаш не излегле на избори, мислам на локалните, затоа што не го почитувале демократското право дека мнозинството ќе има градоначалник и секогаш оспорувајќи го ова право себе си

тие не учествувале во активностите во кои треба да учествуваат. Враќањето со Филиповски, како што спомна господинот Караџоски, вистина е дека албанците се наредија на влезот на Арачиново, заедно со македонците, сум бил таму кога се вративме во Арачиново имало солзи радосници и тажни солзи, се разбира, гледајќи ги тие рушевини во Арачиново, меѓутоа и во мојата дискусија кажав, можеби албанците ја имаат таа предност во тоа што се солидарни меѓу себе и разбраа една реалност дека што побрзо треба да ги засукаат ракавите, да ги изградат своите куќи заедно со помошта која ќе им се даде и да живеат во своето место.

Меѓутоа, треба да имате предвид дека имало случаи на експлозија или убиство кое сеуште не е расветлено и не се знае кој го направил тоа. Треба да го спомнеме и придонесот на 20-те полицајци резервисти најпочитуваните семејства во Арачиново со нивната идеа да се обезбедат граѓаните дури и македонците за да живеат слободно во своите куќи. Нека се вратат во своите домови ќе видат дека ќе живеат добро и јас како пратеник од тој дел сум еден од гарантите со многу мои истомисленици. Меѓутоа, куќа која се остава сама, не се живее во неа се случува некое дете да запали огин таму, а потоа да го квалификуваме со политичка конотација дека се запалија куќите на македонците. Треба вака да ја разбереме реалноста. 30 семејства се вратија, живеат без никаков проблем, па нека се вратат и другите семејства затоа што за 2000 албански куќи во Арачиново не претставуваат проблем 100 македонски семејства ако се вратат и живеат заедно. Но, треба да разбереме една реалност треба да живеат во тие услови како што живеат и албанците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, 1 минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Рамадани, рековте дека во 1996 година албанците во Арачиново не излегувале на гласање. Јас би ве прашал ќе излезат ли сега на гласање или ќе дозволат пак некој да ги полни кутиите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не албанците, туку рече македонците. Дали преводот е лош или не се слушаме, во секој случај следниот за реплика е госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам господине претседател, искуството со случајот со Арачиново навистина ме научи дека секој збор се мери и сече и може да доведе до големи

забуни, затоа би сакала да дадам две појаснувања како реплика на она што го кажа колегата Караџоски во делот за дождот.

Во Извештајот точно стои дека посетата на Арачиново се реализира на 15 октомври 2003 година со почеток во 10,00 часот и траеше до 16,30 часот. Со оглед на лошите временски услови (постојан дожд и студено време) теренскиот дел од посетата се одвиваше отежнато. Значи, тоа не фрла никакво сомневање во однос на квалитетот на посетата, туку ние како работна група сакавме и на Комисијата и сега на пратениците во Собранието да му ги дадеме сите релевантни фактори во кои се остварувала нашата активност. Ако добро ве сватив во вашето излагање вие таквиот фактографски пристап дури го пофаливте и навистина не ми беше јасно зошто го кажавте.

Второ, беше во делот на безбедноста. Тоа што работната група одеше со полициска придружба, тоа е точно, меѓутоа тоа е стандардна процедура, бидејќи вие не сте неискусен пратеник, знаете дека сепак пратениците можат да бидат загрозени само заради фактот што сите пратеници во една таква мисија што не прејудицира за општата безбедност или во однос на безбедноста на другите граѓани. Ова мора да се потенцира затоа што многу често се користеше или злоупотребуваше од страна на некои припадници од внатрешно раселените лица од Арачиново. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи беше дообјаснување, господинот Караџоски нема реплика.

Повелете господине Хисни Шаќири, а нека се подготви господинот Коце Трајановски.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Благодарам господине претседател,

Вистина е дека имаме тема која буди голем интерес и од страна на пратениците, меѓутоа, со поголем интерес ја очекуваат оваа расправа сите тие кои ден денес немаат можност да живеат во своите куќи.

Комисијата и работната група кои работеа подготвиле извештај кој извештај колку и да е содржи неколку основни столба на ова прашање, можеби требало да биде малку попрагматично и повеќе да опфаќа прашања во однос на оваа тема, но сепак за времето во кое работеле и условите во кои работеле, мислам дека ја содржи основната клетка на овој проблем, основниот столб на овој проблем.

Дискутираат голем број пратеници, мислам кога се дебатира за ова прашање треба да имаме малку поголема одговорност и внимание затоа што не треба

дебатата и дискусијата да бидат само за да се каже нешто, туку треба да инсистираме овој проблем да го затвориме.Ова е проблем и прашање кои се надоврзуваат на Охридскиот договор.

Бидејќи имаме ангажирање сите со нашите сили за имплементирање на тој договор, само по себе се подразбира дека и ова прашање е составен дел на Охридскиот договор и тука нема дилеми.

Овде не треба да се двоумиме и некој да мисли вака или така, туку мислам дека ова прашање треба да се третира во глобала без поделби и овој или оној дел, туку како проблем треба да го гледаме во целина затоа што на проблемот не можеме да му пристапиме само во моментот да го направиме ова додека другото за некои проблеми да видиме како ќе течат.

Прашањето на раселените лица е прашање, уште еднаш ќе кажам кое треба да се гледа во целина.

Беше кажано дека немало претставки, се согласувам со тоа, дека Комисијата работела само околу прашањата на претставките, но тоа не значи ако немало претставки ние како највисок законодавен орган ова прашање сепак треба да го расправаме во оваа насока и целиот проблем е во тоа што треба да тежнееме да го затвориме овој проблем.

Јас лично како Хисни Шаќири сум имал неколку средби со дел од населението во Матејче, едната средба беше во Матејче директно дојде дел од населението од неалбанското население во Матејче со кои сум се запознал, бидејќи секогаш мене ме поврзувале многу работи со нив и секогаш сме имале заеднички живот бидејќи Матејче и Отља се многу блиску и можам да кажам дека се како едно село и се познаваме меѓу себе, бидејќи не сме толку многу за да не се познаваме.

И на првиот разговор што сме оствариле во Матејче, каде имало претставници од двете заедници, значи албанци и македонци и срби, бидејќи во Матејче живеат и срби, разговорот бил многу близок, средбата била многу успешна и завршила во добар дух, човечки дух. Се стекна впчаток дека во самото село Матејче не се срушени основните столбови за продолжување на еден соживот. Значи, има место и затоа разговорите и средбите биле во овој дух и продолжиле во овој дух.

Сме имале уште една средба во Куманово, исто така во духот на истите средби и разговори и мислам дека дале некои резултати. Меѓутоа, да не кажам дека ништо конкретно сеуште немаме. Проблемот, во тие моменти, кога сме ги разбиле

разговорите, биле дека сеуште постои проблем, дека не била завршена работата околу изградбата и реновирање на куќите кои биле срушени. И ден денес има сеуште срушени куќи, нереновирани. Овој процес не е затворен, не само во Матејче, туку и во многу други села во општина Липково. Тоа е прашање за кое што навистина Владата, еве тука е министерот без ресор г-динот Владо Поповски, сигурно Владата ќе се залага уште повеќе во оваа насока за да нема барем забелешки во истава насока и понатаму некој да изразува резерва дека не е затворен овој проблем и нема каде да се врати.

Да се затвори овој процес, што се однесува до изградба на куќите и мислам дека повеќе треба да се продолжи со работа и контактите да не се прекинат. Духот на соработката, што се однесува до контактите и разговорите што треба да се одвиваат со овие луѓе кои денеска не се осеќаат сигурни, бидејќи овие расправи што се развиваат токму така, ние мислиме дека немаат своја позадина, немаат последици. Ние дискутираме така, што значи дека тие ќе мислат дека бог знае што се случило. Јас, слободно ви кажувам, без да се воздржував, не сакам тука да покажувам некоја хипокризија пред вас, кој сака во општина Липково, слободен и општина Липкова денеска е стабилна зона. Ова ви го кажувам со полна одговорност. Немојте да ги гледаме работите со скептицизам и анблок да ги отфрламе сите работи, како ништо да не е работено. Ве молам, јас доаѓав токму од таа зона. Вистина е дека едно време таму била таа состојба каква што била. Општина Липково, да не заборавиме, до крајот на 2001 година, значи до крајот додека завршил конфликтот многу порано, до крајот на 2001 година општина Липково била изолирана од целиот свет. Не од Македонија, туку од целиот свет. Не тоа имаме долг и обврска, морална обврска да работиме во оваа насока, да ги повикаме сите кои до сега не се вратиле во своите куќи, без оглед, но да им создадеме услови да се вратат. Бидејќи, навистина, со ова прашање, сега само да расправаме и на крајот да заклучиме без никаков резултат, додека резултатот јас знам каде е, резултатот е во работата на терен. Само таму. Се кажа, а и вистина е дека во Брест, Малино, Танушевци има цели семејства кои живеат во селата во Витина. Самиот сум го видел тоа, сум комуницирал со тие луѓе и тие барале наша подршка, некој ден и тие да се вратат. Кога кажав дека ова прашање треба да се реши во целсот, мислам дека тоа подразбира дека е проблем дека произлегол директно од конфликтот. Ако го гледаме вака, мислам дека ќе имаме резултати.

Не сакам многу да ви одземам време, меѓутоа едно прашање што се изнесе, потполно се согласувам со апелите и согестиите што ги даде г-динот Краџоски, со многу од нив можам да се согласам, тоа е многу чувствително прашање, меѓутоа треба да сме чувствителни и да го почувствуваме тоа кога дискутираме. Јас овде не сакам да глумам.

Навистина, човек да не се врати дома, тоа подразбира многу работи. Но, тие услови треба да ги создадеме заедно, а не со апели и дискусии што се далеку од реалноста. Да се разбереме, меѓу другото, се рече дека е украдена живата стока. Живата стока не може да се украде, ве молам, бидејќи кога си одат луѓето, комплетно и стоката. Кој се грижи за нив? Ние ова прашање сме го имале. Во општина Липково, се изгубени над 4000 крави. Меѓутоа, сепак, населението во Липково било цело време, постојано, голем дел од Липково, меѓутоа без можност семејствата да се грижат за таа стока бидејќи движењето било невозможно поради гранатирањата. Тоа прашање останало и ден денеска така. Ќе ви кажам дека многу штети што се предизвикани од војната, разберете дека не се враќаат. Не се вратени на општина Липково. Тие гледаат и свесни се и денеска е тешко за овие прашања да се даде образложение и оправданија да се бараат да ни изградат тие придружни објекти на куќите, дури и куќата да се комплетира. Неможно е. Кај нас тоа не се случило. Да ви кажам има куќи кои сеуште не се изградени. Има еден број, видно голем кој е неизграден. Затоа во оваа насока така треба да ги гледаме работите. Затоа што констатацијата што се кажа не кореспондира со вистината. Многу работи што се кажуваат овде имаат парадокс во себе и доаѓаат во судир со многу прашања и констатации што овде се говорат. Јас имам впечаток дека често пати излегуваме од многу шаблони што кореспондираат со вистината. Затоа ви ја кажувам вистината. Јас земав само една точка, само една димензија од тоа дека неможе стоката да се украде кога во куќата нема луѓе. Со самото неприсуство на луѓето не се говори за стока. Меѓутоа има и други прашања, украдени и ограбени куѓи итн.

Видете, другиот процес што следи дали има неправилности, ќе имаме. Меѓутоа, уште еднаш кажувам, нивото на неправилноста на проблемите што се случуваат треба да го гледаме во 2004 година, каде сме , а кое ниво сме биле во 2001, во 2002, во 2003 година. Ви кажувам дека има резултати. И тоа исклучително големи резултати. Ако работиме во континуитет во оваа насока и ако се ангажираме дополнително, контактите со сите раселени лица, меѓутоа зошто да не се направи уште една комисија од Парламенотот, со една работна група што ќе контактира и со

раселеното население во селата во Витина, планинскиот дел во Скопје и Куманово? И ова прашање треба да се иницира и на крајот да го затвориме со конкретни резултати, да се вратат сите, да има создадени услови колку што можеме. Ние не можеме да направиме незнам што. Но, да го направиме тоа што е можно и со искрена соработка, без доза на цели за политички да се придобие нешто. Од некого се кажа трагедијата на некого да се претвори во политичка придобивка тоа не е чесно.

На крајот, ќе ви кажам, за да затворам, дека Работната група тоа што го направила треба и понатаму да се одржи ова ниво на работа, меѓутоа би рекол уште еднаш, би побарал во продолжени да се подготват работни групи да контактираат и со делови од другото население што е раселено. Со нив до сега не е контактирано. Овој проблем да го решиме во глобала, во целост и да го затвориме бидејќи е дел од Охридскиот договор. Потполно се согласувам дека секогаш стоиме на тоа да го имплементираме Охридскиот договор затоа што само преку имплементирањето на Охридскиот договор, што е основна база за стартување во Евроинтеграцијата, а тоа подразбира дека и овој проблем и овој сегмент, овој проблем што директно се надоврзува на Охридскиот договор треба да го решиме.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов, први сте јавени за реплика, повелете имате три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претходниот дискутант, самиот кажа дека и покрај сите разговори и преговори, обиди за потикнување на добрата волја во регионите за кои сега зборуваме, сепак нема ништо конкретно, како што кажа. А, две-три реченици подолу исто така спротивно од тоа, немаме ништо конкретно, па вели ако ги гледаме работите како се одвиваат од 2003 - 2004 година, сме постигнале многу. Претпоставувам дека, најверојатно, како претставник на владиното мнозинство, мисли дека - сме постигнале многу, значи следново: легализација на дивиот универзитет сега и веднаш, стекнување со подофицерски чинови на околу 400 луѓе сега и веднаш, и мене не ми е јасно зошто таа динамика и тој начин на работење “сега и веднаш” не се преслика и за овие луѓе? Зошто не се однесуваме и со нив така, ако самите велиме дека тие прашања се дел од Охридскиот договор. Исто и

тие се дел од тој договор, зошто не се однесуваме и во нивниот случај “сега и веднаш”? Ако се однесува Владата, владините институции и Собранието на начин “ сега и веднаш”, како за други прашања и во минатото и оние кои непосредно ни се подготвуваат, тоа ќе биде најдобар начин да се покаже особено во кризните региони дека државните институции имаат намера работите да ги променат сега и веднаш на подобро. Инаку, јас, некој посебен ефект од оваа слаткоречивост, како што тој и самиот кажа, за жал до сега нема ништо конкретно. Останува без ефект. Мислам дека најлесно би било да се постигне консензус, бидејќи сите зборуваме во таа насока дека сакаме да ги подобриме работите , тогаш во рамките на информациите што се излезени од Анкетната комисија, ние како Собрание да се однесуваме како што се однесуваше владиното мнозинство во минатото - сега и веднаш да им го решиме проблемот на овие луѓе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Шаќири имате една минута.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Јас се потрудив да бидам јасе и што поконкретен. Но, истовремено и рационален во однос на ова прашање. Говорев за многу проблеми во врска со ова прашање, но повеќе се фокусирав на тоа дека има резултати и постигнувања. Тие резултати се познати за сите граѓани на Република Македонија , но и покрај тоа, за жал, овој проблем сеуште не е затворен и треба да работиме во оваа насока. Свесен сум дека имаме сериозна состојба, дека говориме за категорија на луѓе кои имаат свои проблеми. И сега сум подготвен да контактирам со овие луѓе, да разговарам, јас и многу други, но говорникот неможе да каже колку јас го познавам овој проблем бидејќи тој го гледа проблемот од Скопје, а јас сум подготвен да говорам секојдневно со нив.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски повелете, имате три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Шаќири, за да се постигне многу, треба да се работи многу, но пред се на она што кажав, треба да се работи на довербата. Меѓутоа, г-дине Шаќири зборувавте дека не е можно да се изврши кражба на стока итн. Ако тоа не е можно, можно е да се изврши кражба, да се вршат масовни кражби во куќите на покуќнината итн, меѓутоа можна е и една друга работа што заборавив да ја кажам во дискусијата, а тоа е веќе реновираните куќи да бидат повторно разрушувани. Тоа е она што сакав да го кажам цело време, а очигледно не ме разбирате, дека на тој начин се врши пресија и притисок и до оние кои имаат намера да се вратат, а на некој начин ја реконструирале куќата да му се каже јасно и гласно, да му се стави на знаење дека тоа не смее да се случи. Заради тоа, повторно реновирана куќа, повторно се руши.

Или, во 2002 година, во февруари, значи една година после конфликтот да се поставуваат бомби во дворови на куќи на македонските граѓани, при што загина Ацо Стојановски, исто е метод со кој што се сака да се каже нешто друго. Односно порака со која јасно се укажува, се адресира до македонските граѓани дека таму не им е местото. Дека со такви и слични појави можат да се среќаваат и понатаму.

Затоа, ако сакаме многу треба многу да работиме, но најмногу на довербата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Шаќири, имате една минута повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

За трагичните настани не сакам да говорам многу, бидејќи имам предвид некои семејства кои го доживеале овој случај. Често пати се случило жртва на овие акти, ќе ги наречам грозни, биле, без оглед дали се албанци или македонци, а за ова говорат многу факти. Можеме да ги разгледуваме случај по случај, меѓутоа немаме време.

Длабоко сум убеден, имам впечаток дека како ние да сме дел на сето тоа, кој го палиме фитилот или сме генератор на сите овие прашања за да го вовлечеме населението во нови проблеми. Јас мислам дека тие се попаметни и подобро од нас ги разбрале работите, подготвени се подобро од нас да соработуваат и нудат решенија.

И во овие моменти кога г-дине Караџоски ние не сме во состојба да ги решиме овие проблеми.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски повелете, имате право на реплика од три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Искрено не се надевав дека г-динот Шаќири ќе се јави за збор. Пред се, го поздравувам неговиот повик дека општина Липково е стабилна, безбедна, дека треба граѓаните да се враќаат таму, дека нема да имаат проблеми и сето тоа. Меѓутоа, како тие да му веруваат на г. Шаќири, како да му веруваат на човекот кој од пратеник влезе во војна, кој не поздравуваше со пушка во рака, човек кој сега од волк се прави јагне, мислам со зборови, вербално? Дали ќудтта ќе ја трансформира? Како луѓето ќе му веруваат на г. Шаќири дека треба слободно и омжат да се вратат во Матејче, не ми е јасно. Мислам дека треба многу повеќе да направи одколку само со вербални говори во Парламентот на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Шаќири, имате една минута.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Г-дине Коце Трајановски ќе ви кажам со полно убедување, бидејќи ова е мој долг кој навноста, целата јавност во Македонија дека моите ставови остануваат до крај, дека и за тој случај во случајот на конфликтот јас сум многу почесен од сите други. Со самиот факт дека таму ниту еден припадник на македонската заедница не е малтретиран, туку имало третирање до крајот, таму каде што сме можеле да контролираме. Меѓутоа, некој што не се страми од тоа што направил во таа зона, со каков воен арсенал гаѓал, дење и ноќе, стари, жени и деца без воопшто да ги штеди, јас би се засрамил кога би го направил истото кон македонското население.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега г-дине Коце Трајановски имате 10 минути, дали ви се доволни или да прекинеме овде?

Ќе сбидете?

Добро, повелете тогаш, обидете се.

Збор има пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сега ќе почнам, а ќе продолжам утре.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте, бидејќи сега ви тече времето.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Денес на дневен ред ја имаме информацијата за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и од Арачиново.

Многу од другите колегии кажаа зошто не и за другите региони. Јас не сакам да повторувам, меѓутоа сакам да потенцирам дека и во другите региони сеуште има внатрешно раселени лица. Значи можам да констатирам дека, за жал, и после три години од воениот конфликт во Република Македонија сеуште зборуваме за внатрешно раселени лица во овие два региони и во другите региони во Република Македонија. Тоа е еден од најголемите проблеми во нашата држава и тоа од повеќе аспекти. Од безбедносен, од етнички, од социјален, од демократски, од човекови права, од слобода на движење и на крајот од аспект на нашиот интегративен процес во ЕУ и НАТО.

Ако една држава како што е Република Македонија и по три години не може да го реши ова прашање, тогаш актуелната Влада има сериозен проблем кој сериозно влијае на функционирање на државата. Оваа Влада веќе две години го игнорира проблемот на раселените лица, не презема скоро ништо  за враќање на овие раселени лица во своите домови. Да ве потсетам дека на 15-ти септември 2002 година беше токму едно од клучните ветувања во предизборната кампања.

Се настана во 2001 година со војната која ја предизвика тогашната ОНА. Од тоа се потпиша Рамковниот договор во кој во Анексот - Ц, кој значи имплементација и мерки за враќање на довербата, под точка 3, стои враќање на бегалците, ревитализација и обнова. Точка 3-1, вели “сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците и на раселените лица во нивните домови во што е можно покус временски период”. Поминаа три години. Изгледа тие три години не се кус

период, меѓутоа, сепак нивниот проблем не е решен. Значи, овој дел од Рамкмовниот договор, очигледно не е исполнет. Се работи за раселени лица кои се од неалбанско етничко потекло, а секогаш кога зборуваме за Рамковниот договор, секогаш кога некој пратеник од албанската заедница ќе излезе тука, ниту еднаш не го спомнува проблемот на раселените лица, туку секогаш зборуваме за остварувањето на Рамковниот договор, оние други делови што сметаат тие дека нивните права не се исполнети согласно тој договор, а сметам дека тоа е едно од клучните прашања. Ако една држава сеуште има внатрешно раселени лица, таа има сериозен проблем во нејзиното функционирање.

Гледајќи дека Владата не го решава нивниот проблем, внатрешно раселените лица се обратија директно до постојаната анкетна комисија на Собранието на Република Македонија и Комисијата со овој Извештај и со овие заклучоци што сега ги предложи до Собранието на Република Македонија, сметам дека добро ја заврши работата. Значи, направи средба со меѓународните организации, направи средба со здружението “Зора” и посета на Арачиново, направи посета на Липковскиот регион и ги разгледа овие сеуште кризни региони и врз основа на тоа ни го подготви овој Извештај и ни ги даде заклучоците.

Читајќи го извештајот или извештаите од одделните средби и крајниот извештај на Комисијата и заклучоците, сметам дека Комисијата релативно добро ја има завршено својата работа, иако, мислам доколку Владата ја завршеше работата немаше да има потреба Постојната анкетна комисија на Собранието на Република Македонија, да прави вакви извештаи и вакви заклучоци.

Јас имав средби со раселените лица и од Липковскиот регион, значи и од Матејче и од Арачиново и многу почесто до 2002 година, многу помалку од 2002 година, и наваму, со оглед на тоа што сме опозиција, сметам дека власта и позиционите партии би требало да имаат поголеми контакти со оглед на нивната блискост и поддршка на актуелната Влада на Република Македонија и со тоа и можноста за побрзо и пореално решавање на нивните проблеми. Уште тогаш ние рековме, а и сите раселени тоа го констатираа дека главна причина за нивното невраќање во своите домови е безбедноста. Сметам дека и ден денес тој услов не е исполнет, т.е. сеуште безбедноста е еден од клучните проблеми поради кое внатрешно раселените лица не се враќаат во своите домови, иако во извештајот се вели дека безбедносната состојба е подобрена. Меѓутоа, не е толку подобрена за да можат овие внатрешно раселени лица со сигурност и безбедност да се вратат во

своите домови. Доколку се тие сигурниу во безбедносната состојба, тогаш проблемите со разрушените куќи опрема и слично, сметам дека е помал проблем отколку што е проблемот со безбедноста. И тоа е проблем, меѓутоа, сметам дека тој многу полесно ќе се надмине доколку безбедноста е сигурна и доколку тие бидат сигурни за себе, за своите животи и животите на своите семејства.

Дека проблемот не е така едноставен, ние уште во 2002 година предлагавме на внатрешно раселените лица да им се изградат домови, времени живеалишта во кои ќе можат да имаат барем нормални услови за живеење, за разлика од прифатните центри во кои тогаш беа сместени и сеуште се сместени. Во извештајот се дадени условите во кои живеат тие раселени лица. Сметам дека од 2001 година па наваму само делимично се поправени, меѓутоа сеуште тие живеат во катастрофални услови. Значи, ние тогаш предлагавме во околината на Скопје, во Хиподром да се направат времени живеалишта, од Владата имаше одлука за префрлање на околу 350 иљјади евра за да може тој комплекс да се направи, меѓутоа, со доаѓањето на новата власт, не се најде тука решение, не се најде разбирање, и затоа внатрешно раселените лица сеуште живеат во домовите во кои беа сместени 2001 година. И не само тоа, скоро 90% од нив размислуваат за правење на живеалишта во другите делови надвор од Арачиново, во соседните села како што се Илинден, Трубарево, Скопско Поле, Кадино, Марино, а и често споменуваната Цвета Николовска и таа мислам има направено куќа во Марино, така што со тоа што со неа се манипулира дека таа живее во Арачиново, или ќе живее поради сигурноста, сметам дека не е точно, врз основа на извештаите на здружението “Зора”.

И после конфликтот и понатаму се продолжува со палењето на куќите на македонците. Кажа г-динот Жарко Караџоски последна куќа кога е запалена. Починати се повеќе од 17 луѓе и погребани се сите надвор од Арачиново. Исто така се спомна како загина Ацо Стојановски, на 10.02.2002 година. Значи сето тоа зборува за непожелната безбедносна состојба која внатрешно раселените лица не се враќаат во Арачиново и во Липковскиот регион.

Тука исто така би го спомнал и случајот во полициската станица во Арачиново кога беа киднапирани полицајците, кога беа малтретирани новинарите. Мешаните полициски сили исто така сметам дека не ја исполнуваат обврската, така како што треба. Значи сето тоа придонесува внатрешно раселените лица кои живеат надвор од своите домови, поради безбедносни причини, поради стравот за своите животи и

за животите на своите семејства, тие не се враќаат во своите домови. Значи, власта особено ДУИ, како предизвикувач на војната и сега учесник во власта, мислам дека треба да има една главна цел, а тоа е да создаде услови овие места каде пред војната во 2001 година,  пред нивното вмешување во таа војна каде што имаше соживот, каков таков имаше соживот да работат, од аспект на власта од аспект на тоа што се тие и министри, и амбасадори и директори на јавни претпријатија, да работат на создавање клима кај месното население особено кај месното албанско население, за да може неалбанското население да има иста доверба за живот како што имала пред 2001 година. Тоа сметам дека треба да им биде главниот кредит за тоа што се во власта во Република Македонија од 2002 па наваму.

Што се однесува до здружението “Зора” јас сметам дека немаме право да ги обвинуваме тие луѓе, за момент треба да се ставиме во нивна положба, како ние би се чувствувале доколку сме ние внатрешно раселени лица, и живееме во прифатните центри. Јас контактирав со нив и можам да кажам дека тие се борат со сите демократски средства и тоа дури и премногу мирно за да ги зачуваат своите семејства и да можат да го повратат имотот. Затоа, тие не се занимаваат со никаква политика ниту бараат станови, како што беше вулгарно кажано тука, некаде во Центарот на градот Скопје или во градските делови ниту сакаат да живеат на товар на државата. Тие едноставно сакаат да се вратат во своите домови, меѓутоа да се вратат безбедни со безбедност на нивното семејство на нивните животи, затоа сметам дека воопшто не држат обвинувањата, дека се тие од политички аспект, дека бараат незнам што, се со цел за да не се вратат таму, во домовите во ко и живееле нивните претци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трајановски.

Тука ја прекинуваме седницата и продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,оо часот)